# ИСТОРИЈА

## I

за прва година
гимназиско
образование

УЧЕБНИК



АЛБИ

# ИСТОРИЈА I

учебник за прва година
гимназико образование

Проф. д-р Никола Минов

АЛБИ
Скопје 2026
(второ издание)

**ИСТОРИЈА I учебник за прва година гимназиско образование**

**Издавач:**
Друштво за издавачка дејност, производство, промет и услуги АЛБИ ДОО Скопје

**Уредник:**
Елена Стефановска

**Автори:**
Проф. д-р Никола Минов

**Јазичен лектор:**
Евгенија Стојанова

**Ликовно и графичко обликување:**
Паблик дипломаси Скопје

**Печати:**
Бранко Гапо – графичко производство, Скопје 2026

**Тираж:**
50

Сите права се задржани. Ниту еден дел од оваа книга не смее да биде препечатуван или пренесуван во каква било форма или со какви било средства, електронски или механички, вклучувајќи и фотокопирање, документирање или да биде зачуван во систем за повторно пронаоѓање без писмена согласност од издавачот.

Овој учебник е одобрен за употреба во средно гимназиско образование, со Одлука за одобрување и употреба на учебник по наставниот предмет **Историја за I година гимназиско образование**, број 26-923/1 од 25.08.2025 година, Министерство за образование и наука на Република Северна Македонија.

---

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

93/94(075.3)

МИНОВ, Никола
Историја I : учебник за прва година гимназиско образование / Никола Минов. - (2. изд.). - Скопје : Алби, 2026. - 198 стр. : илустр. ; 27 см

Библиографија: стр. 196-198

ISBN 978-608-241-090-6

COBISS.MK-ID 69263621

# ПРЕДГОВОР

Овој учебник има за цел да им овозможи на учениците да ги разберат клучните процеси и настани што оставиле длабоки траги во развојот на човештвото. При неговата изработка се водевме од потребата материјалот да биде разбирлив и современ, а содржините да ја прикажат историјата на светот во сета нејзина сложеност.

Минатото најчесто се изучува по строг хронолошки ред – од најстарите цивилизации, преку средниот и новиот век, сѐ до современиот свет. Меѓутоа, историјата е сложена и понекогаш се спротивставува на едноставно подредување. Токму од оваа причина, во овој учебник ги споивме хронолошкото и тематското следење на развојот на човештвото, за да покажеме на кој начин процесите се надоврзувале и влијаеле едни врз други. Овој пристап овозможува подлабоко разбирање на историскиот контекст и ни открива врски и сличности меѓу општествата што на прв поглед се чинат различни и неповрзани.

Учебникот е подготвен во согласност со содржините, целите и резултатите од учењето предвидени во наставната програма по историја за прва година гимназиско образование, усвоена од Министерството за образование и наука. Притоа, доследно се придржувавме до предвидениот редослед на темите и содржините во програмата.

Содржините се организирани во пет теми. Во темата „Основи на историјата, цивилизациите и државноста" ги разгледуваме условите што довеле до појава на првите цивилизации и создавањето развиени општества. Се обработуваат урбаната револуција, државните уредувања, секојдневниот живот во најраните историски периоди, како и развојот на најзначајните градови-држави, републики и големи империи во антиката. Посебен акцент е ставен на влијанието на овие појави врз понатамошниот развој на човештвото.

Темата „Религија, идеи и моќ" се фокусира на улогата на верувањата и идеологиите во оформувањето на општествата и државните уредувања. Во оваа целина се обработуваат појавата и ширењето на светските религии и влијанието на црковните институции и духовните учења врз политичкиот и културниот развој на средновековните општества. Се следи развојот на хуманизмот, ренесансата, реформацијата и просветителството како движења што го промениле европскиот светоглед во средниот и новиот век.

Темата „Поврзување на светот низ историјата" објаснува како трговијата, миграциите и технолошките откритија довеле до интензивни контакти меѓу различни региони и култури. Меѓу другото, опфатени се големите географски откритија, индустриската револуција и процесите што ја поставиле основата на глобализацијата.

Темата „Војни, конфликти и борби за слобода" се занимава со најзначајните воени судири и општествени превирања од новиот и најновиот век. Се анализираат револуциите, националните движења, колонијализмот, двете светски војни и нивните последици. Посебен акцент е ставен на улогата на идеологиите, технологијата и мировните напори во современата историја.

Последната тема, „Историјата и современиот свет" го поврзува историското знаење со предизвиците на денешницата. Се истражува како медиумите, популарната култура и колективното паметење го обликуваат разбирањето на минатото. Целта е учениците да развијат критичко мислење и поголема свесност за влијанието на историјата врз сопствениот идентитет и општеството во кое живеат.

Лекциите се збогатени со илустрации, карти, прашања и задачи кои поттикнуваат истражување и размислување.

Се надеваме дека учебникот ќе ги охрабри младите да поставуваат прашања, да развиваат љубопитност и критички да пристапуваат кон историските процеси.

# СОДРЖИНА

**ПРЕДГОВОР** 3

**ВОВЕД ВО ИСТОРИЈАТА** 6

**ТЕМА 1: ОСНОВИ НА ИСТОРИЈАТА, ЦИВИЛИЗАЦИИТЕ И ДРЖАВНОСТА** 10

Почетоците на цивилизацијата 12
Урбаната револуција и животот во првите држави 16
Стара Грција: демократијата во Атина и военото општество во Спарта 20
Римската Република 24
Империите во антиката 29
**АКТИВНОСТ:** Античките општества 33

**ТЕМА 2: РЕЛИГИЈА, ИДЕИ И МОЌ** 34

Верувања и религии низ историјата 36
Источната Римска Империја (Византија) 41
Улогата на христијанската црква во средниот век 46
Исламот и империите на Истокот 50
Феудализмот и монархиите во Европа во средниот век 55
Хуманизмот и ренесансата 60
Реформацијата и противреформацијата 65
Науката и новиот поглед на светот 69
Империите во новиот век 73
Апсолутизмот и просветителството 78
Американската војна за независност: идеи и создавање нова држава 82
Француската револуција 86
**АКТИВНОСТ:** Идеите што го менуваа светот 91

**ТЕМА 3: ПОВРЗУВАЊЕ НА СВЕТОТ НИЗ ИСТОРИЈАТА** 92
Индоевропските миграции и Големата преселба на народите 94
Поврзување на Евроазија во стариот и средниот век 99
Големите географски откритија и колонизацијата на Новиот Свет 103
Индустриската револуција и технолошките иновации 107
Миграциите и глобализацијата од XIX век до дигиталната ера 111
**АКТИВНОСТ:** Средба меѓу два света 115

**ТЕМА 4: ВОЈНИ, КОНФЛИКТИ И БОРБИ ЗА СЛОБОДА** 116
Наполеоновите војни и новиот поредок во Европа 118
Револуции и војни во XIX век 123
Националноослободителните движења на Балканот во XIX век 127
Колонијализмот во Америка, Африка и Азија 131
Првата светска војна 136
Револуциите во Русија и комунизмот 141
Светот меѓу двете светски војни 146
Втората светска војна 151
Студената војна 157
Деколонизацијата и борбите за независност во XX век 162
Падот на комунизмот и новите демократии во Европа 166
**АКТИВНОСТ:** Холокаустот 171

**ТЕМА 5: ИСТОРИЈАТА И СОВРЕМЕНИОТ СВЕТ** 172
Историјата, медиумите и јавните дебати 174
Историјата во популарната култура 178
Жените во историјата и во современиот свет 182
Историјата и идентитетот 186
Историското паметење во дигитална ера 190
**АКТИВНОСТ:** Младите и историјата 195

**БИБЛИОГРАФИЈА** 196

# Вовед во историјата

Во животот често се прашуваме зошто се случува нешто и какви последици ќе произлезат од него. Слични прашања поставува и историјата, но ги насочува кон минатото. Таа е наука што го проучува развојот на човечките општества низ времето, ги следи нивните обиди да опстанат, да воспостават поредок и да создадат подобри услови за живот. Од првите луѓе и нивните алатки, па сè до современите држави и технологии, историјата настојува да објасни како се менувале луѓето и општествата и на кој начин го обликувале светот околу себе.

## Историјата како наука

Зборот историја потекнува од старогрчкиот збор ἱστορία (istoria), кој значел истражување, односно знаење стекнато преку испитување и набљудување. Подоцна, преку латинскиот historia, зборот се проширил во другите европски јазици, со значења поврзани со раскажување и проучување на минатото.

Во секојдневниот говор честопати се мешаат поимите **историја** и **историографија**, но меѓу нив постои јасна разлика. Историјата се однесува на самото минато – на сè што навистина се случило. Историографијата, пак, претставува обид тоа минато да се истражи, разбере и претстави. Таа значи пишување за минатото според научни методи. Историографијата е создадена од историчарите и зависи од нивниот пристап, од времето во кое живеат и од културниот контекст во кој работат.

Историјата не е само низа од факти. Таа се стреми да воспостави врска меѓу настаните, да ги открие причините и последиците и да објасни зошто нешто се случило токму на тој начин. За да го постигнат тоа, историчарите применуваат различни методи и се потпираат на разновидни извори, со цел подобро да го разберат минатото и да покажат зошто тоа сè уште е важно и во нашето време.

Времето и просторот се основни поими во историјата. Секој настан се одвива во одреден момент и на определено место. Со помош на хронологијата, настаните се подредуваат по редослед, за полесно да се разбере што се случило порано, а што подоцна. Но времето не треба да се сфаќа само како датум или година. Секогаш е важно да се согледа поширокиот контекст: какви биле условите, кој бил на власт, и какви идеи и верувања преовладувале во тоа време.


Херодот – таткото на историјата

Просторот се однесува на местото каде што нешто се случило, без разлика дали станува збор за село, град, област или држава. Тој ни помага подобро да ја разбереме средината во која се одвивале настаните, што често е од суштинско значење за да се толкуваат нивните причини и последици.

Значајна улога има и **временската дистанца**, односно растојанието меѓу времето кога се одиграл некој настан и моментот кога го проучуваме. Колку подалеку е настанот во минатото, толку потешко е да се утврди што се случило. Но, од друга страна, со историска дистанца полесно се согледуваат последиците и вистинското значење на тој настан или процес.

Историчарите го делат минатото на посебни историски периоди. Оваа поделба се нарекува **периодизација**. Таа овозможува полесно проучување на минатото, бидејќи ги групира

случувањата во целини со слични карактеристики.



Мапа на светот од 1689 година

Праисторијата го опфаќа периодот пред појавата на пишаните извори, од најраните луѓе до околу 3000 година пред нашата ера (п.н.е.). Потоа следува стариот век, кој трае до 476 година од нашата ера, кога пропаднало Западното Римско Царство. Средниот век започнува во 476 година, но неговиот крај различни историчари го определуваат различно. Некои сметаат дека завршува во 1492 година, со откривањето на Америка, додека други го продолжуваат сè до средината на XVII век. Периодот што следи се нарекува нов век и завршува со почетокот на Првата светска војна во 1914 година. Од тогаш до денес се говори за најнов век. Иако овие граници не се секогаш строго определени, тие ѝ помагаат на историската наука полесно да го организира минатото и да го објасни развојот на човечките општества низ времето.

## Како го проучуваме минатото?



Клио, муза на историјата – масло на платно

За разлика од природните науки, кои можат да изведуваат експерименти и повторно да ја набљудуваат истата појава, историчарот не може да се врати назад во минатото и непосредно да види што точно се случило. Наместо тоа, историјата се проучува преку различни видови историски извори.

Постојат неколку главни видови: материјални, пишани, усни и аудиовизуелни извори. Материјалните извори опфаќаат предмети како алатки, накит, монети, оружје и градби. Нивното проучување е тесно поврзано со археологијата. Преку ископувања, археолозите откриваат остатоци од древни населби, предмети и објекти. Врз основа на тие наоди, историчарите го реконструираат животот во минатото, особено за периодите кога сè уште не постоеле пишани извори.

Пишаните извори опфаќаат документи како закони, писма, хроники и летописи. Тие даваат подетални информации за настаните, но понекогаш се пристрасни, нецелосни или тешки за толкување. Усните извори претставуваат сведоштва и преданија што се пренесувале од поколение

на поколение. Иако понекогаш се тешко проверливи, тие можат да понудат важни сознанија, особено за животот на обичните луѓе и за локалната историја. Во поновото минато, сè поголемо значење добиваат и аудиовизуелните извори, како фотографии, видеа и снимени интервјуа.



Археолошки ископувања

Историските извори може да се поделат на примарни и секундарни. Примарни се оние што настанале во времето кога се случил самиот настан, а секундарните се создадени подоцна врз основа на постари податоци. Историчарот мора да умее да ги разликува, внимателно да ги анализира и да процени колку се веродостојни. Само со критички пристап и внимателно користење на различните извори, може да се изгради појасна и попрецизна слика за минатото.

Историчарите не се задоволуваат со просто набројување на настаните. Тие поставуваат прашања: што, кога, каде, како и зошто се случило? Преку овие прашања се утврдуваат фактите, односно она што навистина се случило, и се гради толкување – обид да се објасни значењето на случувањата. Историчарот настојува да ја разбере логиката и начинот на размислување на луѓето од минатото, да открие кои биле нивните цели и како реагирале на промените околу себе. Различни историчари може да ги толкуваат истите случувања на поинаков начин. Овие разлики зависат од пристапот, методите и времето во кое се пишува историјата. Токму затоа е важно толкувањата да се анализираат критички, а не да се прифаќаат како апсолутна вистина.

Контекстот е многу важен за историското толкување. Секој настан се случува во одредени политички, социјални, културни и економски околности кои влијаат врз тоа како ќе се одвива и како ќе биде разбран. Без да се земе предвид контекстот, тешко е да се разбере зошто се случил некој настан и какво било неговото значење за луѓето од тоа време.

Истражувањето на историјата почнува со собирање и избор на извори. Потоа тие се анализираат, се споредуваат и се проверува нивната точност. Кога неколку независни извори потврдуваат иста информација, се смета дека таа е поверодостојна.

## Прашања за дискусија: ?

Некои реченици што ги читаме во историските текстови звучат како факти, но се всушност толкувања. Во парови или групи, одлучете за секое тврдење дали е факт или толкување и објаснете зошто.

– Кристофер Колумбо открил нов континент во 1492 година.

– Нацистичка Германија ја нападнала Полска на 1 септември 1939 година.

– Османлиите го освоиле Константинопол во 1453 година.

– Средниот век бил најмрачниот период во историјата на Европа.

– Може ли ист настан да се прикаже и како факт и како толкување?

– Дали сите толкувања се еднакво вредни и точни?

Ако изворите содржат спротивставени податоци, историчарот мора критички да ги проучи и да процени која верзија е најверојатна. Завршниот чекор е создавање **нарација**, односно поврзано и логично раскажување на минатото, кое не е само приказна, туку и толкување на случувањата, објаснување на причините и последиците, како и оцена на нивното значење.

При пишување историја неопходно е да се избегне пристрасност. Постои ризик историчарот однапред да има формирано став и свесно или несвесно да бара извори што само го потврдуваат неговото мислење. Таквиот пристап создава искривена слика за минатото. Затоа, историчарот треба да биде критичен, внимателен и свесен за сопствените претпоставки.

Подеднакво важно е да се избегне **анахронизмот**, односно внесување современи вредности, идеи или поими во историски периоди каде што тие не припаѓаат. На пример, ако се зборува за демократија во време на праисторијата, тоа претставува анахронизам. Луѓето во минатото размислувале поинаку, имале различни верувања и гледишта, и тие треба да се разберат во контекстот на времето во кое живееле.

Во историското пишување често се појавуваат **стереотипи** – поедноставени и понекогаш неточни претстави за поединци, народи или историски периоди. Историчарите треба внимателно да ги препознаваат овие стереотипи, бидејќи можат да водат до погрешни заклучоци и искривена слика за минатото.

Историјата има важна улога во градењето на идентитетот. Човекот се раѓа во одредено општество, зборува јазик, наследува вредности и обичаи. За да се разбере себеси, треба да го познава минатото на народот и заедницата во која живее.



Стар ракопис

Историјата е и алатка за одговорно градење на иднината. Познавањето на минатите грешки помага тие да не се повторат. Војните се изучуваат не за да се слават, туку за да се разбере до каде води насилството и колку е висока цената на изгубениот човечки живот. Врз основа на тоа разбирање, стануваме посвесни за вредноста на мирот, правдата и еднаквоста.

Историјата не е само наука. Таа е и сеќавање и одговорност. Бара трпеливо слушање на гласовите од минатото, дури и кога зборуваат за болни и непријатни теми. Бара чесност – да се прифатат и добрите и лошите страни, и храброст – да се поставуваат прашања што понекогаш немаат лесни одговори. Токму во тоа е нејзината вредност: ни помага подобро да се разбереме себеси, нашите предци и општеството што го градиме.

Во тоа е и суштината на старата латинска максима: *Historia est magistra vitae* – Историјата е учителка на животот.

**Провери го наученото**

1. Што претставува историјата, а што историографијата?
2. Кои се главните видови историски извори?
3. Каква е разликата меѓу факти и толкувања во историското пишување?

# ОСНОВИ НА ИСТОРИЈАТА, ЦИВИЛИЗАЦИИТЕ И ДРЖАВНОСТА

## Вовед во темата:

Историјата покажува дека човештвото поминало долг пат од малите заедници на ловци и собирачи на плодови до формирање сложени општества и цивилизации. Во оваа тема ќе се запознаеме со првите цивилизации што се појавиле покрај речните долини, но и со развојот на градовите и државите во антиката. Ќе научиме како и зошто луѓето почнале да живеат организирано, да градат градови и да воспоставуваат различни облици на власт. Ќе откриеме како изгледале општествата на Сумерците, Египќаните, Грците, Римјаните и други антички народи, кои биле нивните најзначајни достигнувања и како тие влијаеле врз понатамошниот развој на човечкото општество.

### Содржини:

- Почетоците на цивилизацијата
- Урбаната револуција и животот во првите држави
- Стара Грција: демократијата во Атина и военото општество во Спарта
- Римската република
- Империите во антиката
- Активност: Античките општества

## На крајот од темата ќе можеш:

- Да ја објаснуваш поврзаноста меѓу минатото и сегашноста и да ја истакнуваш корисdefinition од проучување на историјата.
- Да го објаснуваш начинот на кој историјата го проучува минатото.
- Описно да го реконструираш секојдневниот живот на луѓето во праисторијата и древните цивилизации.
- Да го опишуваш животот и развојот на првите човечки заедници и создавањето на првите држави.
- Да ги идентификуваш општествените, економските и културните карактеристики на древните цивилизации.
- Да го разбираш значењето на континуитетот на цивилизациите за развојот на човештвото.
- Да ја објаснуваш улогата на урбаната револуција во развојот на првите градови.
- Да ги анализираш основните карактеристики на државните уредувања: монархија и република.
- Да ги објаснуваш и поврзуваш причините и последиците за распадот на древните цивилизации.
- Да го вреднуваш значењето на демократијата во функционирањето на античките и современите општества.
- Да ја вреднуваш важноста на историјата во однос на разбирањето на сегашноста и прилагодувањето на иднината.
- Да развиваш свест и почит за значењето на културното наследство на древните цивилизации во развојот на современиот свет.

# Почетоците на цивилизацијата

## Појава и развој на првите цивилизации

Во текот на палеолитот, луѓето живееле како ловци на диви животни и собирачи на плодови. Постојано се движеле во потрага по храна и биле тесно поврзани со природата. Меѓутоа, околу 10.000 години п.н.е. почнала постепена, но длабока промена – неолитската револуција. Наместо да зависат од случајните дарови на природата, некои заедници почнале да одгледуваат растенија и да припитомуваат животни. Тоа довело до постојано населување, развој на земјоделството и зголемување на населението.



Неолитска жена – реконструкција

Со текот на времето, овие заедници станувале сѐ посложени. Се развиле трајни населби, занаети, размена на производи, општествени слоеви и организирана власт. Така се формирале првите цивилизации – општества што имале писмо, јасни правила и способност да одржуваат ред и поредок во поголеми заедници.

Цивилизациите не се развиле насекаде, ниту во исто време. Најстарите се појавиле во плодните речни долини, каде што условите за живот биле најповолни. Месопотамија се развила меѓу реките Тигар и Еуфрат, Египет долж Нил, индиската цивилизација покрај реката Инд, а кинеската во долината на Жолта Река. Реките овозможувале постојан доток на вода, плодна почва и можности за земјоделство. Со текот на времето, луѓето научиле да ја контролираат водата преку изградба на иригациони системи – канали и насипи што ја насочувале и распределувале водата по нивните полиња. Така можеле да ја наводнуваат земјата дури и кога немало природни поплави.



Иригациони системи – илустрација

Контролата врз водата станала основа за опстанок и прв израз на организирана заедница. Нејзината распределба, заштитата од поплави и складирањето вишоци храна барале постојана соработка, поделба на одговорности и воспоставување на правила. Токму тие потреби довеле до појава на првите облици на власт и општествена хиерархија.

Првите цивилизации никнале во различни делови од светот. Иако некои од нив не биле во контакт и ги делеле илјадници километри, заедниците што ги создале се соочувале со

**Прашања за дискусија:**

Од најстарите времиња, луѓето граделе населби покрај големи реки. Причината била едноставна: водата од реките им овозможувала да ја наводнуваат земјата, да ловат риба, лесен превоз и можност за трговија. Така, реките станале срцето на раните цивилизации.

– **Мислиш ли дека во минатото воопшто било можно да се изгради цивилизација без река? Зошто?**

– **Дали реките сè уште го имаат истото значење како во минатото?**

слични прашања: како да обезбедат храна, да внесат ред во секојдневието и да го направат животот посигурен. Всушност, и без да знаат една за друга, многу цивилизации стигнале до слични решенија. Воспоставиле власт, создале писмо, утврдиле заеднички правила и изградиле верувања што му давале смисла на светот. Тоа зборува за човечката способност, во различни краишта и без туѓо влијание, да организира заеднички живот во кој постои ред, разбирање и заеднички вредности.

## Карактеристики и значење на првите цивилизации

Раните цивилизации споделувале неколку **заеднички обележја**, без разлика каде се појавиле. Прво, создале стабилни услови за живот, дури и кога се менувале природните и климатските услови. Второ, нивното општество било хиерархиски организирано, со јасна поделба на улоги, обврски и привилегии. Трето, постоела организирана власт што воспоставувала ред, собирала даноци и се грижела за одбраната. Четврто, постоела општествена елита што создавала и пренесувала култура, одржувала верски обреди и ја негувала писменоста. Конечно, цивилизациите се одликувале со монументална архитектура и развиена инфраструктура во своите главни населби.

**Писмото** е еден од главните белези на цивилизацијата. Благодарејќи на него, луѓето можеле да водат евиденција, да пренесуваат знаење, да собираат даноци и да ја организираат трговијата. Во Месопотамија, кон крајот на IV милениум, се развило клинестото писмо, во кое знаците се врежувале со дрвено стапче или трска во влажни глинени плочки. Во Египет, приближно во исто време, се појавиле хиероглифите – сликовни и симболички знаци што претставувале луѓе, предмети, поими и звуци. Подоцна, околу XI век п.н.е., феникиските трговци развиле практично и широко прифатено фонетско писмо, составено од знаци за поединечни гласови, кое станало основа за многу понови азбуки, меѓу кои грчката, латиницата и кирилицата.



Хиероглифи

Писмата се разликуваат според начинот на кој го претставуваат значењето. **Пиктографското писмо** користи знаци што прикажуваат конкретни предмети. **Идеограмското писмо** се состои од знаци што означуваат поими или идеи, во кои

еден знак може да значи и „сонце“, и „светлина“ и „моќ“. **Фонетското писмо**, пак, користи знаци за поединечни гласови, како денешните букви.

Во најстарите цивилизации, писменоста не била достапна за сите. Само мал број деца, главно синови на богатите семејства или на државни службеници, учеле во писарски школи. Таму, учениците со години вежбале да пишуваат на глинени плочки или на папирус.



Феникиски натпис од Библос – пример на фонетско писмо

Цивилизациите се разликувале по начинот на уредување, но речиси сите имале некаков облик на **општествена хиерархија**. На врвот биле владетелите, кои често се сметале за пратеници на боговите или за полубожества. Под нив се наоѓале свештениците, високите државни службеници и влијателните воени заповедници. Третиот слој најчесто го сочинувале занаетчиите, трговците и земјоделците, чии права и услови за живот можеле многу да се разликуваат од едно општество до друго. Најниско место обично имале робовите, но нивната положба била различна – многумина немале никакви права, додека други поседувале земја или управувале со имот. Во одредени цивилизации, како Асирија или Персија, постоеле поголеми можности за напредување преку стекнување богатство или служба во војската. Иако многумина ја задржувале положбата што ја имале по раѓање, општествената мобилност сепак била можна и зависела од локалните закони и традиции.

Еден од препознатливите симболи на првите цивилизации биле **монументалните градби**, како храмовите, гробниците и светилиштата. Во Египет, во времето на Старото Кралство, пирамидите ја претставувале божествената моќ на фараоните и силната вера во задгробниот живот. Египќаните сметале дека животот продолжува и по смртта, па затоа развиле посебни техники за зачувување на телото. Починатите биле балсамирани и претворени во мумии, а нивните тела внимателно се положувале во гробници. Со нив се оставале храна, накит и разни предмети, за да имаат сè што им е потребно и по смртта. Во Месопотамија највпечатливи биле зигуратите – големи скалести градби од тули што биле дел од верските комплекси.

Најстарите цивилизации не се важни само затоа што биле први. Тие оставиле трајно наследство што и денес претставува темел на нашето општество: писмото, државната организација и законите. Еден од најпознатите примери за рано законодавство е **Законикот на Хамураби**. Составен во XVIII век п.н.е. во Бабилон, тој содржел околу 280 прописи што уредувале имотни прашања,

**Истражувај:**

Во 1922 година, британскиот археолог Хауард Картер открил речиси недопрена гробница во Долината на кралевите во Египет. Припаѓала на младиот фараон Тутанкамон, кој владеел во 14 век п.н.е. Откритието привлекло огромно внимание, бидејќи во гробницата биле пронајдени илјадници предмети.

– **Какви богатства биле откриени во гробницата на Тутанкамон и што ни откриваат тие за верувањата, стравовите и вредностите на древните Египќани?**

– **Побарај информации за други познати гробници што се откриени во Египет. Што било пронајдено во нив?**



Панорама на пирамидите во Гиза

семејни односи и казни за различни престапи. Иако од денешна перспектива многу од правилата изгледаат престрого, Законикот покажува дека воспоставувањето ред и јасно дефинирани прописи било еден од темелите на државното уредување и во најстарите цивилизации.

**Изворите зборуваат:**

**Член 2**

„Ако некој обвини друг за магија, но не успее да го докаже обвинувањето, обвинетиот ќе оди до Реката и ќе се фрли во неа. Ако Реката го совлада, неговиот обвинител ќе го добие неговиот имот. Ако пак Реката покаже дека е невин и тој излезе жив, тогаш оној што го обвинил за магија ќе биде погубен, а обвинетиот ќе го добие имотот на својот обвинител."

**Член 25**

„Ако избувне пожар во куќата на некој човек, и човекот што дошол да го изгасне фрли око на покуќнината на сопственикот и ја земе, тој човек ќе биде фрлен во истиот тој оган"

Законикот на Хамураби (ehammurabi.org)

**Провери го наученото**

1. Зошто речните долини биле погодни места за појава на првите цивилизации?
2. Кои видови писма се развиле во Месопотамија, Египет и Феникија?
3. Како изгледал системот на општествена хиерархија во првите цивилизации?
4. Какви монументални градби се граделе во Месопотамија и Египет?

# Урбаната револуција и животот во првите држави

## Појава и развој на првите градови

Откако луѓето почнале трајно да се населуваат и самостојно да ја произведуваат храната, некои населби доживеале значителен раст и развој. Благодарејќи на сѐ поразгранетиот систем за наводнување и одводнување, земјоделството и сточарството почнале да даваат вишоци од производи. Токму вишокот на храна овозможил дел од жителите, кои дотогаш се занимавале исклучиво со земјоделство, да се посветат на занаети, трговија и вршење јавни должности. Така, пред околу 5500-6000 години, се појавиле првите градови. Овој голем пресврт во начинот на живеење се нарекува урбана револуција.

На почетокот, градовите и не се разликувале премногу од селата по својата големина или бројноста на населението. Она што навистина ги раздвојувало било тоа што, за разлика од селата, каде речиси сите жители се занимавале со производство на храна, во градовите се развиле многу различни професии и имало специјализација на трудот.

Во секој град живееле луѓе со различни улоги. Владетелот и неговите најблиски соработници ја имале највисоката политичка и воена власт и се грижеле за редот и безбедноста. Свештениците имале голема моќ, бидејќи го воделе верскиот живот и биле сметани за посредници меѓу народот и боговите. Особено почитувани биле писарите, кои вршеле административни должности. Ги запишувале законите, трговските договори и светите текстови, ги пресметувале даноците и ја мереле земјата. Занаетчиите се занимавале со производство на керамика, метални предмети, оружје и облека, а трговците воспоставувале контакти со далечни краишта и овозможувале размена на стоки и идеи. Земјоделците продолжувале да ја обработуваат земјата и да обезбедуваат храна, додека најтешките и најнеблагодарни работи ги извршувале робовите.



Градот Урук - реконструкција



Зигуратот во Ур

На тој начин, градот станал средиште на економскиот, политичкиот и духовниот живот. Секој жител имал своја функција во општеството, а целата заедница се одржувала преку заемна зависност. Сепак, социјалната нееднаквост била присутна на сите нивоа. Некои биле привилегирани од раѓање, додека други страдале од сиромаштија.

Најраните урбани центри никнале во близина на големи реки, кои обезбедувале вода, храна и лесна комуникација. Притоа, локациите често биле внимателно избирани и поради можноста за природна заштита и полесна одбрана. Најзначајните рани урбани центри се појавиле во Месопотамија. Градот **Урук**, создаден од Сумерците во јужна Месопотамија, се смета за еден од најстарите градови во историјата на човештвото. Во него имало многубројни административни простории, занаетчиски работилници, магацини и куќи изградени од тула. Во срцето на градот се издигал храм, со монументален зигурат посветен на божицата Инана.

Освен што биле места за живеење, градовите биле и симболи на моќ и напредок, каде што се развивале институциите, култот, писменоста и јавниот живот. За да ја заштитат таа организација и стабилност, биле утврдени со ѕидини и имале развиен одбранбен систем.

Порастот на бројот на жители, развојот на трговијата и поделбата на трудот во првите градови создавале услови за појава на посложени форми на управување.

## Настанок на државата и првите држави

Со растот на населението и засилувањето на врските меѓу различни населби, се јавила потреба од повисоко ниво на власт, што ќе ја надмине локалната организација во рамките на поединечките градови. Така се оформиле првите држави – политички заедници со јасно определена територија, закони и органи на власт.

### Прашања за дискусија:

Со појавата на првите држави и со зголемувањето на социјалната нееднаквост, се проширило и ропството. Робови најчесто станувале заробеници по војна, должници кои не можеле да ги вратат своите долгови или луѓе родени во ропска положба. Наместо да бидат погубени, заробените се користеле како евтина и постојана работна сила. Работеле на полињата, во домаќинствата, на големите градби, како пирамидите, и дури во храмовите. Нивниот труд бил еден од темелите врз кои се издигала државната економија и моќта на елитата. Робовите најчесто немале никакви права. Биле сметани за сопственост. Нивните сопственици можеле да ги продаваат, казнуваат, присилуваат на тешка работа, па дури и да ги убиваат без последици. Иако во ретки случаи некои робови добивале слобода, најголем дел останувале на дното на општеството, целосно зависни од волјата на нивниот господар.

**– Што мислиш, зошто во древните општества било прифатливо некои луѓе да бидат третирани како сопственост?**

**– Дали може да се оправда општество во кое дел од населението нема никакви права? Зошто?**

Постојат неколку објаснувања за настанокот на државата. Според едното, државата настанала како резултат на сила, кога едно племе ќе покорело друго и наметнувало власт. Според друго гледиште, државата се развила преку договор меѓу луѓето кои се здружиле за да создадат поредок што ќе ги штити нивните интереси. Третата теорија ја истакнува економската нееднаквост. Формирањето мала група имотни луѓе наспроти многубројното сиромашно население создало потреба од државна власт што ќе ги уредува односите и ќе спречува судири меѓу општествените слоеви.



Портретна бронзена глава на акадски крал

Првите држави се појавиле таму каде што веќе постоеле урбани центри, особено во плодните речни долини на Стариот Исток. Најпрво во Месопотамија и Египет, а набргу потоа и во Мала Азија и на брегот на Средоземното Море.

Кон крајот на IV милениум првите градови во Месопотамија, заедно со блиската околина, прераснале во еден вид мали држави, секоја со свој владетел кој управувал со државата во име на локалното божество. Приближно во исто време, на бреговите на Нил се развиле двете држави **Горен** и **Долен Египет**. Околу 3200 година п.н.е., Горен Египет ги покорил северните области и ја обединил целата земја. Престолнина на новото кралство станал градот Мемфис. Околу 2350 година п.н.е., кралот на Акадјаните, Саргон, прв ја обединил Месопотамија во една голема држава. Тој потоа дополнително ја проширил државата и наводно владеел со територии од Персискиот залив до Средоземното Море и се прогласил за „крал на четирите страни на светот“.

**Дали знаеш дека...**

Зборот „крал“ потекнува од старословенскиот јазик и е изведен од името на средновековниот владетел Карло Велики. Во првите цивилизации се користеле различни називи за владетелите. Во Сумер се нарекувале ен или лугал, во Египет – фараон, во Акад – шар, а во Индија – раџа. Сите тие ја имале највисоката политичка, воена и религиска власт во државата.

Во овие држави владеел крал кој ја имал највисоката политичка, воена и религиска моќ. Наследувањето обично се вршело по машка линија, но постоеле случаи кога кралевите доаѓале на власт преку државни удари, како што тоа го направил Саргон, или благодарејќи на своите заслуги, што било случај со египетскиот фараон Хоремхеб. За да управува со државата, владетелот се потпирал на советници и свештеници. Институциите собирале даноци, спроведувале закони, одржувале ред и се грижеле за верските обреди. Дел од моќта на државата се засновала на способноста да организира големи јавни проекти како изградба на канали, брани, патишта и храмови. Во некои случаи, како во Месопотамија, државите се менувале, но цивилизацијата опстанувала.

## Секојдневниот живот во првите држави

Во секојдневниот живот на луѓето во првите држави, главна грижа бил опстанокот. Повеќето биле земјоделци или сточари и работеле од утро до мрак за да обезбедат храна за сите во државата. Земјата најчесто била сопственост на храмовите или на кралот, а народот ја обработувал под наем или како дел од своите обврски. Животот во градовите бил поразличен, бидејќи таму живееле и занаетчии, трговци и разни чиновници. Писменоста била ограничена – само писарите и мал дел од елитата знаеле да читаат и пишуваат.

Најпопуларен пијалок било пивото, кое се пиело со долги сламки. Во Урук, работниците некогаш добивале пиво како дел од платата. Виното во Египет се пиело главно од највисоките слоеви и во храмовите. Во Месопотамија виното се увезувало и го пиеле само најбогатите.

Во Месопотамија се хранеле со јачмен, пченица и разни видови риба, а поретко со месо. Во Египет главна храна бил лебот од јачмен или пченица. Јачменот се користел и како плата за слободните граѓани.

Религијата играла значајна улога, не само како духовна потреба, туку и како средство за обединување и одржување на поредокот. Населението учествувало во свечености, принесувало жртви и се молело за заштита, дожд, плодност и мир. Во некои држави, како Асирија или Хетитското кралство, учеството во војска било важен начин за стекнување статус или добивање земја.

Иако секојдневието било исполнето со работа, луѓето имале и потреба од одмор, дружење и забава, што се изразувало низ празничните прослави, музиката, игрите и разни ритуали. Археолошките наоди од Египет покажуваат дека децата имале дрвени играчки, најчесто фигурини што претставуваат крокодили. Возрасните, пак, имале и друштвени игри, како „сенет", која се играла на табла со триесет полиња, и „мехен", играна на табла во форма на свиткана змија.



Мехен – една од најпопуларните друштвени игри во Стар Египет

**Помалку познати зборови и термини:**

**Култ**
Организирано почитување на божество преку обреди и верувања.

**Елита**
Најбогатиот и најмоќниот слој во општеството.

## Провери го наученото

1. Што значи терминот „урбана револуција"?
2. Во што се разликувале првите урбани центри од селата?
3. Кои се трите главни гледишта за настанокот на државата?
4. Каков бил секојдневниот живот на обичните луѓе во првите градови и држави?

# Стара Грција: демократијата во Атина и военото општество во Спарта

По големите цивилизации во Месопотамија и Египет, државноста и писменоста почнале да се развиваат и во Европа. Тие најпрвин се појавиле на југот на Егејскиот басен, особено на Крит и Пелопонез, каде што се развиле критската и микенската култура. Критската култура згаснала кон средината на вториот милениум п.н.е., додека културата на микенските Грци опстојала до околу 1100 година п.н.е. Сепак, многу нивни елементи се зачувале преку преданија и обичаи и станале дел од основата врз која се изградила цивилизацијата на античките Грци.

Во Стара Грција постоеле стотици мали држави наречени полиси. Тоа биле градови-држави во кои населението живеело според сопствени закони, обичаи и правила. Грчките полиси биле поврзани преку заеднички јазик и религија, но се разликувале по државното уредување. Најпознати меѓу нив биле Атина и Спарта. Во Атина граѓаните активно учествувале во управувањето со државата, додека Спарта била строго организирано воено општество, во кое доминирале редот и дисциплината.



Партенонот во Атина

**Помалку познати зборови и термини:**

**Демократија / директна демократија**
Демократија (од старогрчки *demos* – народ и *kratos* – власт) значи „владеење на народот". Тоа е уредување во кое одлуките ги носат самите граѓани или нивни избрани претставници. Директна демократија е вид демократија каде што граѓаните директно учествуваат во донесувањето одлуки, без посредници. За разлика од директната демократија, во претставничката демократија граѓаните избираат претставници што одлучуваат во нивно име. Во денешните демократски општества демократијата е претставничка.

**Аристократска монархија**
Уредување во кое владее крал, но вистинската моќ ја имаат неколку богати и влијателни аристократски семејства. Кралот владее со нивна поддршка, а обичните луѓе немаат речиси никакво влијание.

## Атина и развојот на демократијата

Атина е еден од првите историски примери за директна демократија. Во своите најрани форми, била уредена како аристократска монархија со крал и совет на старешини (ареопаг), составен од аристократи наречени евпатриди. До VIII век п.н.е., кралската власт била укината, а управувањето преминало во рацете на највлијателните семејства. Наместо крал, со државата управувале тројца архонти. Еден од нив бил одговорен за општото управување, друг се грижел за верските прашања, а трет за воените работи. Имало и шест тезмотети, кои вршеле судски функции. Ваквата распределба на моќ овозможила политичката власт да остане во рацете на мал број аристократи. Демосот, во кој влегувале селаните, занаетчиите и трговците, бил многу поброен од аристократите, но немал право да учествува во власта. Ова предизвикало незадоволство кај населението и поттикнало барања за правни и политички реформи.

Првиот важен чекор кон воспоставување правен систем во Атина го направил архонтот Дракон во VII век п.н.е. Тој ги запишал законите што дотогаш се пренесувале усно и често се применувале на произволен начин. Иако законите на Дракон биле познати по својата крајна строгост, бидејќи за многу прекршоци

се изрекувала смртна казна, нивното јавно објавување претставувало обид за воспоставување правна сигурност и ограничување на самоволната судска практика. Со тоа, сите граѓани можеле да знаат кои се правилата и казните, а пресудите веќе не зависеле од личната волја на судиите.



Солон – илустрација

Следната значајна промена ја вовел Солон, кој станал архонт на почетокот на VI век п.н.е. Тој се соочил со тешка состојба во која многу Атињани западнале во долгови и биле принудени да се продадат себеси или своите деца во ропство. За да ја ублажи социјалната криза, Солон го укинал должничкото ропство и ослободил голем дел од оние што биле поробени поради долгови.

Истовремено, тој вовел нова поделба врз основа на имотот, а не според потеклото. Граѓаните биле поделени во четири фили, од кои само најбогатите, односно припадниците на првите две фили, можеле да бидат избрани за највисоки функции, додека припадниците на третата фила можеле да извршуваат јавни функции со помала важност. На тој начин, најбогатите и понатаму ја задржале главната политичка моќ. Сепак, со реформите на Солон, дури и најсиромашните граѓани добиле некаква осмислена улога во власта. Бил создаден совет од 400 членови, наречен буле, во кој секоја фила имала по 100 членови. Булето имало задача да подготвува предлози што подоцна биле разгледувани од народното собрание и управувало со секојдневите државни работи, како што биле финансиите и јавните проекти. Со овие реформи, Солон поставил темел за еден порамноправен политички систем и го отворил патот кон развојот на демократијата.

Вистинската форма на директна демократија се зацврстила дури со реформите на Клејстен кон крајот на VI век п.н.е. Наместо дотогашната поделба според потекло или богатство, тој вовел поделба на населението според местото на живеење. Граѓаните биле распределени во десет фили, секоја составена од жители од различни делови на Атина и нејзината околина, со што значително се намалило влијанието на старите аристократски семејства. Од секоја фила се избирале по 50 претставници во булето, кое оттогаш имало 500 членови.

Народното собрание, познато како еклесија, било централната институција на атинската демократија. Во него учествувале сите полнолетни машки граѓани со право на глас и расправале за клучни прашања: избор на службеници, донесување закони, одлуки за војна или мир и други државни работи.



Клејстен – биста

Меѓутоа, не можел секој слободен маж во Атина да стекне граѓански статус. За да се стане граѓанин се барало еден од родителите да биде Атињанин, а од средината на V век п.н.е. и двајцата родители. На тој начин се регулирал бројот на граѓани

кои имале право на привилегии. Жените и странците немале политички права и биле целосно исклучени од јавниот живот. И покрај тоа, преку атинската еклесија се утврдил принципот дека секој граѓанин има право, но и должност да се вклучи во управувањето со државата.

Една од особеностите на атинската демократија било користењето ждрепка при изборот на голем број јавни функции. Со тоа се намалувало влијанието на богатството и личната моќ и се поттикнувала рамноправност меѓу граѓаните. Судската власт ја вршел голем **народен суд** составен од граѓани кои секојдневно се избирале по случаен избор. Со тоа се обезбедувала поширока вклученост на народот и во правосудството.

Врвот на атинската демократија бил достигнат во времето на **Перикле**, во средината на 5 век п.н.е. Тој вовел надомест за граѓаните што вршеле јавни функции, што овозможило и сиромашните да се вклучат во управувањето со државата. Освен тоа, ги проширил овластувањата на еклесијата и на народниот суд. Овој период е познат како Златниот век на Атина – време на процут на уметноста, архитектурата и филозофијата, кога Атина станала економски и културен центар на Стара Грција. Иако и понатаму постоеле ограничувања, демократијата во Атина се смета за најразвиена форма на народно управување во античкиот свет.

**Истражувај:**

Иако значи „владеење на народот“, демократијата во Атина не ги опфаќала сите луѓе што живееле во градот и околината.

– Кои групи биле исклучени од учество во демократијата и зошто?

– Каков бил статусот на робовите во атинското општество? Дали имале некакви права и за што биле сметани?

– Дали странците имале некакви должности или права во Атина? Опишете ја нивната улога во градот.

## Државното уредување на Спарта

За разлика од Атина, спартанското општество било изградено врз строга дисциплина. Од седумгодишна возраст, машките деца оделе во воени интернати, каде што се воспитувале да станат дисциплинирани воини, подготвени да ѝ служат на државата. Воспитувањето било насочено кон издржливост, безрезервна лојалност и покорност кон заедницата, а секојдневниот живот бил организиран како продолжение на воената обука.

Владејачки слој во Спарта биле **спартијатите** – професионални воини кои уживале целосни политички права и ја имале сета власт во државата. Под нив се наоѓале **периојките** – слободни луѓе кои се занимавале со земјоделство, занаетчиство и трговија, но немале политички права. Најниско на општествената скала биле **хејлотите** – потчинето земјоделско население кое било подложено на строга контрола и суров третман. Тие ја обработувале земјата на спартијатите и редовно морале да им предаваат поголем дел од своите приноси.

Спарта била организирана како **диархија** – монархија со двајца басилеи (кралеви) од различни династии – чии главни задачи биле поврзани со војската и религиозните ритуали. Тие биле врховни команданти за време на воени походи.

Политичката моќ во внатрешните прашања се концентрирала во Советот на старци, наречен **герусија**, составен од двајцата



Спартански воин – скулптура

басилеи и 28 угледни спартијати постари од 60 години. Ова тело одлучувало за најважните прашања во државата.

Во народното собрание во Спарта учествувале сите спартијати постари од 30 години. Тие можеле само да ги прифатат или отфрлат предлозите на Герузијата, без право на дискусија или иницијатива.

Клучна улога во контролата на власта имал колегиумот од пет **ефори**, избирани секоја година од редовите на спартијатите. Ефорите имале многу широка надлежност: можеле да ги повикаат басилеите на одговорност и да ги осудат, вршеле надзор врз герусијата, можеле да го свикуваат и раководат народното собрание, да спроведуваат закони и да вршат судски постапки. Во практика ефоратот бил највлијателната институција во Спарта.

Жените во Спарта уживале повеќе слободи отколку во Атина. Тие можеле да поседуваат имот и имале значајна улога во зачувувањето на воените вредности, особено преку воспитување на идните воини. Во Атина жените биле исклучени од јавниот живот и нивната улога се сведувала на домот и семејството.

Атина и Спарта припаѓале на истиот свет на старите Грци, но нивните политички системи одразувале различни вредности и цели. Атина се стремела кон проширување на политичкото учество на граѓаните и слободата на изразување, додека во Спарта доминирале дисциплината и контролата. Во некои периоди соработувале, како за време на Грчко-персиските војни (499-449 п.н.е.), кога заеднички се спротивставиле на персиската инвазија и победиле во битките кај Саламина и Платеја. Но, нивните спротивставени интереси довеле и до судири, од кои најтежок била Пелопонеската војна (431-404 п.н.е.). Во тој конфликт Спарта извојувала победа со поддршка од Персија, но двете страни останале исцрпени и ослабени. Така започнала долготрајна криза и постепено опаѓање на класичниот грчки полис како самостојна политичка форма.

**Дали знаеш дека...**

Според една анегдота забележана од старогрчкиот историчар Плутарх, спартанските мајки ги испраќале синовите во битка со зборовите: „Врати се со штитот или врз него", што значело – или врати се како победник или не враќај се жив.



Битката кај Саламина – илустрација

**Провери го наученото**

1. Што значи директна демократија?
2. Кои биле главните реформи што ги спровеле Солон и Клејстен?
3. Кои општествени слоеви постоеле во Спарта?
4. Во која војна Атина и Спарта се здружиле против заеднички непријател?

# Римската Република

## Од кралство кон република

Во средна Италија, на брегот на реката Тибар бил основан градот Рим. Неговата местоположба била поволна: плодната почва овозможувала одгледување земјоделски култури, реката служела за снабдување и превоз, а близината до копнени патишта ја поттикнувала трговијата и врските со другите населби. Рим се развивал под влијание на напредни култури од своето опкружување, особено на Етрурците од север и грчките колонии на југот од Апенинскиот Полуостров. Тие влијанија се препознаваат уште во најраната фаза на градот, особено во градителството, писменоста и верските обичаи.



Скулптурата „Капитолинската волчица“ – митот за Ромул и Рем

Легендата вели дека Рим бил основан во 753 година п.н.е. од браќата Ромул и Рем. Според историските сознанија, неговите темели ги поставиле латински племиња кои го населиле регионот и го оформиле првичниот облик на градот. Римската легендарна традиција опишува дека градот од самиот почеток се отворил за бегалци, осуденици и луѓе без татковина. Според овие преданија, токму таа отвореност овозможила брз раст и општество составено од луѓе со различно потекло.

Во раните векови, Рим бил уреден како кралство. На негово чело стоел кралот, кој ја имал највисоката политичка, воена и верска моќ. Тој бил советуван од Сенатот, составен од старешини од влијателни семејства, и од Народното собрание, кое имало само симболична улога во политичкиот живот.

Римското општество било строго поделено. Патрициите биле членови на богати и угледни семејства. Имале пристап до најважните функции и го сочинувале Сенатот. Плебејците биле слободни граѓани со различно потекло. Иако ги имале истите обврски како патрициите, за разлика од нив немале право да учествуваат во носење одлуки и вршење верски должности.

Според римската традиција, некои од последните кралеви настојувале да ја зацврстат својата моќ на сметка на Сенатот. Таквата состојба предизвикала тензии, кои, според преданието, кулминирале со протерување на последниот крал во 509 година п.н.е. Со тоа, Рим го укинал монархиското уредување и била воспоставена Републиката – нов облик на владеење заснован на учество на граѓаните во политичкиот живот.

**Помалку познати зборови и термини:**

**Република (антички Рим)**
Облик на владеење во кој власта ја имаат избрани претставници, а не еден владетел. Потекнува од латинскиот израз res publica, што значи „јавна работа“.

Римската Република се разликувала од кралството по тоа што државната власт се делела меѓу повеќе избрани функционери, наречени **магистрати**. Главни магистрати биле двајцата **конзули**, кои заеднички ја воделе државата и армијата. За да се спречи злоупотреба на моќта, нивниот мандат бил ограничен на една година, а секој конзул можел да стави вето на одлуката на другиот.

Други важни магистрати биле **преторите**, кои имале воени овластувања и биле задолжени за судството, **квесторите**, кои се грижеле за државната каса, и **цензорите**, избирани на секои пет години, кои вршеле попис и го надгледувале јавниот морал.

Со текот на времето, особено од 4 век п.н.е., Сенатот се наметнал како највлијателно политичко тело, посебно во надворешната политика и финансиските прашања.

За да ги заштитат своите интереси, плебејците се избориле за правото да избираат **плебејски трибуни**. Тие имале право на вето и можеле да спречат носење закони или одлуки што сметале дека се штетни за обичниот народ. На тој начин постепено била воспоставена рамнотежа меѓу патрициите и плебејците.

Во времето на Републиката започнало да се развива **римското право**. Најстарата кодификација бил **Законот на 12 таблици**, донесен во 5 век п.н.е., со кој првпат јавно биле изложени законите и јасно биле утврдени правата и должностите на граѓаните. Иако многу од казните биле строги, ова претставувало важен чекор кон ограничување на самоволното толкување и применување на обичајното право. Подоцна, преторите објавувале едикти, во кои ги наведувале правилата што ќе ги применуваат во судските спорови. Така римското право постепено се развивало и се приспособувало на новите околности и потребите на државата.

**Прашања за дискусија:**

Иако и Атина и Рим се обиделе да организираат власт без крал, нивните системи биле различни. Атина ја развила директната демократија, во која граѓаните лично учествувале во донесувањето одлуки, додека Рим воспоставил република – власт преку избрани претставници.

**– Дали е попрактично граѓаните директно да одлучуваат за сè или преку избрани претставници?**

## Политичка историја на Римската Република

Римската Република почнала како град-држава, но постепено го проширила своето влијание низ цела Италија, а потоа и надвор од неа. Тој процес



Територијата на Римската Република околу 40 година п.н.е.

бил придружен со многубројни војни. Во војската, која била поделена во одреди, наречени легии, служеле сите граѓани кои можеле да носат оружје и имале доволно имот. Во времето на Републиката, **римската легија** станала основниот столб на воената и политичката моќ. Успесите на легионерите ја зголемувале славата на Републиката, но и влијанието на воените заповедници.

Најголемиот предизвик за Рим во времето на Републиката биле **Пунските војни** против Картагина, богата трговска држава од Северна Африка. Меѓу 264 и 146 година п.н.е. се воделе три војни за надмоќ на Средоземното Море.

Особено значајна била Втората пунска војна (218-201 п.н.е.). Картагинскиот генерал **Ханибал** ги преминал Алпите со војска и бојни слонови и им нанел низа тешки порази на Римјаните, вклучително и оној кај Кана, каде што загинале околу 50.000 римски војници. Иако не успеал да го заземе Рим, останал на територијата на Италија речиси петнаесет години. Конечно, Римјаните префрлиле војска во Африка, каде што во битката кај Зама (202 п.н.е.) римскиот заповедник Скипион го победил Ханибал.



Ханибал ги преминува Алпите – масло на платно

**Истражувај:**

Гладијаторите биле борци кои учествувале во јавни борби во арените на античкиот Рим, најчесто како облик на забава за народот. Повеќето биле робови, воени заробеници, или осудени криминалци, но понекогаш и слободни мажи доброволно станувале гладијатори, привлечени од слава, пари или надеж за нов почеток. Борбите се одржувале во амфитеатри низ државата, а најпознат е Колосеумот во Рим. Гладијаторските игри постоеле од 3 век п.н.е. и со векови претставувале еден од најпопуларните јавни спектакли.

Иако најчесто се прославувале поради своите подвизи во арените, некои гладијатори станале познати како водачи на востанија. Еден од нив бил Спартак, роб и гладијатор кој во 1 век п.н.е. предводел големо востание против Рим. Илјадници робови се приклучиле на неговата борба за слобода.

– Како изгледал еден типичен гладијаторски натпревар?

– Што се случило со Спартаковото востание?

Во Третата пунска војна (149-146 п.н.е.), Картагина била целосно уништена. Градот бил запален, жителите продадени како робови, а територијата била претворена во римска провинција Африка.

По тие победи, Републиката управувала со сè поголем број провинции. Тоа довело до внатрешни проблеми: богатството од освоените земји завршувало кај мал број сенаторски семејства, додека многу обични граѓани, особено селани што служеле војска, ги губеле своите имоти. Ова предизвикало големи социјални тензии.

Поголеми реформи се обиделе да спроведат браќата Граси, плебејски трибуни во 2 век п.н.е., но предлозите за прераспределба на државната земја довеле до нивна насилна смрт. Оттогаш, политичките судири сè почесто се решавале со насилство.

Во 1 век п.н.е., Републиката влегла во фаза на длабоки внатрешни кризи и граѓански војни. Воените заповедници Гај Мариј и Сула се судриле во борба за власт, при што Сула, по победата, воспоставил диктатура. Неговите противници биле прогласени за непријатели на државата, нивниот имот бил конфискуван, а многу од нив биле и убиени.

По диктатурата на Сула, Републиката формално ги обновила своите институции, но вистинската моќ сè повеќе се концентрирала во рацете на амбициозни поединци со силна воена поддршка. Во такви услови, околу 60 година п.н.е. бил оформен Првиот триумвират – неформален сојуз меѓу Цезар (успешен генерал и амбициозен политичар), Помпеј (прославен воен заповедник) и Крас (најбогатиот човек во Рим). Сојузот им овозможил да ја зајакнат својата политичка положба и да ја потиснат моќта на Сенатот. Меѓутоа, по смртта на Крас сојузот се распаднал, а Цезар и Помпеј влегле во судир.

Цезар стекнал голема слава како воен командант при освојувањето на Галија (58-50 година п.н.е.), каде што водел низа успешни походи и ги покорил келтските племиња. Сенатот, под влијание на неговиот поранешен сојузник Помпеј, му наредил да се врати во Рим без војска. Наместо тоа, во 49 година п.н.е. Цезар ја преминал реката Рубикон, потег што го означил почетокот на граѓанската војна против Помпеј и сенаторското мнозинство. По неколкугодишна борба, тој извојувал победа над своите противници и ја зацврстил својата власт.

Уште за време на војната, Цезар бил неколкупати прогласуван за диктатор, најпрвин на ограничен рок, а потоа и на неопределено време. Диктатурата му овозможувала самостојно да носи одлуки, да предлага закони, да назначува службеници и да управува со војската без согласност од Сенатот или Народното собрание. Поради тоа, голем број влијателни Римјани започнале да



Римскиот форум

стравуваат дека неговата моќ ќе доведе до укинување на Републиката и воведување монархија. Во 44 година п.н.е., тој бил убиен во Сенатот од група заговорници кои сметале дека така ќе го спасат републиканското уредување.

По убиството на Цезар, борбата за власт продолжила. Неговите поддржувачи Октавијан, Марк Антониј и Лепид го формирале **Вториот триумвират** – формален сојуз за пресметка со убијците на Цезар. По нивната елиминација, триумвиратите се судриле меѓусебно. Во 31 година п.н.е., Октавијан ги поразил Антониј и неговиот сојузник, египетската кралица Клеопатра, во морската битка кај Акциум, со што ја презел сета власт.

Со ова завршила Римската Република и почнала нова епоха – **принципатот**. Иако формално не се прогласил за цар, Октавијан (подоцна наречен Август) поседувал речиси неограничена моќ. Републиканските институции, како Сенатот и магистратите, продолжиле да постојат, но вистинската власт се префрлила во рацете на еден човек.



Убиството на Цезар – масло на платно

## Провери го наученото

1. Каква била улогата на Сенатот во раната Римска Република?
2. Како се одвивала Втората пунска војна?
3. Кои биле причините за внатрешните кризи и граѓанските војни во Римската Република во 1 век п.н.е.?

# Империите во антиката

Империја е голема држава што се создава со проширување на власта врз многу различни територии и народи, најчесто преку воени освојувања. Со неа владее монарх кој има врховна власт. Во многу случаи, монархот бил доживуван како свето лице или избраник на боговите, што му давало посебен углед и го потврдувало неговото право на владеење.

За империите биле карактеристични неколку главни обележја: владетел што ги носел најважните одлуки, силна војска со задача да освојува нови територии и да го одржува редот, администрација што ја спроведувала власта на монархот низ сите делови на империјата, како и закони и правила што важеле за сите поданици.

Иако античките империи имале некои заеднички елементи, се разликувале според односот кон освоените народи, начинот на управување со териториите и културната политика што ја спроведувале. Империјата, како нов облик на државно уредување се појавила во I милениум п.н.е. Прва таква држава била Асирската Империја.

Во антиката, меѓу највлијателните и најголеми империи биле Ахеменидската Империја, Империјата на Александар III Македонски и Римската Империја.

## Ахеменидската Империја

Ахеменидската Империја, позната и како Персија, била една од најмоќните држави во антиката. Ја основал Кир Велики во 6 век п.н.е., а името го добила по Ахемен, митскиот предок на владејачката династија. Во 559 година п.н.е. Кир станал крал на мало кралство во Персија. За кратко време освоил голема територија, од земјите на Персијците и Медите до бреговите на Егејското Море. Во 539 година п.н.е. го покорил и Вавилонското Кралство и ја проширил својата власт врз Месопотамија, Сирија и Палестина.

Својот зенит Персија го достигнала во времето на Дариј I (522-486 п.н.е.), кога се простирала од Егејското Море и Египет на запад до реката Инд на исток, и претставувала најголема империја во дотогашната историја. Дариј ја организирал државата така што назначил сатрапи, кои управувале со пространи територии наречени сатрапии и се грижеле за интересите на врховниот владетел. Овој систем овозможил поефикасно управување со обемната територија, иако понекогаш предизвикувал и отпор од страна на сатрапите. Благодарејќи на таквата организација, Персија се смета за пример на успешно владеење со мултиетничка империја.

Персискиот император имал апсолутна власт и бил сметан за избраник на врховниот бог. Во очите на поданиците, тој

### Помалку познати зборови и термини:

**Монархија/монарх**

Монархија е облик на владеење во кој државата ја предводи еден човек – монарх, кој обично владее доживотно и ја наследува власта. Монархот може да има различни титули (крал, цар, кнез, емир, шах) зависно од времето, местото и традицијата.

Монархиите најчесто биле организирани како кралства или царства.

Кралство е држава во која монархот има титула крал. За разлика од империите, кралствата обично се населени од еден народ или блиски народи.

Царство е држава во која монархот носи титула цар, која традиционално се смета за повисок ранг од крал. Царствата често опфаќаат поголеми територии, владеат со повеќе народи и имаат претензии на врховна власт на поширок политички или културен простор.

Во македонскиот јазик, поимите „царство“ и „империја“ често се користат како синоними, иако историски секое царство не било империја, ниту секоја империја била предводена од цар.

претставувал највисок авторитет кому му следувала безрезервна почит. Лојалноста кон него се сметала за света обврска, а секој чин на непочитување бил третиран како закана за поредокот во империјата.

Ахеменидите пројавувале високо ниво на толеранција кон разнородното население. На народите им било дозволено да ги задржат своите обичаи, јазици и верски практики, што придонело за одржување на стабилноста и намалување на отпорот кон централната власт.

Персија исто така вовела стандарден паричен и мерен систем. Заедничката валута овозможила полесна трговска размена и прецизна наплата на даноци. Унифицираниот мерен систем, пак, ги поедноставил градежништвото, снабдувањето и складирањето на стоки низ сите делови на царството. Овие мерки значително ја подобриле економската ефикасност и ја зацврстиле царската контрола.



Дариј I – релјеф

Со текот на времето, Ахеменидската Империја се соочила со внатрешни проблеми – корупција, ривалства меѓу сатрапите, економски тешкотии и бунтови во оддалечените области. Решавачкиот удар бил зададен со походот на Александар III Македонски, кој меѓу 334 и 330 година п.н.е. ги поразил персиските сили и ја уништил Ахеменидската Империја.

## Империјата на Александар III Македонски

Александар III Македонски, познат и како Александар Велики, бил еден од најуспешните воени водачи во историјата. Роден во 356 година п.н.е. во Пела, главниот град на кралството Македонија, тој бил воспитуван од познатиот филозоф Аристотел и подготвуван за престолот од својот татко, кралот Филип II. По убиството на Филип во 336 година п.н.е., Александар станал крал и го продолжил походот кон Исток, кој претходно бил замислен и почнат од неговиот татко.

Неговите воени походи го одвеле низ Мала Азија, Египет, Месопотамија, Персија и сè до долината на реката Инд. Првата значајна победа ја извојувал кај Граник во 334 година п.н.е., каде што ги поразил персиските сатрапи и воспоставил контрола над западниот дел од Мала Азија. Веќе следната година, кај Ис, го поразил персискиот крал Дариј III, што му го отворило патот кон Египет. Таму бил пречекан без отпор, прогласен за фараон и добил титула „син на богот Амон".

Решавачкиот судир се случил кај Гавгамела во 331 година п.н.е., каде што Александар ја уништил армијата на Дариј III и ставил крај на моќта на Ахеменидската Империја. По победата триумфално влегол во Вавилон, каде што бил прифатен како нов владетел. Таму ја презел титулата „крал на Азија", со што го потврдил своето право врз поранешната персиска држава.

Империјата на Александар се простирала на три континенти и опфаќала многу различни народи, јазици и обичаи. За да ја задржи контролата врз освоените територии, тој задржал дел од персиската управа и назначувал локални службеници, а во стратешките региони распоредувал македонски гарнизони. Најсимболичен обид за поврзување бил свадбата во Суса, кога околу десет илјади Македонци се ожениле со жени од угледни локални семејства.

Александар прифаќал дел од источните обичаи – носел персиска облека и настојувал да се применува источниот обичај на поклонување пред владетелот. Со таквиот однос сакал да ги привлече

покорените народи. Основал и многубројни нови градови, меѓу кои најпознат е **Александрија во Египет**. Тие се развиле во центри на културна размена, верска разноликост и трговија, со што придонеле за приближување меѓу народите во империјата.

Во 326 година п.н.е. Александар ја извојувал последната голема победа кај реката Хидасп, во борба против индискиот крал Пор. По битката, војската одбила да продолжи понатаму, што го принудило да почне враќање кон запад. Наредните години ги минал во планирање нови походи, но во 323 година п.н.е. ненадејно починал во Вавилон, без да именува конкретен наследник.

Империјата, иако огромна, не изградила трајни институции, туку се потпирала на личниот авторитет и харизма на владетелот. Поради тоа, по смртта на Александар се распаднала на неколку делови што ги контролирале неговите најблиски генерали, познати како **дијадоси**.



Александар III Македонски – биста

## Римската Империја

Со воспоставувањето на Принципатот во 27 година п.н.е., започнала нова фаза во римската историја. Иако институциите на Републиката, како Сенатот и магистратите, продолжиле да постојат, нивната улога била значително ограничена. Вистинската моќ преминала во рацете на **принцепсот**, кој командувал со војската, управувал со финансиите и имал клучно влијание врз законодавството и надворешната политика.

Римската Империја била исклучително разновидна. Во неа живееле многубројни народи со различни јазици, обичаи и верувања. Нејзината стабилност се должела на неколку клучни фактори: добро уредена администрација, развиен правен систем, професионална војска и широка мрежа на патишта што ги поврзувала сите делови на империјата. Провинциите ги раководеле управници или легати поставени од принцепсот. За собирањето на даноците биле задолжени посебни финансиски службеници наречени прокуратори, а приходите се праќале во Рим и се користеле за потребите на целата империја. Со текот на времето, сè повеќе жители на провинциите добивале римско граѓанско право, што ги поврзувало со државата и ја засилувало нивната лојалност.

**Прашања за дискусија:**

Александар сакал да создаде светска држава и во тој контекст спроведувал политика на толеранција меѓу различните народи и култури. Некои историчари сметаат дека сакал да создаде заедничка култура во освоените земји, додека други мислат дека тоа било само средство за контрола на покорените народи.

**– Која од овие две теории ти изгледа поверојатна и зошто?**

Империјата го достигнала својот најголем територијален опсег во времето на императорот **Трајан**, околу 117 година н.е., кога се протегала од бреговите на Атлантскиот Океан до реката Еуфрат и Персискиот Залив, и од северна Британија до пустините на северна Африка.

Во текот на III век, Римската Империја се соочила со длабока внатрешна криза. Императорите често се менувале преку воени удари, границите биле постојано загрозувани од варварски племиња, а економијата страдала поради инфлација и нестабилност. Биле преземени реформи кои привремено ја ублажиле кризата.

Во обид да ја зајакне власта и да ја стабилизира империјата, императорот Диоклецијан (284-305) воспоставил нов политички систем познат како **доминат**. За разлика од принципатот, каде царот се претставувал како „прв во државата" и формално владеел во име на Републиката, во доминатот (од латинскиот збор *доминус*, „господар") владетелот се сметал за неприкосновен господар над сите поданици и бил почитуван како божество.

Иако некои од реформите донеле привремена стабилност, не успеале трајно да ги надминат длабоките проблеми во државата. По смртта на Теодосиј I во 395 година, таа била поделена на **Источна и Западна**. Западниот дел пропаднал во **476 година**, кога германскиот водач, Одоакар, го симнал последниот западен император Ромул Августул, додека Источната Римска Империја, позната и како Византија, продолжила да постои до 1453 година.

### Дали знаеш дека...

Римскиот император Калигула наводно планирал да го прогласи својот омилен коњ Инцитат за конзул.

Калигула бил прочуен по своето необично и често провокативно однесување. За да ја понижи римската аристократија, или, според некои извори, како последица на ментално растројство, тој на Инцитат му изградил луксузна штала украсена со мермер, го дарувал со скапоцен накит и му служел оброци во сребрени садови.

Во сите три империи – Ахеменидската, Империјата на Александар и Римската – воената сила овозможила брзо проширување, но нивниот успех зависел и од способноста да управуваат со различни народи. Персија се потпирала на релативна толеранција, но и строга управа, што кај некои народи предизвикало незадоволство. Империјата на Александар почивала на авторитетот на владетелот. Рим успеал да обедини огромна територија преку закони, патишта и државна организација што оставила траен белег во Европа и Азија.



Мапа на Западната и Источната Римска Империја

### Провери го наученото

1. Што е империја и кои обележја ја карактеризираат?
2. Кој ја основал Ахеменидската Империја и како таа ја одржувала контролата над различните народи?
3. Зошто Империјата на Александар се распаднала по неговата смрт?
4. Наведи три фактори што ја одржувале стабилноста на Римската Империја.

АКТИВНОСТ:

## Античките општества

**Подготовка**

Учениците се делат во пет групи. Секоја група претставува една од најпознатите антички политички творби:

– Атина
– Спарта
– Ахеменидската Империја
– Империјата на Александар III Македонски
– Римската Република

**Задача по групи**

Вашата задача е да подготвите кратко излагање во кое ќе одговорите на следните прашања:

– Какво е уредувањето во вашето општество?
– Кој ги носи одлуките?
– Какви биле главните вредности или идеали? (власт на народот, дисциплина, традиција, моќ, трговија, експанзија или нешто друго?)
– Какви слоеви или групи постоеле? (дали постоела поделба на слоеви; кој имал, а кој немал права?)
– Што ја прави вашата држава/империја успешна? (наведете барем две специфични карактеристики)

**Презентација**

Секоја група го чита својот текст (2-3 минути)

**Дискусија**

– Дали би сакале да живеете во некое од овие антички општества? Објаснете зошто!
– Кои вредности од тие општества сметате дека се важни и денес?

# РЕЛИГИЈА, ИДЕИ И МОЌ

## Вовед во темата:

Верувањата и идеите отсекогаш биле движечка сила на човештвото. Луѓето со векови се прашувале за смислата на животот, за божественото и за своето место во светот. Во оваа тема, преку историјата, ќе откриеме како религиите ги поврзувале заедниците и ја легитимирале власта, но и како идеите поттикнувале промени и нови почетоци. Ќе ги разгледаме старите верувања и митологии, создавањето и ширењето на христијанството и исламот, влијанието на феудализмот врз средновековните општества, како и појавата на апсолутизмот. Ќе научиме како хуманизмот, ренесансата и просветителството отвориле пат за нови погледи на светот и за револуции што го менувале текот на историјата. Ќе дознаеме како моќта на зборот, мислата, науката и верата го обликувале развојот на општествата во средниот и новиот век.

### Содржини:

- Верувања и религии низ историјата
- Источната Римска Империја (Византија)
- Улогата на христијанската црква во средниот век
- Исламот и империите на Истокот
- Феудализмот и монархиите во Европа во средниот век
- Хуманизмот и ренесансата
- Реформацијата и противреформацијата
- Науката и новиот поглед на светот
- Империите во новиот век
- Апсолутизмот и просветителството
- Американската војна за независност: идеи и создавање нова држава
- Француската револуција
- Активност: Идеите што го менуваа светот

## На крајот од темата ќе можеш:

- Да ја разбереш улогата на верувањата и религиите во формирањето на концептите на моќ во општествата на стариот и средниот век.
- Да идентификуваш сличности и разлики помеѓу христијанството и исламот.
- Да ја објасниш улогата на црквата во историскиот развој на европопските народи.
- Да го опишеш функционирањето и социјалната структура на феудалното општество.
- Да го објасниш влијанието на Ренесансата и Просветителството во формирањето на новите концепти на моќ во средниот и новиот век.
- Да ја анализираш улогата на Реформацијата во европската политичка историја и развојот на капиталистичкото општествено уредување.
- Да го евалуираш значењето на Француската револуција во однос на укинувањето на феудализмот и реализацијата на идеите за национална држава.
- Да го вреднуваш влијанието на Американската војна за независност во понатамошниот развој на човештвото.
- Да ја споредуваш структурата на моќ и функционирањето на теократските, апсолутистичките и националните држави.
- Да го елаборираш процесот на појавата на нациите и националните држави и да го евалуираш нивното значење во современиот Свет.
- Да ја вреднуваш улогата на религиозниот и научниот светоглед во формирањето на современите идеи за слобода, човекови права и разум.
- Да развиеш почит кон личностите кои биле двигатели на клучните идеи во развојот на човештвото во средниот и новиот век.

# Верувања и религии низ историјата

Човекот отсекогаш се стремел да го разбере светот што го опкружува и смислата на сопственото постоење. Во најраните заедници, луѓето не можеле да си ги објаснат громот, дождот, ноќта, болестите или смртта, па верувале дека тие се предизвикани од невидливи сили. Од таквите верувања произлегле обреди и жртвувања, со кои се барала заштита од болести, несреќи и непогоди, како и благонаклонетост од духовите, божествата и силите на природата. Земјата и Сонцето се почитувале како извори на живот, а Божицата-мајка како прародителка на живиот свет. Во некои заедници се верувало дека секое племе потекнува од некое животно – предок и заштитник, што го почитувале преку тотеми. Починатите предци се доживувале како духови-чувари, а со текот на времето се појавиле и првите свештеници, кои се сметале за посредници меѓу луѓето и божествата.

Со развојот на првите цивилизации, овие верувања добиле посложена форма и се вградиле во митови – преданија за богови, херои, чудесни настани и создавањето на светот. Митовите се пренесувале од поколение на поколение и станале дел од заедничката традиција. Преку нив се објаснувало потеклото на светот и на човекот, а истовремено се пренесувале морални поуки и се оформувале претставите за доброто и злото.



Митот за големиот потоп, Ноевиот ковчег – масло на платно

## Политеистички религии

Во повеќето древни култури доминирал **политеизмот**, вера во повеќе богови кои често биле замислувани со човечки особини, но поседувале натприродни моќи. Секој бог имал своја улога: едни управувале со дождот и реките, други со плодноста, љубовта, смртта или војната. Старите Грци верувале дека боговите живеат на **Олимп** и постојано влијаат врз човечките судбини. Врховниот бог Зевс, како и богот на светлината Аполон, божицата на мудроста Атена и божицата на убавината Афродита биле меѓу најпочитуваните.



Јупитер – статуа

Подоцна, под силно грчко културно влијание, Римјаните почнале да ги поистоветуваат своите богови со грчките. Иако носеле различни имиња, често им се припишувале слични улоги и особини. **Така Зевс бил изедначен со Јупитер, Атена со Минерва, а Афродита со Венера.** Со текот на времето, овие сличности станале толку големи што римските и грчките богови се разликувале речиси само по име. Освен главните богови, Римјаните ги почитувале и духовите на предците и духовите-заштитници на домот.

Во политеистичките општества свештенството имало важна улога. Ги изведувало ритуалите, го толкувало божествениот поредок и ја одржувало традицијата. Се граделе храмови и светилишта каде што се изведувале жртвувања и празнични обреди во чест на боговите. Римјаните верувале дека успехот на државата зависи од благонаклонетоста на боговите, па верските обреди биле во тесна врска со јавниот живот. Во времето на Римската Империја, владетелот бил и врховен свештеник, а по смртта, добрите владетели биле прогласувани за богови. Меѓу Римјаните се шереле и други верувања, особено **источните култови**, како оние на Изида, Кибела и Митра, кои нуделе подлабоко духовно искуство и ветувања за подобар живот по смртта.

**Истражувај:**

Во цивилизациите на Маите и Ацтеките во Америка, религијата била централен дел од животот. Верувале во многу богови кои го претставувале Сонцето, дождот, земјата и пченката. Религиските обреди често се одвивале на врвот на пирамидалните храмови, а човечките жртвувања имале важна улога во нивната култура.

**– Кои биле најважните богови кај Маите или Ацтеките? Опиши ги нивните улоги.**

**– Зошто обредите на жртвување биле толку важни во овие цивилизации?**

## Монотеистички религии и религиите во источните култури

Со појавата на **монотеизмот**, односно верувањето во еден бог, се променил начинот на поимање на светот и на односот меѓу човекот и божественото. Монотеистичките религии се темелат на верувањето во еден врховен бог, кој е семоќен, сезнаен и сеприсутен. Тој го создал светот и управува со сè што постои.

Една од првите монотеистички религии бил **јудаизмот**, кој се развил меѓу еврејските заедници на Блискиот Исток. Тој се темели на вербата во еден единствен бог (Јахве), кој склучил завет со еврејскиот народ и му ги предал законите и моралните начела запишани во светиот текст – Тората. Најсветото

место и верски центар на еврејскиот народ бил Храмот во Ерусалим. Првпат бил уништен од Вавилонците во 586 година п.н.е., а повторно од Римјаните во 70 година н.е. Од него останал само Западниот ѕид, познат како Ѕид на плачот.

На основа на јудаизмот подоцна се развила една од највлијателните религии во историјата – **христијанството**. Според христијанското учење, Исус Христос е синот Божји, кој дошол на земјата за да ги спаси луѓето. Неговиот живот, поуки и страдање се опишани во светото писмо, Библијата.

Во почетокот, христијаните биле гледани со недоверба и презир од мнозинството Римјани и повремено гонети од властите. Најжестоките прогони се случиле во III и на почетокот на IV век, кога голем број верници загинале и подоцна биле почитувани како маченици. Во 313 година, императорите Константин I и Ликиниј го објавиле **Миланскиот едикт**, со кој на христијаните им се гарантирала слобода на вероисповед. Во 380 година, императорот Теодосиј I го прогласил христијанството за државна религија во Римската Империја.

**Дали знаеш дека...**

Во XIV век п.н.е., египетскиот фараон Ехнатон се обидел да наметне обожување на едно единствено божество – Атон, божествената сила што го претставувала сончевиот диск. Иако неговата религиозна реформа не траела долго, се смета за прв познат обид за државен монотеизам во историјата.



Ширење на христијанството до крајот на VI век (темно сино до 325 година, светло сино до 600 година)

Во VII век на Арапскиот Полуостров се развила нова религија, исламот, која денес е меѓу најраспространетите во светот. Нејзин основач бил пророкот Мухамед, кој, според исламското верување, преку ангелот Гаврил (Џибрил) ги примил божествените откровенија. Овие пораки подоцна биле запишани во светата книга на муслиманите, Коранот. Верските должности на верниците се содржани во т.н. пет столба: верба во еден бог, Алах; да се молат на Алах петпати дневно; да даваат милостина на сиромашните; да постат за време на светиот месец Рамазан; и барем еднаш во животот да одат на поклонување во Мека.


Буда – статуа

Религијата почнала брзо да се шири по преселбата (хиџра) на Мухамед и неговите следбеници од Мека во Медина во 622 година, која се смета за почеток на муслиманскиот календар. Ширењето било овозможено преку воени освојувања, трговија и мисионерска дејност. Со текот на времето, исламот станал доминантна вера на Блискиот Исток, во Персија и во Северна Африка, а потоа се раширил во Средна Азија и делови од Европа.

Источните култури развиле религии со поинаков пристап кон духовноста. Една од најстарите е хиндуизмот, кој се оформил во Индија пред повеќе од 3000 години. За разлика од монотеистичките религии, хиндуизмот не произлегува од еден основач, туку од збир на верувања, обичаи и филозофски идеи што се развивале низ вековите. Хиндуистите веруваат во реинкарнација и во различни облици на божественото.

Будизмот настанал во Индија во V век п.н.е. Според неговото учење, Буда, просветлениот, го покажал патот до нирвана – состојба на духовен мир и ослободување од страдањето и повторното раѓање. За разлика од многу други религии, будизмот не се темели на вера во еден бог, туку на личната духовна преобразба.

Приближно во исто време, во Кина се развило конфуцијанството, учење засновано на поуките на Конфуциј. Иако содржи одредени религиски компоненти, тоа не претставува религија во класична смисла, туку морален и општествен систем што ја нагласува почитта кон родителите, образованието, човечноста и општествената хармонија.

## Религиите како општествена и политичка сила

Религиите се развивале во различни делови на светот и во различни историски периоди, но често влијаеле една врз друга. Преку меѓусебни контакти, освојувања, трговија и културна размена се јавувал верски синкретизам – спојување елементи од различни религии. Овој процес особено се засилил со ширењето

на империите, кога постарите верувања оставале траги врз поновите. Во некои случаи, новите религии прифаќале симболи, обичаи или верувања од постојните, со што се олеснувало нивното прифаќање од страна на населението. На пример, во христијанска Европа, паганските празници што се славеле за време на најкраткиот ден во годината се претопиле во христијанскиот Божик, при што дел од старите обичаи продолжиле да се практикуваат во нов, верски контекст.



Богот Митра – источен култ со римски симболи, пример за верски синкретизам

Овие процеси не се одвивале одделно од политичката моќ. Напротив, односот меѓу религијата и државната власт бил сложен и се менувал зависно од времето и местото. Во некои општества постоела **теократија** – облик на владеење во кој верската власт имала и политичка улога. Во такви уредувања, владетелите се сметале за божји избраници, или дури за божества. Свештенството служело за оправдување на власта и за одржување на општествениот поредок. Во други случаи имало судири меѓу религијата и политиката, особено кога верските водачи се спротивставувале на одлуките на владетелите.

Религијата играла важна улога и во секојдневниот живот. Го обликувала погледот кон светот, вредностите и однесувањето. Во некои општества, таа влијаела врз законите, образованието, празниците и уметноста. Луѓето се раѓале, стапувале во брак и умирале според верските обичаи. Светите книги давале насоки за тоа како треба да се живее и размислува. Преку нив се пренесувале и историските наративи, се зајакнувало чувството на припадност и се одржувала заедницата.

Во текот на стариот и средниот век, религиите извршиле силно влијание врз историскиот развој на народите. Тие често биле двигатели на културни и цивилизациски процеси. Преку религијата се ширеле писменоста, архитектурата, музиката и книжевноста. Многу од најголемите уметнички дела се создадени под влијание на верски идеи. Од друга страна, разликите меѓу религиите биле причина за судири, прогони и војни. Но, и покрај тоа, верувањата останале основен дел од човечката историја.

**Провери го наученото**

1. Што претставува митот во древните култури и каква улога имал во општеството?
2. Која е разликата меѓу политеистички и монотеистички религии?
3. Што претставува верскиот синкретизам?
4. Како се поврзувала религијата со политичката моќ во теократските општества?

# Источната Римска Империја (Византија)

По поделбата на Римската Империја во 395 година, нејзиниот источен дел продолжил да постои уште повеќе од илјада години. Иако со променета структура, нови политички предизвици и силно влијание врз христијанството, државата го задржала римското наследство и се сметала за негова правна и духовна наследничка. Нејзините жители себеси се нарекувале Ромеи, што значи Римјани, а императорот ја носел титулата василевс, односно владетел на Ромеите. Со тоа се нагласувала поврзаноста со стариот Рим, како и легитимитетот на власта. Иако самата држава никогаш не се нарекувала со тоа име, историчарите од подоцнежните векови ја нарекле Византија, според античкиот град Византион, на чие место во 330 година бил изграден градот Константинопол.

Константинопол станал политички, воен, економски и духовен центар на империјата. Неговата положба меѓу Европа и Азија овозможувала контрола врз клучните трговски патишта и воедно обезбедувала природна заштита од напади. Во градот се наоѓале царската палата, седиштето на патријархот, многубројни цркви и пазари. Од самиот почеток, Константинопол имал силна симболика: во византиската свест се сметал за вториот Рим и духовна престолнина на христијанството. Во првите векови, службен јазик во државата бил латинскиот, а во VII век бил заменет со грчкиот, кој станал јазик на управата и културата. Така се оформил нов државен и културен поредок што ги поврзувал римската традиција, културните влијанија од источното Средоземје и христијанската вера.



Константинопол – реконструкција

## Односот меѓу државата и црквата во Византија

Византискиот император имал највисока власт во државата. Тој носел закони, командувал со војската и имал значајна улога во црковните прашања. Се верувало дека владее по божја волја, па неговата положба се сметала за света. Бил претставуван како чувар на верата и поредокот, а неговото владеење се оправдувало преку религијата. Ваквото разбирање довело до блиска поврзаност меѓу државната и црковната власт. Односот меѓу државата и црквата се темелел на идејата за симфонија, што значело дека тие дејствувале заедно, секоја во својата област и со јасно определени улоги, со цел да се зачува редот и верата во империјата. Сепак, императорот ја задржал доминантната улога: иако формално не се мешал во внатрешните црковни работи, тој влијаел врз изборот на патријархот и врз одлуките на црковните собори.



Императорот Константин I – статуа

Симфонијата била доведена во прашање за време на иконоборството. Во VIII и IX век, некои византиски императори забраниле употреба на икони во црквите, со образложение дека тоа се коси со христијанската вера и води кон идолопоклонство. Овој став предизвикал силен отпор кај монасите, свештениците и дел од верниците. Расправите добиле верска, политичка и општествена димензија. Поделбите меѓу приврзаниците и противниците на иконите довеле до сериозни тензии и долготрајни конфликти. На крајот, црквата го обновила почитувањето на иконите, но иконоборството оставило длабоки траги врз односот меѓу државата и црквата и дополнително ја разнишало рамнотежата во нивната соработка.

Црквата во Византија била тесно поврзана со државата, но во одредени случаи дејствувала самостојно, дури и спротивно на императорската волја. Таков бил случајот со Големиот раскол од 1054 година, кога дошло до трајна поделба меѓу источната и западната христијанска црква. Несогласувања меѓу Рим и Константинопол имало и порано, но кулминацијата настапила во времето на патријархот Михаил I и папата Лав IX. Главната точка на судир било прашањето за првенство во христијанскиот свет, иако постоеле и други причини. Императорот Константин IX безуспешно се обидел да спречи прекин на односите. Поделбата станала трајна: западните христијани, предводени од папата, се нарекле католици, а источните, под духовното водство на константинополскиот патријарх, станале познати како православни. Настанот јасно покажува дека во XI век царската власт немала целосна контрола врз црквата.

### Помалку познати зборови и термини:

**Константинополски патријарх**
Црковен поглавар на Константинополската патријаршија.

**Иконоборство**
Религиозно-политичко движење во Византија во VIII и IX век, кое се спротивставувало на почитувањето и прикажувањето икони.

**Идолопоклонство**
Верување или практика во која луѓето се поклонуваат на слики или предмети како да имаат божествена сила. Иконоборците во Византија верувале дека почитувањето на иконите е облик на идолопоклонство.

## Право и реформи

Едно од најзначајните наследства од античкиот Рим било правото. Во Византија тоа било приспособено на новите услови и

продолжило да се развива. Најобемната правна реформа била спроведена во времето на императорот Јустинијан I (527-565). По негова наредба била составена збирка на постари римски закони и нови прописи, подоцна наречена Корпус на граѓанското право. Овој правен кодекс станал темел на византиското законодавство и оставил трајно влијание врз правниот систем на многу европски држави.

Во областа на архитектурата, времето на Јустинијан било обележано со обемни градителски потфати. Најпознат меѓу нив била црквата Света Софија во Константинопол, изградена како симбол на царската власт и христијанската вера. Со својата големина и внатрешен раскош, таа станала врвен пример за византиската архитектура и извршила влијание врз градителството во православниот свет.

Јустинијан I спроведувал амбициозна надворешна политика, насочена кон повторно воспоставување контрола врз западните територии на некогашната Римска Империја. За време на неговото владеење, Византија го достигнала својот најголем територијален обем, со освоени области во Италија, Северна Африка и Шпанија. Сепак, овие успеси претставувале сериозен финансиски товар и барале постојано воено присуство. Истовремено, одбраната на источните граници била ослабена поради притисокот од Персија и нападите на разни номадски племиња.

Во VII век Византија се соочила со сериозна опасност. Во 626 година Константинопол бил под опсада од Аварите и Словените, а источните територии биле загрозени од Персијците. Опстанокот на империјата бил доведен во прашање. Благодарејќи на силните ѕидини и организираната одбрана, престолнината била спасена. Во тоа време император бил Ираклиј I (610-641), кој сфатил дека се потребни длабоки реформи за обновување на државната моќ. Тој ги укинал старите римски провинции и ја поделил империјата на нови управни единици наречени теми. Секоја тема имала свој стратег, кој имал воени и цивилни должности. Жителите што добивале земја од државата имале обврска да служат во војската. Така, покрај платената професионална војска, се создала и војска од земјоделци – стратиоти. Овој систем ја намалил потребата од скапа наемничка војска.

Системот на теми овозможил подобра заштита на империјата. Иако во времето на македонската династија (IX-XI век) донел стабилност и зацврстување на внатрешен и надворешен план, со текот на времето ја засилил улогата и амбициите на локалните стратези. Императорите постепено



Царицата Теодора, сопруга на Јустинијан I – мозаик



Византија во времето на Јустинијан I

губеле дел од својата моќ, додека благородничките семејства добивале сè поголеми земјишни имоти на управување, наречени пронии. Многу стратиоти го загубиле својот имот и станале зависни од локалните господари. Државната власт сè потешко се наметнувала и губела контрола врз војската.

## Падот на Византија

Во такви услови, Византија сè потешко ја одржувала стабилноста. Од VII до XII век, империјата постојано се соочувала со **надворешни закани**. Арабјаните двапати извршиле опсада на Константинопол и зазеле значајни територии на Блискиот Исток и во Египет. Бугарите ја загрозувале византиската власт на Балканот. Од запад пустошеле Норманите. Најтешки последици предизвикале нападите на Турците Селџуци, кои по победата над Византијците кај **Манцикерт во 1071 година**, почнале пробив во Мала Азија, област од суштинско значење за економијата и воената сила на империјата. Надворешните удари и внатрешната нестабилност довеле до сериозни потреси, кои во XIII век станале уште подлабоки.

Кулминација на овие кризи бил падот на Константинопол во 1204 година, за време на **Четвртиот крстоносен поход**. Градот бил освоен и ограбен од крстоносците, а потоа бил претворен во престолнина на новото Латинско Царство. Византискиот двор и дел од благородништвото се повлекле и основале неколку наследнички држави. Најсилно меѓу нив било Никејското

**Дали знаеш дека...**

Византијците умееле да победат и без да војуваат. Наместо да се потпираат само на силата, често користеле подароци, злато, титули или династички бракови за да ги придобијат своите противници. Наместо меч, избирале дипломатија. Империјата праќала искусни пратеници до далечни земји, склучувала сојузи, поттикнувала бунтови кај своите соседи, или ја користела христијанската вера како средство за влијание. Така, Византија успевала да опстане опкружена со непријатели, благодарејќи на својата трпелива и мудра надворешна политика.

Царство, кое во 1261 година успеало да го врати Константинопол. Сепак, обновената Византиска Империја никогаш не ја достигнала некогашната моќ. Територијата ѝ била значително намалена, а внатрешните судири и надворешните закани продолжиле и понатаму.


Крстоносците го освојуваат Константинопол – масло на платно

Во XIV век, Византија почнала сè повеќе да се повлекува под притисок од османлиската експанзија. До средината на XV век, нејзината власт била сведена на Константинопол и Морејското Деспотство. Во 1453 година, по повеќенеделна опсада, градот бил заземен од Османлиите, предводени од султанот Мехмед II. Според хроничарите, последниот византиски император, Константин XI, загинал во обид да ја одбрани престолнината, но неговото тело никогаш не било пронајдено. Со падот на Константинопол завршила историјата на Источното Римско Царство.

## Прашања за дискусија:

По падот на Византија во 1453 година, не исчезнало и нејзиното влијание. Напротив, византиската култура, црковна организација, писменост и уметност продолжиле да живеат во другите православни земји. Уште од IX век, преку мисијата на солунските браќа Кирил и Методиј, Византија го ширела христијанството меѓу Словените, со што ги поставила темелите на нивната писменост и на старословенскиот како книжевен јазик. Во средновековните држави на Балканот, како и во Русија, византиската традиција била прифатена како пример за уредувањето на државата и црквата. По падот на Константинопол, некои руски црковни мислители ја развиле идејата дека Москва е третиот Рим и наследник на византиската православна мисла и царска власт. Така, византиското духовно наследство продолжило да живее и по исчезнувањето на самата империја.

– Зошто Византија продолжила да влијае врз другите народи и држави дури и по нејзиното пропаѓање?

## Провери го наученото

1. Зошто жителите на Византија се нарекувале Ромеи и што покажува тоа за нивниот идентитет?
2. Што претставувала симфонијата во односот меѓу државата и црквата во Византија?
3. Кои биле најважните реформи и градителски проекти на императорот Јустинијан I и какво влијание имале?
4. Кои биле главните надворешни закани со кои се соочила Византија од VII до XII век?

# Улогата на христијанската црква во средниот век

Христијанската црква била една од најмоќните институции во средновековна Европа. Нејзиното влијание се чувствувало насекаде – од дворците на кралевите до најоддалечените селски цркви. Таа решавала кога се работи, кога се мирува, кога се празнува и кога се пости. Одредувала што е праведно, а што грешно. Го обликувала начинот на размислување, творење и учење, и го градела чувството за ред, смисла и убавина. Од утрото до ноќта, од раѓањето до смртта, животот на луѓето минувал под нејзино влијание.



Базиликата Св. Петар во Рим

Во првите два века по појавата на христијанството, неговите следбеници биле малцинство и често се соочувале со прогонства. Верските обреди се извршувале во тајност, најчесто во т.н. домашни цркви. Секоја христијанска заедница била самостојна и ја предводел локален епископ. Учењата првично се пренесувале усно, но уште во I век почнале да се појавуваат и првите пишани текстови. Посебно значење имале посланијата на апостол Павле и четирите евангелија, во кои биле опишани животот и поуките на Исус Христос. Подоцна, овие текстови станале дел од Новиот завет, кој заедно со Стариот завет ја сочинува светата книга на христијаните – Библијата.

## Црковна хиерархија и организација

По 313 година, кога христијаните добиле слобода на вероисповед, христијанската црква почнала забрзано да се развива како влијателна и организирана институција. Највисок углед во тој период имале епископите во Рим, Александрија и Антиохија. Во текот на IV и V век се оформиле пет главни духовни центри: Рим, Константинопол, Александрија, Антиохија и Ерусалим. Водачите на овие седишта добиле повисок ранг и посебен авторитет и биле нарекувани патријарси. На Истокот најголем углед уживал константинополскиот патријарх, а на Запад водечка улога имал епископот на Рим, кој со текот на времето станал познат под титулата папа. Неговото влијание било особено силно, бидејќи Рим бил најважниот духовен центар во западните христијански земји.



Првиот вселенски собор во Никеја (325 година) – фреска

Во црквата била воспоставена јасна хиерархија. На чело на патријаршиите стоел патријарх. Под него биле архиепископите и епископите, кои управувале со поединечни епархии. Свештениците вршеле служба во локалните цркви, додека манастирите биле под управа на игумени. Благодарејќи на ваквата организација, црквата била присутна во сите сфери на општествениот живот и придонесувала за зачувување на верското и моралното единство.

За да се сочува единството на верата, црквата, со поддршка од царската власт, свикувала вселенски собори, на кои се расправало за најважните верски прашања. На овие собори се утврдувале догмите, се осудувале еретичките движења, меѓу кои аријанството и иконоборството, и се уредувала внатрешната организација на црквата. До крајот на VIII век биле одржани седум вселенски собори.

**Помалку познати зборови и термини:**

**Догма**
Верско начело што верниците треба да го прифатат како апсолутно вистинито, без никаква критика.

**Ерес**
Верување или учење што е спротивно од она што го проповеда Црквата.

**Аријанство**
Учење од IV век, според кое Исус Христос не е еднаков со Отецот Бог, туку е создание, повисоко од луѓето, но пониско од Бог. Црквата го отфрлила ова учење како ерес.

## Односите меѓу црквата и световната власт

Во текот на средниот век, односот меѓу христијанската црква и световната власт бил сложен и често исполнет со судири за превласт. Во основата на овие судири стоела замислата дека постојат две власти: духовна (црковна) и световна (државна). Во тој контекст, се развила симболиката на два меча, од кои еден ѝ припаѓал на црквата, а другиот на државата. Но уште тогаш се поставило прашањето: кој од двата меча е поважен? Дали царот треба да ѝ се покорува на црквата или, пак, црквата на царот?

Оваа дилема продолжила да се продлабочува во наредните векови. Некои црковни авторитети сметале дека духовната власт стои повисоко од световната, бидејќи обете потекнуваат од Бога, но црквата е таа што се грижела за духовното спасение на луѓето. Други, пак, застапувале став дека двете власти треба да бидат рамноправни и независни една од друга. Ваквите спротивставени гледишта доведувале и до отворени конфликти меѓу папите и владетелите.

Моќта на христијанската црква во средниот век не била ограничена само на духовни прашања. Црквата сметала дека, како претставник на Божјата волја, има право да потврдува дали една световна власт е достојна за владеење. Во 751 година, папата Захариј ја поддржал одлуката Пипин Кусиот, водач на Франките, да биде прогласен за крал, иако не потекнувал од старата кралска династија. Со тоа, папата се наметнал како фактор во одлучувањето кој може да стане владетел. Како последица на соработката меѓу папата и Пипин Кусиот и победата на Пипин над германското племе Лангобарди, во областа околу Рим била создадена Папската Држава.

Неколку децении подоцна, во 800 година, папата Лав III го крунисал Карло Велики, синот на Пипин, за император на Римјаните. Овој чин имал силна симболика: папата се прикажал како оној што ја доделува царската титула, што во очите на тогашните луѓе значело дека духовната власт стои над световната. Настанот бил доживеан како обнова на Западната Римска Империја и како потврда на сè поголемото влијание на црквата во политичкото уредување на Европа.

Во голем број случаи, христијанската црква била близок сојузник на световните владетели. Монарсите добивале потврда на својата власт преку крунисување од страна на црковни лица,

со што се претставувале како Божји избраници. За возврат, им подарувале земјиште, привилегии и политичка поддршка. Со текот на времето, црквата станала еден од најголемите земјопоседници во Европа. Сите верници биле должни да ѝ даваат десеток (една десетина од своите приходи), што значително го зголемило нејзиното богатство и влијание. Оваа економска моќ ѝ овозможила да ја зајакне самостојноста и сè почесто да се наметнува како повисок авторитет од световната власт.



Крунисувањето на Карло Велики – фреска

Во XI и XII век ставот дека духовната власт стои над световната добил поизразена и поостра форма. Папата Григориј VII јавно се спротивставил на обичајот царот да назначува епископи и тврдел дека тоа е исклучиво право на црквата. Ова предизвикало сериозен судир со кралот на Германија, Хајнрих IV, кој не сакал да се откаже од своето право. Така почнал долготраен конфликт познат како **Борба за инвеститура**.

Кога Григориј го екскомуницирал Хајнрих, тој се упатил кон замокот Каноса во северна Италија за да побара прошка. Според преданието, три дена стоел бос пред портите како знак на понизност. Овој чин се доживеал како симболичка победа за папата, но подоцна Хајнрих навлегол со војска во Рим и го протерал Григориј. Со тоа станало јасно дека борбата за надмоќ сè уште не е завршена. Во 1122 година, со **Вормскиот конкордат**, конечно била постигната спогодба меѓу црквата и царската власт. И покрај договорот, длабоката напнатост меѓу духовната и световната власт останала.

Во XIII и XIV век, световните владетели сè поотворено ја оспорувале надмоќта на папството. Францускиот крал Филип IV влегол во жесток конфликт со папата Бонифациј VIII, кој бил заробен и понижен. По неговата смрт, Филип влијаел врз изборот на нов папа, кој бил лојален на Франција. Наместо во Рим, новиот папа го преместил папскиот двор во Авињон. Овој период, познат како **Авињонско ропство**, траел од 1309 до 1377 година и станал симбол на политичката подреденост на црквата.

## Помалку познати зборови и термини:

**Инвеститура**
Право да се назначуваат црковни лица.

**Екскомуникација**
Исклучување од заедницата на верници.

**Индулгенции**
Пишани потврди што ги издавала католичката црква, со кои се ветувало проштување на гревовите, често во замена за пари.

## Прашања за дискусија:

Во текот на средниот век, христијанската црква стекнала огромна духовна и политичка моќ. Посебно значење имала папската власт на Запад, која често се претставувала како повисока дури и од власта на царевите и кралевите. Таквиот стремеж за врховен авторитет на папата во верските, моралните и световните прашања, во историографијата често се опишува со терминот папизам.

**– Дали е препорачливо една институција истовремено да има и религиозна и политичка власт? Што би биле предностите, а што ризиците?**

Во тоа време се појавиле и идеи за раздвојување на духовната и световната власт. Италијанскиот поет Данте Алигиери, во делото *За монархијата*, напишал дека двете власти доаѓаат од Бог, но дека треба да бидат одвоени: папата да се грижи за духовното, а царот за земното. Таквите идеи биле предвесници на подоцнежните ставови за одделување на државата од религијата.

Во текот на XIV и XV век, папите собирале големи приходи, граделе раскошни палати и воведе практики како продажба на **индулгенции**. Таквото однесување предизвикало сè поголемо незадоволство кај верниците. Ситуацијата дополнително се влошила со Папскиот раскол (1378-1417), кога истовремено постоеле двајца, па и тројца папи. Црквата се соочила со длабока криза, која сериозно го нарушила нејзиниот углед и авторитет.

Судирот меѓу духовната и световната власт претставувал едно од клучните прашања на средновековната политика. Наместо јасно утврдена поделба, меѓусебниот однос бил исполнет со постојани тензии и натпревар за влијание и овластувања.

## Христијанската црква како покровител на културата и уметноста во средниот век

Христијанската црква оставила длабок белег врз културниот живот во средниот век. Со векови поддржувала изградба на **монументални цркви**, катедрали и манастири, кои денес се сметаат за врвни споменици на архитектурата. Внатрешноста на овие храмови била украсена со фрески, икони, витражи, мозаици и уметнички резби, кои имале за цел да ги приближат библиските пораки до верниците. Уметноста во овој период била во служба на верата. Нејзината задача не била да ја претстави стварноста, туку да изрази духовни вистини и симболика.

Црковната музика, особено едногласното пеење познато како грегоријанско, била составен дел од литургијата и имала силно духовно влијание. **Манастирите**, пак, претставувале важни центри на знаење и образование. Во нив монасите препишувале книги, чувале древни ракописи и негувале уметнички занаети. Благодарејќи на нивната работа, црквата придонела за зачувување на писменоста и дел од културното наследство на антиката.



Богородичната црква во Париз

### Провери го наученото

1. Опиши ја хиерархијата во христијанската црква во средниот век.
2. Што претставувала Борбата за инвеститура и кои биле главните актери во тој конфликт?
3. На кои начини црквата влијаела врз културата и уметноста во средниот век?

# Исламот и империите на Истокот

## Појавата на исламот



Ќаба – исламско светилиште во Мека

Пред појавата на исламот, Арапскиот Полуостров бил населен со многубројни племиња. Тие живееле главно од трговија, сточарство и користење на водата од оазите, што било суштинско за преживување во пустинските предели. Арапското општество било организирано според племенска структура, со изразена лојалност кон родот. Иако постоеле и развиени седентарни населби, значителен дел од жителите биле бедуини – номади што се движеле низ пустината заедно со своите стада. Политичкиот поредок бил заснован на родовска припадност. Секое племе имало свој водач (шеик), сопствени обичаи и често влегувало во конфликти со другите.

Главен облик на верување бил политеизмот. Се почитувале идоли што ги претставувале различните божества, духови и сили на природата. Центар на религиозниот живот била Ќаба – светилиште во Мека, каде што биле сместени над триста идоли. Иако секое племе имало свои божества, Ќаба имала обединувачка улога како место на аџилак. За време на аџилакот, племињата прогласувале свето примирје за да овозможат мирен пристап до светилиштето.

Во таков контекст се појавил **Мухамед**, кој почнал да проповеда дека постои само еден Бог – Алах. Неговата порака ја негирала основата на тогашниот религиозен и општествен систем. Таа ја отфрлила почитта кон идолите, ја нагласила еднаквоста на сите луѓе пред Бога и понудила нова форма на припадност – не кон племето, туку кон верската заедница (ума).

Отпорот на племенските водачи бил жесток. Мухамед и неговите следбеници биле принудени да се преселат во оазата Јатриб, подоцна именувана **Медина**, каде што исламот добил верска и политичка димензија. Оттаму почнало обединувањето на арапските племиња под нова, централна власт, базирана на верата. Во 630 година Мухамед се вратил во Мека. Ќаба станала светилиште посветено исклучиво на Алах и средиште на новата вера. На тој начин исламот го надминал локалниот карактер на арапските култови и создал идеологија што набрзо почнала да се шири надвор од Арапскиот Полуостров.

По смртта на пророкот Мухамед во 632 година, за негов наследник (калиф) бил избран Абу Бакр, со што почнала ерата

**Дали знаеш дека...**

Иако во некои јазици џихад се преведува како „света војна", тој израз не го одразува целосното значење на терминот. Џихад пред сè значи внатрешна борба на верникот за да живее според верата, да биде праведен и морален. Во одредени околности, може да се однесува на одбрана на муслиманската заедница, но исламските учења не го дефинираат џихадот како повик на постојана или агресивна војна. Затоа „света војна" не е точен опис, туку поедноставување кое често се користело надвор од исламскиот свет.

на калифатот, во која водачите истовремено биле политички владетели и чувари на верата. Калифите имале одговорност да го шират исламот, но и да го одржуваат редот, да водат војни, да собираат даноци и да го толкуваат правото. Правниот систем што се развил во рамките на исламот е познат како шеријат – збир на верски и правни норми што го уредуваат однесувањето на муслиманите.

Изборот на наследникот на Мухамед предизвикал несогласувања меѓу неговите следбеници. Едни сметале дека калифот треба да биде избран од најдобрите и најдостојните меѓу муслиманите, додека други инсистирале дека наследникот мора да потекнува од семејството на пророкот. Така, постепено, настанала поделбата меѓу сунитите, кои го прифаќаат изборот на Абу Бакр за прв калиф, и шиитите, кои го сметаат Али, зетот и братучед на Мухамед, за единствениот легитимен наследник.

Под водство на првите калифи, исламот се проширил и надвор од Арапскиот Полуостров. Муслиманските војски продреле во Сирија, Палестина, Месопотамија и Персија, каде што презеле големи делови од териториите на Сасанидска Персија и Византија. Освен воена, освојувањата имале и религиозна димензија. Во освоените територии почнало постепено ширење на исламската култура и арапскиот јазик. Во наредните децении биле освоени Северна Африка и поголем дел од Пиринејскиот Полуостров. Така, за многу кратко време, се утврдил систем на верувања, идеи и вредности што се проширил на три континенти.

## Исламските империи

Првата голема муслиманска империја била воспоставена од династијата на Омејадите, која дошла на власт во 661 година. Со тоа почнала нова фаза во историјата на калифатот – династиска монархија наместо избрана верска власт.




Територијата на Омејадскиот калифат

Омејадите ја прошириле империјата на три континенти. На исток ги поразиле Сасанидите и продреле длабоко во Средна Азија. На запад ги протерале Византијците од Египет и напредувале до Мароко и Атлантикот. Во 711 муслиманската војска го преминала Гибралтар, го поразила кралот на Визиготите и го освоила Ал Андалус (арапски назив за деловите од Пиринејскиот Полуостров под исламска власт). Омејадите се обиделе да продрат на север, но во 732 година, кај местото Поатје, биле поразени од Франките. На тој начин била сопрена муслиманската експанзија во Западна Европа.



Архитектура од времето на Абасидите – медреса во Багдад

Во втората половина на VIII век, сè поголемото незадоволство меѓу новите муслимани, особено Персијците и народите од Средна Азија, довело до широк бунт против династијата. Омејадите ги фаворизирале Арапите и го ограничувале пристапот на преостанатите муслимани до функции и привилегии во државата. Во 750 година, тие биле соборени, а престолнината била преместена од Дамаск во Багдад. Така почнала историјата на Абасидскиот калифат.

Во времето на Абасидите, исламскиот свет доживеал извонреден процут на науката и културата. Багдад се издигнал како водечки центар на трговијата, книжевноста, медицината, математиката и филозофијата. Иако на почетокот династијата владеела со огромна територија, нејзината политичка моќ со тек на времето сè повеќе се намалувала. Во различни делови на империјата се појавувале независни и полунезависни династии, додека улогата на калифот постепено се сведувала на симболичен верски авторитет. Конечниот удар бил зададен во 1258 година, кога монголската војска го нападнала и разурнала Багдад. Градот бил опустошен, а последниот абасидски калиф бил убиен, со што завршила политичката власт на династијата.

Кога Абасидите ја собориле Омејадската династија и ги убиле речиси сите нејзини членови, единствениот преживеан, Абдур Рахман I, побегнал во Ал Андалус и таму го воспоставил независниот Омејадски емират во Кордоба. На почетокот државата била предводена од емир, но во 929 година, Абдур Рахман III се прогласил за калиф, со што почнала историјата на Кордопскиот калифат.



Исламска архитектура во Европа: дворецот Алхамбра

Иако не бил источна империја во географска смисла на зборот, Кордопскиот калифат претставувал продолжение на исламската цивилизација на Западот. Во тој период, Кордоба прераснала во значаен политички, економски и културен центар во Западна Европа. Во градот имало над 70 библиотеки, а релативната религиозна толеранција овозможила соработка меѓу различните верски групи, што придонело за развој на науката, уметноста и архитектурата. На почетокот на XI век калифатот веќе почнал да опаѓа. До 1031 година формално престанал да постои и се распаднал на повеќе независни мали емирати. Расцепканоста на муслиманската власт им дала можност на христијанските кралства на север да го засилат процесот на повторно освојување на Пиринејскиот Полуостров (Реконквиста), кој траел до 1492 година.

Во XIV век, на историската сцена во Азија и Европа се појавила нова сила – османлиската држава. Нејзините зачетоци датираат од крајот на XIII век во Мала Азија, кога беглукот (кнежевство) со кој управувал емирот Осман почнал процес на територијално проширување на сметка на соседните беглуци. Новата држава, која подоцна ќе прерасне во моќна империја, го добила своето име според нејзиниот основач.

Во времето на наследниците на Осман, Османлиите успеале да воспостават контрола врз северозападниот дел на Мала Азија. Во 1326 година, синот на Осман – Орхан – ја освоил Бурса, која станала прва престолнина на државата и симбол на преминот од племенска во организирана власт. Во 1354 година Османлиите го освоиле Галиполе и ја почнале својата експанзија на Балканот и во Европа, а до средината на XV век, веќе успеале да освојат поголем дел од балканските простори.

Во 1453 година, султанот Мехмед II Освојувачот го освоил Константинопол, кој оттогаш се нарекува Истанбул и бил прогласен за главен град на Империјата. Во текот на XV век биле поставени темелите на Османлиската Империја, која во XVI век го достигнала врвот на својата политичка и воена моќ. Освен Балканот, Османлиите освоиле големи територии на Блискиот Исток и Северна Африка, со што станале медитеранска сила. Во времето на султанот Сулејман Величествениот (1520-1566), особено по победата кај Мохач во 1526 година, нивната власт се проширила и врз поголем дел од Унгарија.



Султанот Сулејман Величествениот – портрет, масло на платно

## Науката и културата во источните империи

Исламските империи дале огромен придонес за развојот на науката, уметноста, архитектурата и книжевноста. Во **златниот век на исламот**, од VIII до XIII век, тие станале центри на знаењето, преведувачката активност и иновациите.

Во областа на науката, муслиманските мислители го презеле и надградиле знаењето од античките Грци, Индијци и Персијци. Хорезми бил пионер во алгебрата, а сестраниот научник Бируни дал огромен придонес во повеќе науки, меѓу кои астрономијата и физиката. Авицена станал еден од најголемите авторитети во медицината. Тој го собрал сето дотогашно знаење за оваа област и го објавил во делото „Канон на медицината". Куќата на мудроста во Багдад и образовните установи во Кордоба биле расадници на интелектуалниот напредок.

Покрај теоретските научни достигнувања, исламскиот свет бил познат и по технолошките иновации. Во медицината се користеле хируршки инструменти, додека астрономите развиле астролаби – уреди за набљудување на ѕвездите и мерење на времето. Исто така, благодарејќи на деталните патописи на исламските географи, се усовршила картографијата.

Во архитектурата, исламот создал сопствен препознатлив стил. Книжевноста, пак, цутела преку дела како „Илјада и една ноќ" и поезијата на Руми.

Исламските империи одиграле посредничка улога меѓу античкиот и ренесансниот свет. Знаењето кое било зачувано и пренесено во Европа било важен предуслов за појавата на хуманизмот и ренесансата. Преку трговските и културни врски што ги одржувал исламскиот свет со Кина, во Европа стигнале важни изуми како хартијата и компасот. Од Индија, пак, биле преземени и усовршени бројките, кои денес се познати како арапски бројки. Така, исламската цивилизација станала посредник меѓу Истокот и Западот во еден од најважните процеси на глобална културна размена.

**Прашања за дискусија:**

Истражи како влијаело ширењето на исламската култура и знаење врз Европа во средниот век и дискутирај:

– Дали сметаш дека знаењето и културата од другите цивилизации треба да се преземаат, дури и ако доаѓаат од различни или, во тој момент, непријателски општества?

**Провери го наученото**

1. Опиши го општеството и верувањата на Арапскиот Полуостров пред појавата на исламот.
2. Каква била улогата на Омејадите во ширењето на исламската империја?
3. Наведи неколку начини преку кои исламската цивилизација придонела за науката и културата во средниот век.

# Феудализмот и монархиите во Европа во средниот век

Во текот на средниот век, феудализмот се развил како доминантен облик на општествено уредување во Европа. Неговата појава била условена од распадот на Западната Римска Империја, економската нестабилност и немоќта на властите да наметнат цврста контрола во услови на постојани надворешни напади.

Во суштината на феудалното уредување се наоѓал феудот – земјишен посед што кралот или некој моќен благородник го доделувал на свој вазал во замена за одредени обврски. Кралот формално бил сопственик на земјата, но голем дел од неа доделувал на благородници, наречени феудалци, кои за возврат се обврзувале на верност и воена поддршка. Феудалците со големи поседи припаѓале на крупно благородништво. Тие, пак, дел од земјата им отстапувале на ситни благородници, кои биле должни да служат во војската на својот господар. Така, крупните феудалци биле вазали на кралот, а ситните феудалци биле вазали на крупните. На овој начин се создал систем на заемна зависност во која вазалот можел да има свој вазал, но тој не му бил директно одговорен на кралот. Оттаму потекнува и изреката: „Вазалот на мојот вазал не е и мој вазал", која ја покажува слабата контрола на монархот над голем дел од територијата и населението.

Феудалната хиерархија се засновала на три главни слоја: кралот, благородниците и селаните, кои ја обработувале земјата и се делеле на закрепостени и слободни. Закрепостените селани




Приказ на феудална хиерархија

(кметови) не поседувале своја земја, туку биле врзани за имотот на феудалецот и немале право да се преселат без негова дозвола. Биле обврзани одреден број денови да работат на неговата земја, да плаќаат давачки и да му предаваат дел од своето производство. За возврат добивале заштита и можност да користат дел од земјата за свои потреби. Постоеле и слободни селани, кои имале право да располагаат со својот имот, но нивниот број постепено се намалувал.

Феудализмот не се потпирал на силна и обединета власт, туку на мрежа од лични односи и лојалности. Управувањето било децентрализирано: крупните феудалци имале огромни права над своите територии. Имале своја војска, посебни судови, собирале даноци, а некои дури имале право и да коваат пари. Во некои случаи самостојно воделе војни, а нивното влијание било толку големо што биле речиси рамноправни по моќ со кралот. Односот меѓу господарот и вазалот се темелел на заемен интерес: еден давал земја и заштита, а другиот верност и услуги. Таквиот поредок создал извесна стабилност, но истовремено бил причина за конфликти, особено кога се нарушувала довербата или кога монархот се обидувал да ја зацврсти својата власт.


Карло Мартел – статуа

Важна улога во легитимирањето на феудализмот одиграло и христијанството. Црквата проповедала дека властите владеат со божја волја и дека послушноста е доблест. Всушност, свештенството било дел од елитата и честопати црквата поседувала огромни феудални имоти. Епископите и манастирите имале свои закрепостени селани и учествувале во феудалниот систем, исто како и световните благородници.

Со текот на времето, некои кралеви почнале да преземаат мерки за зајакнување на централната власт и ограничување на самостојноста на феудалците. Процесот на централизација бил долг и тежок, често поврзан со војни и сојузи со црквата. Наспроти тоа, постоеле и периоди на децентрализација, особено при слабост на кралската власт, граѓански војни или надворешна опасност. Токму динамиката меѓу централизација и децентрализација го обележала развојот на европските средновековни монархии.

## Монархиите во Европа во средниот век

Развојот на монархиите во средниот век бил тесно поврзан со феудалниот поредок. Кралевите владееле во услови кога моќта била распрсната меѓу голем број феудалци, кои имале сопствена војска и самостојно управувале со својата земја. Затоа често се соочувале со отпор и постојано настојувале да ја зацврстат својата власт. Еден од најпознатите примери биле Франките – германски народ кој во раниот среден век создал силна држава на територијата на поранешната римска провинција Галија.

### Помалку познати зборови и термини:

**Централизација/ Централизирана власт**
Кога управувањето со државата е концентрирано во еден главен центар, обично кај владетелот и државниот врв. Одлуките ги носи еден човек или мала група луѓе, и важат за целата територија, без разлика колку е таа голема или разновидна.

**Децентрализација**
Кога управувањето со државата е распределено меѓу повеќе центри и носители на власт. Одлуките се носат на различни места, а владетелот има ограничена контрола.

Нивниот крал Клодовик, кон крајот на V век, ја прифатил христијанската вера. Тоа му донело поддршка од црквата и од христијанското население, што му помогнало да ја прикаже својата власт како легитимна и како божја волја.

Наследниците на Клодовик од династијата Меровинзи не успеале да ја задржат власта. Со текот на времето, вистинската моќ преминала кај мајордомите, кои биле управници на кралскиот двор кај Франките. Најпознат меѓу нив бил Карло Мартел, кој во Битката кај Поатје го спречил напредувањето на Арабјаните кон север. Тој подвиг го зацврстил угледот на неговото семејство. Неговиот син Пипин Кусиот го соборил последниот меровиншки крал и бил прогласен за крал. Така почнало владеењето на династијата Каролинзи.

Најславниот владетел од оваа династија бил Карло Велики. Тој значително ја проширил својата држава во западна и централна Европа и, како што видовме, во 800 година бил крунисан за император на Римјаните – титула која постојано му била оспорувана од византиските императори.

Карло Велики се обидел да воспостави централизирана власт. На неговиот дворец во Ахен се собирале најпознатите научници и се преведувале дела од антички писатели, со што ја поттикнал т.н. каролиншка ренесанса. Меѓутоа, по неговата смрт во 814 година, империјата почнала да се распаѓа поради внатрешни поделби и слаби наследници. Во 843 година, со Верденскиот договор, Каролиншката империја била поделена меѓу неговите тројца внуци.



Поделбата на Каролиншката империја (843) – минијатура

Источниот дел од Каролиншката империја, познат како Источна Франкија, станал темелот на нова форма на средновековна државност – **Светата Римска Империја**. Нејзиниот подем почнал во времето на кралот Отон I, кој во 962 година бил крунисан за император од страна на папата.

Империјата била замислена како универзално христијанско царство, во кое императорот владее во соработка со црквата. Но, особено од XIII век, таа сѐ помалку функционирала како централизирана држава. Наместо тоа, се претворила во лабав сојуз на автономни кнежевства, војводства, црковни територии и слободни градови. Ваквата рамнотежа на сили ја ограничувала власта на императорот, кој бил само еден од многуте актери во таканаречената империска држава.

И покрај ограничената моќ, титулата император носела голем престиж. Идејата за обединување на христијанска Европа под една круна останала силен идеолошки симбол, што ѝ овозможило на империјата да го задржи своето значење низ средниот век, особено во германските и италијанските земји.

Во текот на раниот среден век, англиските територии биле цел на повеќе инвазии. На островот биле создадени неколку кралства кои континуирано воделе борби за превласт. Во 927 година кралот Етелстан успеал да ги обедини англосаксонските кралства и станал првиот владетел на обединета **Англија**.

Во 1066 година, Англија се соочила со нова инвазија. Норманите, предводени од војводата Вилхелм од Нормандија, ја поразиле англиската војска во битката кај Хејстингс. Вилхелм бил крунисан за крал на Англија и станал познат како **Вилијам I Освојувачот**.

Новиот крал воспоставил силна централизирана власт. За разлика од другите феудални држави, каде што благородниците честопати му биле лојални само на својот непосреден господар, во Англија сите феудалци му давале заклетва на верност директно на кралот. Со тоа била надмината слабоста на феудалниот поредок, изразена во правилото „Вазалот на мојот вазал не е и мој вазал".

На почетокот на XIII век, англиските кралеви се соочиле со сѐ поголем отпор од страна на благородништвото. Кралот Јован Беземја, поради воени порази, зголемени давачки и самоволно владеење, го изгубил угледот кај бароните. Во 1215 година, тие го принудиле да ја потпише

**Истражувај:**

Викинзите биле познати како смели морепловци, воини и трговци, кои од VIII до XI век стигнувале до далечни и непознати краишта. Потекнувале од Скандинавија, каде што ги оформиле првите кралства. Нивните брзи и лесни бродови претставувале страв и трепет за крајбрежните населби на Европа – од британските острови до Франција, Шпанија и дури до бреговите на Византија. Освен што напаѓале и ограбувале, Викинзите и тргувале, основале населби и често се мешале со локалното население.

Истражи повеќе за нападите и населувањето на Викинзите на британските острови.

– Кога и каде првпат пристигнале? Што се случило таму?

– Што мислиш – што им било најважно: богатство, слава, земја или нешто друго?




Вилијам I Освојувачот – имагинарен портрет, масло на платно

**Големата повелба на слободата (Magna Carta)** – документ со кој биле поставени ограничувања на кралската власт.

Во 1295 година, кралот Едвард I го свикал т.н. Модел парламент, во кој, покрај благородници и свештеници, биле вклучени и претставници на градовите и окрузите. Со тоа бил поставен темелот на англискиот парламент, а кралот морал да бара согласност за одредени одлуки.

По X век, **Франција** била феудално раздробена земја во која кралот имал слаба власт и контролирал само мала територија околу Париз. Вистинската моќ била во рацете на големите феудалци. Централизираната кралска власт почнала да се консолидира дури во XIV и XV век, особено по Стогодишната војна (1337-1453) против Англија, кога кралот добил контрола над војската, даноците и администрацијата. Тој процес кулминирал во втората половина на XV век, во времето на Луј XI, кој успеал да го потчини благородништвото и да ги постави темелите на апсолутизмот.



Фердинанд и Изабела – портрет, масло на платно

Во **Шпанија**, процесот на создавање монархија бил поврзан со Реконквистата. Христијанските кралства Арагон, Кастилја и Леон постепено се обединиле, а со бракот на Фердинанд и Изабела во 1469 година се создала основата на обединета Шпанија.

До крајот на средниот век, стариот феудален поредок почнал да се распаѓа. Градовите растеле, кралевите постепено ја зацврстувале својата власт, а општеството почнало полека да се менува. Се појавиле нови луѓе со нови идеи за човекот и за светот. Европа се подготвувала да влезе во едно сосема ново време.

**Провери го наученото**

1. Кои услови довеле до создавање на феудалниот поредок во Европа?
2. Што значи изразот „Вазалот на мојот вазал не е и мој вазал" и зошто тоа било проблем за кралевите?
3. Кои биле последиците од потпишувањето на Големата повелба на слободата во 1215 година?

# Хуманизмот и ренесансата

## Хуманизмот и почетоците на ренесансата

Кон крајот на средниот век, луѓето почнале поинаку да размислуваат за себе и за она што ги опкружува. Наместо да го прифаќаат светот исклучиво преку толкувањата на црквата и традицијата, сè повеќе се насочувале кон лично истражување, учење и развивање.

Во XIV и XV век, неколку италијански градови, особено Фиренца, Венеција и Милано, се развиле во значајни центри на економски и културни промени. Тие имале самостојна власт, развиена трговија и активен градски живот, што ги издвојувало од остатокот на феудална Европа. Богатите трговци, банкарски семејства и влијателни граѓани сè повеќе вложувале во уметноста, образованието и архитектурата. Во таква средина се појавил нов начин на размислување – хуманизмот – насочен кон разумот, учењето и достоинството на човекот.



Франческо Петрарка – таткото на хуманизмот

Хуманизмот го ставил човекот во центарот на вниманието. Се верувало дека секоја личност има разум, чувства и слободна волја, дека може самостојно да учи, размислува и да носи морални одлуки. Хуманистите не се согласувале со ставот дека човекот е само понизен слуга на Бога или кралот. Според нив, знаењето не треба да се прифаќа без размислување, само затоа што така кажале свештениците или владетелите. Наместо тоа, секој треба сам да го истражува светот, користејќи ги своите сетила и разум.

Особено важна за хуманистите била улогата на образованието. Тие сметале дека освен што треба да учи и да стекнува знаење, човекот треба да се развива како слободна, морална и разумна личност. Затоа го поддржувале изучувањето на т.н. *studia humanitatis* – предмети како граматика, реторика, историја, поезија и етика. Овие науки се сметале за суштински за да се формира достоен човек и добар граѓанин. Тие му помагале на поединецот да ги прошири своите знаења, да изгради вредности и да оформи сопствено мислење. За разлика од традиционалното средновековно образование, кое било насочено кон религијата, хуманистите се залагале за знаење што се однесува на човекот, животот и општеството.

Во потрага по нови вредности, хуманистите се враќале кон делата на античките мислители како Цицерон, Платон, Аристотел и Вергилиј. Во нив наоѓале идеи што, според нив, покажувале како треба да живее, да размислува и да се развива човекот.

### Помалку познати зборови и термини:

**Studia humanitatis**

Латински израз што во ренесансата означувал вид образование насочено кон развој на човекот како слободно, разумно и морално суштество. Наместо да се учат само верски текстови, овие студии се фокусирале на јазик, изразување, етика и историја, односно на сè што ѝ е потребно на една личност за активно и одговорно учество во општеството.



„Летечка машина“ – цртеж од Леонардо да Винчи

**Истражувај:**

Одбери современ научник, уметник или јавно лице кое ги спојува креативноста и знаењето, слично како што тоа го правел Леонардо да Винчи. Напиши краток опис и објасни зошто би го нарекол „човек на ренесансата“.

Ова враќање кон знаењата од антиката станало темел за културната преродба наречена **ренесанса**. Таа длабоко влијаела врз уметноста, архитектурата, книжевноста и начинот на размислување за општеството и политиката.

Еден од најголемите умови на ренесансата бил италијанскиот уметник и пронаоѓач **Леонардо да Винчи**, познат по своите ремек-дела „Мона Лиза“ и „Тајната вечера“. Тој го споил уметничкиот талент со љубопитноста за природата и науката и направил важни откритија во анатомијата, инженерството и природните науки. Создавал детални анатомски цртежи, осмислувал машини и внимателно ги проучувал природните појави. Со тоа покажал дека уметноста и науката можат да се надополнуваат.

## Ренесансата во уметноста и литературата

Многу ренесансни уметници не би можеле да ги создадат своите дела без поддршката од богатите покровители. Таквите луѓе се нарекувале **мецени**. Тие финансирале уметници, научници и писатели, верувајќи дека преку културата ќе оставаат траен белег во историјата. Најпознати меѓу нив биле Медичите од Фиренца – банкарско семејство кое со своето богатство и влијание дало голем придонес во развојот на ренесансната уметност. Тие поддржале уметници како **Микеланџело Буонароти**, кој уште како млад бил повикан да живее и учи во нивниот дворец. Микеланџело станал еден



Атинската школа – фреска

од најпознатите уметници на ренесансата. Со своите скулптури „Давид", „Пиета", како и со фреските во Сикстинската капела, го прикажувал човекот како божја творба, но и како силно и достоинствено суштество. Неговите дела ја истакнуваат убавината и духовната сила на човековото тело. Со нив, Микеланџело ја пренесува хуманистичката порака дека човекот има вредност сам по себе. Рафаело, пак, во фреската „Атинската школа" ги насликал познатите антички филозофи во околина што наликува на неговото време, со што покажал дека старите идеи сè уште имаат значење во новиот свет.

Хуманистичките идеи имале силно влијание и врз книжевноста. Посебно се истакнуваат тројца италијански писатели: Данте, Петрарка и Бокачо. **Данте Алигиери**, со своето дело „Божествена комедија", ги поврзал верувањата од средниот век со новиот начин на размислување. **Франческо Петрарка**, често нарекуван татко на хуманизмот, го свртел вниманието кон личноста и внатрешниот свет на човекот. **Џовани Бокачо**, во „Декамерон", го прикажал секојдневниот живот на обичните луѓе, со што вовел нов реализам во книжевноста. Овие писатели го пренеле духот на новото време и помогнале да се изгради ренесансниот поглед на човекот и општеството.

Влијанието на ренесансата брзо се проширило и надвор од Италија. Во Франција, Шпанија, Германија и Англија се појавиле писатели, мислители и уметници кои ги прифатиле хуманистичките идеи и ги приспособиле на своите културни средини. Во Англија, најзначајна фигура бил **Вилијам Шекспир**. Неговите драми, како „Хамлет", „Отело" и „Макбет", ги прикажуваат човечките страсти, слабости и морални дилеми. Шекспир се занимавал со реални, сложени личности, чие човечко искуство и денес ни изгледа блиско. Во Шпанија, **Мигел де Сервантес**, преку ликот на Дон Кихот, направил пародија на витешката традиција, но воедно создал длабоко хуманистичко дело за идеалите, илузиите и достоинството на човекот. Во германското културно подрачје, хуманизмот го претставувал **Еразмо Ротердамски**, чии дела, особено „Пофалба на лудоста", критички се осврнуваат на црковната догма и повикуваат на морална обнова преку разум и доблест.



Данте Алигиери – фреска

## Науката и политиката во ренесансата

Ренесансата не се ограничила само на уметноста и книжевноста. Таа предизвикала длабоки промени и во начинот на кој луѓето ја разбирале природата. Наместо да се прифаќаат теолошки

објаснувања, почнала потрага по природни закони врз основа на набљудување, мерење и анализа. Експериментот и научниот доказ почнале да се прифаќаат како основа на вистинското знаење. Еден од првите што го отвориле патот кон новата наука бил **Никола Коперник**, кој со хелиоцентричната теорија тврдел дека во центарот на универзумот е Сонцето, а не Земјата. Иако неговите идеи наишле на отпор, тие длабоко го промениле светогледот и ја отвориле вратата за научната револуција во Европа во XVII век.



Коперниковиот цртеж на Сончевиот Систем – Сонцето во центарот на универзумот (1543 г.)

Паралелно со промените во науката, се менувале и погледите на луѓето за општеството и власта. Италијанскиот мислител **Николо Макијавели**, во своето дело „Владетелот", напишал дека владетелот не треба секогаш да се води според морални или религиозни правила. Наместо тоа, треба да донесува одлуки што се корисни за државата, дури и кога изгледаат сурови или неморални. Макијавели сметал дека политиката има свои правила, различни од правилата на добрината или верата. Со таков пристап, тој го оспорил традиционалниот поглед дека власта доаѓа од Бога и отворил пат за нов начин на размислување, во кој политиката се гледа како вештина што не зависи од религијата.

### Клучни разлики меѓу средновековниот и хуманистичкиот/ренесансниот начин на размислување

| Поглед на: | Средновековен светоглед | Хуманистички/ренесансен поглед |
|---|---|---|
| Човекот | Човекот е грешен, мал пред Бога и ограничен со судбината | Човекот има разум, слобода и вредност сам по себе |
| Изворите на знаење | Светото писмо и учењата на црквата и авторитетите | Истражување, искуство, критичка мисла и набљудување |
| Уметноста | Насочена кон религијата, симболична и стилизирана | Реалистична, инспирирана од природата, телесноста и секојдневието |
| Власта и религијата | Власта е дадена од Бога, религијата е главен авторитет | Политиката е вештина, а религијата се преиспитува |

До крајот на XVI век, ренесансата се проширила во повеќе делови од Европа и станала пример за културен развој. Нејзините

**Прашања за дискусија:**

Макијавели тврдел дека владетелот не мора да биде добар, туку успешен.

– Дали се согласуваш со тоа? Објасни зошто.

– Дали вакви идеи се применуваат и денес во политиката?

идеи за човечко достоинство, образование, разум и креативност оставиле траен белег во историјата и останале важни сè до денес. Луѓето почнале поинаку да го гледаат човекот, не како пасивно суштество потчинето на судбината, туку како разумно и активно битие што учи, создава и се менува.

Ренесансата означила премин од време кога владееле слепата вера и стравот, кон ново време на љубопитност, истражување и изразување преку уметност и наука. Со својата хелиоцентрична теорија, Коперник го поставил Сонцето во центарот на вселената, но ренесансата го поставила човекот во центарот на размислувањето. Без оваа промена, тешко би можеле да ги замислиме современата наука или човековите права.

## Сроживување со минатото

**Замисли дека си ученик во ренесансна Фиренца и твојот учител по реторика ти дава задача:**

**Да одржиш краток говор на градскиот плоштад за тоа зошто образованието и уметноста се важни за иднината на општеството.**

**Во говорот користи барем три поими од лекцијата, на пример:**

**разум, достоинство, studia humanitatis, човекова вредност, уметност, мецена.**

**Совет: Почни вака:**

*„Почитувани сограѓани, денес не зборуваме само за уметност и книги, зборуваме за тоа што значи да се биде човек...“*

## Провери го наученото

1. Што претставува хуманизмот и кои се неговите главни идеи?
2. Кои личности се поврзуваат со ренесансната уметност и зошто?
3. Како се менува разбирањето за науката во оваа епоха?
4. Зошто Коперниковата теорија била толку револуционерна?

# Реформацијата и противреформацијата

## Причини за реформацијата

Во XVI век, христијанска Европа се соочила со длабока духовна, општествена и политичка криза. Католичката црква, која со векови била највисок авторитет во верата и моралот, сè повеќе ја губела довербата кај луѓето. Свештениците, особено оние на високи позиции, живееле во раскош, се мешале во световната политика и често биле обвинувани за корупција и неморално однесување. Во исто време, обичните верници биле оптоварени со давачки, а за прошка на гревовите морале да купуваат индулгенции. Многумина почнале да увидуваат дека Црквата веќе не нудела вистинска духовна помош, туку наплатувала за прошка на гревовите користејќи го стравот на луѓето.



Споменик на Јохан Гутенберг, Мајнц (Германија)

Незадоволството не произлегло само од злоупотребите на Црквата, туку и од поширокитe промени во начинот на размислување. Под влијание на хуманизмот, сè повеќе учени луѓе почнале да се прашуваат што претставува суштината на христијанската вера. Тие верувале дека вистината не треба да се бара во црковните правила, туку во самото Свето писмо, читано, толкувано и разбрано од секој човек. Во тоа време, огромна улога одиграл и технолошкиот напредок. **Печатарската машина**, усовршена од Јохан **Гутенберг**, овозможила овие нови идеи и преводи на Библијата да се умножуваат и шират. Тогаш, првпат, обичниот човек имал можност сам да прочита текстови за верата и да размислува за нив без посредници.

Во таков контекст, во Германија се појавил **Мартин Лутер**, монах и професор по теологија. Тој сметал дека Црквата се оддалечила од вистинските христијански вредности. Во 1517 година, на вратата од црквата во Витенберг, Лутер закачил список со 95 тези во кои ја довел во прашање продажбата на индулгенции и посочил на проблемите во Црквата. Според него, човекот не може да го купи спасението, туку треба да му се приближи на Бога преку вера, искрено каење и читање на Библијата. Тој верувал дека секој христијанин има право сам да ја чита Библијата и да размислува за својата вера, без посредништво од Црквата.



Мартин Лутер ги закачува 95-те тези на вратата на црквата во Витенберг (1517) – масло на платно

Неговите идеи брзо се прошириле, затоа што одговарале на незадоволството што веќе постоело кај многу луѓе. Објавувањето на тезите на Лутер се смета за почеток на **Реформацијата** – верско движење што барало обновување на христијанската вера и промени во Католичката црква.

Црквата реагирала со осуда на Лутер. Тој бил обвинет за ерес, а папата го исклучил од Католичката црква. Но Лутер имал силна поддршка, особено од некои германски кнезови кои сакале поголема независност од папата и од царот. Неговото учење се проширило и се појавил нов верски правец – **лутеранството**. Приврзаниците на Лутер биле наречени **протестанти**, затоа што дел од нив јавно протестирале против ограничувањето на верската слобода.

**Прашања за дискусија:**

Дали Мартин Лутер сакал да создаде нова религија или првично сакал да ја реформира постојната црква?

## Ширење на протестантизмот

Покрај Лутер, во тоа време во германските земји се појавиле и други реформатори со различни погледи. **Томас Минцер**, на пример, освен за промени во верата, се залагал и за социјална правда. Тој сметал дека христијанството треба да им помогне на сиромашните и да ги поддржи нивните барања за подобар живот. Неговите порешителни ставови довеле до судир со властите и негово погубување.



Жан Калвин – портрет, масло на платно

Реформацијата се проширила и во други делови од Европа. Во Швајцарија, важна улога имал **Жан Калвин**. Тој учел дека Бог однапред одредува кој ќе биде спасен, и дека моралниот живот бил знак дека човекот е избран од Бога. Учењето на Калвин било строго и организирано, што привлекло многу луѓе кои сакале ред, дисциплина и независност од Црквата во Рим. **Калвинизмот** се проширил во Франција, Холандија и Шкотска.

Француските кралеви го гледале протестантизмот како закана за единството на државата и својата власт, па често прибегнувале кон насилство. Во Франција, протестантите, познати како **хугеноти**, биле жестоко прогонувани. Најтрагичен бил настанот познат како Вартоломејска ноќ во 1572 година, кога биле убиени околу 3000 луѓе во Париз.

Во Англија, религиозната промена почнала со спор меѓу кралот **Хенри VIII** и папата. Хенри сакал да се разведе од својата сопруга, но папата тоа не го дозволил. Како одговор, кралот ја прекинал врската со Рим и се прогласил за поглавар на новата **Англиканска црква**. Со тој чекор не само што ја прекинал врската со папата, туку и ја поставил кралската власт над црковната. Така, англиската држава ја презела контролата врз верските прашања.

**Истражувај:**

Кои европски држави денес имаат најмногу протестанти, а кои се сè уште со доминантно католичко население?

Слични процеси се случувале и во други земји. Протестантските движења не биле само верски, туку често

биле поврзани и со политички и национални стремежи. Во многу средини, преминот кон протестантизам бил начин да се покаже отпор кон странска верска или политичка власт и да се зајакне сопствениот идентитет.

## Противреформацијата и последиците од верските поделби


Хенри VIII – портрет, масло на платно

Противреформацијата била одговорот на Католичката црква на предизвикот што го донела реформацијата. Целта била да се обнови Црквата однатре, да се зајакне нејзината положба и повторно да се добие довербата на верниците. Во градот Трент бил свикан голем црковен собор, кој заседавал со прекини од 1545 до 1563 година. Таму биле потврдени основните католички учења, но била донесена и одлука за промени. Се истакнала потребата свештениците подобро да се образоваат, построго да се следи нивното однесување и да се запре злоупотребата со индулгенции. Целта била Црквата да стане поодговорна и поблиска до народот.

Црквата презела и поостри чекори за да го спречи ширењето на новите учења. Инквизицијата, црковен суд што ги испитувал и казнувал обвинетите за ерес, добила поголема моќ. Бил составен и список на забранети книги, меѓу кои и некои преводи на Библијата на народни јазици. Во тоа време бил основан нов монашки ред – језуитите. Нивниот основач Игнасио Лојола ги замислил како ред целосно посветен на папата, кој ќе ја зајакнува католичката вера преку својот пример за скромност, образование и мисионерска работа. Језуитите отвориле училишта и колеџи низ Европа, дале значаен придонес во науката и теолошката мисла и одиграле важна улога во обновата на Католичката црква. Нивната мисија се проширила и во Азија, Африка и Америка.

Верските разлики што настанале по реформацијата довеле до многу конфликти и војни низ Европа. Во германските земји, Карло V, свет римски император и крал на Шпанија, се обидел со сила да ги врати сите под католичка власт. Но кога увидел дека тоа е невозможно, прифатил договор: секој владетел ќе може сам да одлучи која вера ќе се практикува во неговата земја. Овој принцип, познат како „Чија е земјата, негова е и верата", донел привремен мир. Слични судири имало и во Франција. Таму кралот Анри IV со Нантскиот едикт признал ограничена верска слобода за хугенотите. Најдолг и најкрвав судир што ја потресол речиси цела Европа била Триесетгодишната војна, која почнала во 1618 година. Таа завршила во 1648 година со Вестфалскиот мировен договор, кој го потврдил правото секоја држава самостојно да одлучува за својата вера.

Реформацијата и противреформацијата оставиле длабоки и трајни последици врз верата, општеството и културата во западна и централна Европа. Во некои протестантски средини, особено кај калвинистите, се појавил нов однос кон трудот, одговорноста и личната иницијатива. Со текот на времето, овие идеи влијаеле врз развојот на трговијата и демократијата. Во земји како Англија и Холандија, тие придонеле за развој на парламентарна власт и граѓански права.

Верските разлики се одразиле и во уметноста и архитектурата. Протестантските цркви биле едноставни и без раскош или украси. Тие биле скромни простори за молитва и читање на Библијата. Наспроти тоа, католичките храмови биле наменети да импресионираат. Во стилот




Верски поделби во Европа во првата половина на XVII век

на уметничкиот правец барок, ѕидовите и таваните биле украсени со живописни сцени и злато, со високи куполи, статуи и импозантни олтари. Сè било создадено така што верникот, кога ќе влезе, веднаш да ја почувствува големината на Бога и моќта на Црквата.

Реформацијата не значела само промена во религиозниот живот. Таа ги продолжила размислувањата почнати со хуманизмот и поттикнала луѓето сè повеќе да размислуваат самостојно и да носат одлуки според својата совест.

## Провери го наученото

1. Зошто индулгенциите предизвикале толку силна реакција во XVI век?
2. Каква била улогата на печатарската машина во ширењето на идеите на реформацијата?
3. Како реагирале различни владетели на реформацијата, и зошто некои ја поддржале, а други ја осудиле?
4. Како се обидела Католичката црква да одговори на ширењето на протестантизмот?

# Науката и новиот поглед на светот



Френсис Бекон – портрет, масло на платно

## Почетоците на научната револуција

Во доцниот XVI и XVII век, многу луѓе во Европа почнале поинаку да го гледаат светот. Наместо да се потпираат на Библијата или на старите грчки и римски автори, сè повеќе истражувачи барале одговори преку набљудување, мерење и експериментирање. Овој нов начин на размислување се разликувал од претходниот, кој се засновал на вера, традиција и авторитет. Сè почесто се истакнувале разумот, искуството и потребата знаењето да биде проверливо. На тој начин почнало ново поглавје во историјата на знаењето, познато како научна револуција.

Таквиот пресврт не се случил одеднаш. До XVI век, објаснувањето на природата било тесно поврзано со религијата и учењата на Црквата. Светот се сметал за совршен и уреден според божјиот план и ретко се доведувал во прашање. Но со научната револуција почнал да се развива поинаков поглед, заснован на логика, докази и набљудување. Природните појави сè почесто се објаснувале без повикување на божја волја, како нешто што човекот може сам да го разбере.

На почетокот на научната револуција, некои мислители се обиделе да објаснат како точно треба да се гради знаењето. Еден од нив бил Френсис Бекон, кој сметал дека науката треба да се заснова на искуство и да биде корисна за луѓето. Според него, знаењето е моќ, но само ако може да се примени. Тој предложил начин на размислување што почнувал со конкретни примери и водел до општи заклучоци – пристап познат како индукција. Бекон верувал дека науката треба да доведе до корисни откритија и да ги охрабри луѓето да размислуваат самостојно, а не само да прифаќаат што им кажуваат другите.

Токму од ваквиот пристап подоцна се развил т.н. научен метод – нов начин на работа кој станал темел на современата наука.

Научниот метод значел дека знаењето не треба да се заснова на верувања, туку на проверени факти. Наместо да прифаќаат туѓи тврдења, научниците најпрво поставувале прашања, набљудувале и правеле експерименти, а дури потоа извлекувале заклучоци. Секое тврдење морало да се провери и докаже, наместо само да се прифати како вистина. Во тој период се појавиле два начини на размислување: емпиризам, според кој знаењето доаѓа од искуството и експериментите, и рационализам, кој смета дека разумот и логиката се најважни. И двата

### Помалку познати зборови и термини:

**Индукција** (од латинскиот збор inductio, што значи „воведување") е начин на размислување при кој од повеќе конкретни примери се извлекува општа вистина. Наместо однапред да се прифаќа некое правило, Бекон сметал дека треба внимателно да се набљудуваат појавите и да се доаѓа до заклучок преку искуство.

*Пример за индукција:*
Ако ставиш парче восок на топло, ќе се стопи.
Ако ставиш друг вид восок – и тој ќе се стопи.
Без разлика дали е бел, жолт или црвен восок, восокот секогаш се топи кога ќе се загрее.

Од овие примери може да се заклучи: сите видови восок се топат при загревање.

пристапи се надополнувале и придонеле за развој на нова култура на размислување, различна од старите верски објаснувања на светот.

| Поим: | Емпиризам | Рационализам |
| --- | --- | --- |
| Објаснување: | Знаењето доаѓа преку искуство, набљудување и експерименти | Знаењето доаѓа преку разумот и логичкото размислување, дури и без претходно искуство. |
| Пример: | Ако растенијата растат побрзо на светлина отколку во сенка, тогаш светлината го забрзува растот. | Ако сите птици имаат крилја, а гулабот е птица, тогаш гулабот има крилја. |

## Научници и нивните откритија

Научната револуција во голема мера се надоврзала на идеите на хуманизмот и љубопитноста што се развила во времето на ренесансата. Додека хуманистите ја истакнувале важноста на човекот и неговата способност да мисли, научниците направиле нов чекор: сакале да го разберат светот со помош на знаење што може да се провери и докаже. Познатата мисла на античкиот филозоф Протагора, „човекот е мера за сите нешта", во ренесансата добила ново значење – дека секоја појава во природата може да се измери, испита и предвиди.

Еден од првите научници што го применувале новиот научен метод бил Галилео Галилеј. Иако не го измислил телескопот, тој го усовршил и меѓу првите го употребил за набљудување на небото. Со негова помош открил сателити околу Јупитер, дамки на Сонцето и планини на Месечината. Овие откритија покажале дека небото не е совршено и непроменливо, како што дотогаш се верувало. Галилеј јавно ја поддржал идејата на Коперник дека Сонцето, а не Земјата, се наоѓа во центарот на универзумот. Црквата го осудила и го натерала јавно да се откаже од своите ставови. Неколку децении пред него, Џордано Бруно бил погубен затоа што тврдел дека вселената е бесконечна и ги доведувал во прашање црковните учења.

Во Франција, Рене Декарт се залагал за поинаков начин на размислување. Тој сметал дека човек не треба веднаш да верува во нешто, туку прво да се праша дали тоа е навистина точно. Според него, вистинското знаење се гради со помош на разумот и логиката. Неговата мисла „Мислам, значи постојам" станала симбол на новото време, кога сè повеќе се ценело самостојното размислување. Декарт верувал дека природата може да се објасни преку броеви, формули и јасни правила.



Галилео Галилеј го претставува својот телескоп пред венецијанските власти – литографија

Придонел и за развојот на геометријата, но уште повеќе за идејата дека сомневањето е првиот чекор кон вистината.

Еден од највлијателните научници во тоа време бил Англичанецот Исак Њутн. Тој ги обединил сознанијата од механиката и астрономијата и создал општа теорија за движењето на телата. Се потпирал на работата на Галилеј и на Јоханес Кеплер, кој открил дека планетите не се движат по совршени кругови, туку по елипси. Во 1687 година ја објавил книгата *Principia Mathematica*, која станала темел на модерната физика. Њутн сметал дека природата е како голем механизам што работи по исти правила насекаде. Со математика и разум, сметал тој, може да се опише сè: од падот на јаболко до движењето на планетите.



Исак Њутн – портрет, масло на платно

## Ширење на научните откритија

Научната револуција не би можела да се случи без напредок во технологијата. Телескопот, развиен на почетокот на XVII век, им овозможил на научниците да набљудуваат далечни небесни тела. Подоцна, микроскопот открил сосема нов, дотогаш невидлив свет. Холандскиот истражувач Антони ван Левенхук прв ги забележал бактериите, откритие што во тоа време било вистинска сензација.

Но дури и најгенијалните идеи не би имале влијание без можност за споделување. Благодарејќи на печатарството, новите научни знаења брзо се ширеле низ Европа. Научниците почнале да ги објавуваат своите истражувања и да разменуваат мислења. Во 1665 година било издадено првото научно списание на светот, наречено *Филозофски трудови*. Тоа овозможило редовна размена на информации, нови откритија и мислења. Така се формирала првата научна заедница, односно група луѓе што споделувале податоци и учеле едни од други. Тоа бил почетокот на она што денес го нарекуваме научна култура.

Значајна улога во ширењето на научното знаење одиграле и универзитетите. Во XVII и XVIII век, сè повеќе европски универзитети почнале да прифаќаат нови идеи и да воведуваат предавања по природни науки. Покрај класичните предмети, младите студенти учеле за најновите откритија во физиката, астрономијата и биологијата. Со текот на времето се основале и академии за наука. Универзитетите и академиите станале места каде што научниците можеле да соработуваат и да ги споредуваат резултатите од своите истражувања. Знаењето се ширело преку книги, писма и лични контакти, независно од државните граници. Така, Европа станала водечки центар на науката, а новите идеи постепено се ширеле низ целиот свет.




Микроскоп од XVII век – илустрација

Но напредокот не бил еднаков за сите. Жените биле исклучени од универзитетите и



Тринити колеџ на Универзитетот во Кембриџ, каде што студирал и предавал Исак Њутн

научните кругови. И покрај тоа, некои од нив успеале да придонесат во области како медицината и астрономијата. Најчесто работеле во домашни услови, без поддршка и без официјално признание.

Со своите идеи и откритија, научната револуција длабоко го променила начинот на кој луѓето го разбирале светот. Благодарејќи на неа започнал развојот на науката, образованието и технологијата. Со текот на времето, научната мисла почнала да влијае и врз индустријата, политичките идеи и човековите права. Денес нејзиното влијание е присутно во болниците, училиштата, фабриките и во секоја нова технологија.

**Прашања за дискусија:**

Марија Кирх била германска астрономка од почетокот на XVIII век. Таа работела заедно со својот сопруг Готфрид Кирх и во 1702 година забележала нова комета. Но кога откритието било објавено, заслугите му биле припишани на нејзиниот сопруг, а нејзиното име не било спомнато.

– Зошто мислиш дека нејзиното откритие не било признаено?

– Што ни кажува овој пример за положбата на жените во науката во тоа време?

**Провери го наученото**

1. Што претставува индукција и како Френсис Бекон го користел овој пристап?
2. Што е емпиризам, а што рационализам? Објасни ги преку пример.
3. Кои се разликите меѓу старите верски објаснувања за природата и новите научни пристапи во XVII век?
4. Со што придонеле Галилеј, Декарт и Њутн за научната мисла?
5. Зошто жените имале тешкотии да учествуваат во науката? Објасни преку примерот на Марија Кирх.

# Империите во новиот век

## Формирање и особености на нововековните империи

Од XVI до XVIII век, некои европски држави значително се прошириле и се развиле во големи империи. Тие завладеале со обемни територии надвор од своите почетни граници, на кои живееле народи што зборувале различни јазици и припаѓале на различни верски заедници. За да го одржат таквото владеење, тие воспоставиле сложени системи на власт и управување.

Империите што се појавиле во новиот век се разликувале од оние во антиката и од средновековните кралства. За разлика од феудалниот поредок што доминирал во средниот век, нововековните империи се засновале на централизирана власт и добро организирана државна управа. За разлика, пак, од античките империи, нововековните користеле огнено оружје, силна морнарица и поразвиени форми на администрација, со кои воспоставиле подолготрајна и поефикасна власт. Иако и во антиката имало големи освојувања, нововековните држави обезбедиле контрола над прекуморски територии и изградиле мрежи на трговија што го поврзале целиот свет.

## Европските сили и нивната експанзија

Империте во новиот век биле знак на сила и богатство. Тие ја покажувале моќта на владетелите, величината на државата и нејзината контрола врз луѓе и ресурси од далечни краишта. Но, нивното ширење често водело до војни, угнетување и отпори од потчинетите народи.

Во текот на новиот век, неколку држави израснале во моќни сили со значајно политичко, воено и економско влијание. Најистакнати биле Шпанија, Англија, Франција, Русија, Хабсбуршкото Царство и Османлиската Империја. Иако не биле сите официјално наречени империи, поради




Нововековните империи околу 1710 година

големата територија, разновидното население и начинот на владеење, функционирале како вистински империи. Шпанија, Англија и Франција изградиле поморски империи со колонии на различни континенти. Русија, Хабсбуршкото и Османлиското Царство се securities ширеле по копно.

Покрај овие сили, значајна улога во прекуморската експанзија имале и Португалија и Холандија, кои владееле со територии во Африка, Азија и Јужна Америка, особено преку своите трговски компании и морнарица.



Златниот олтар во катедралата во Толедо (Шпанија) – украсен со злато донесено од колониите во Америка

Шпанија била една од првите големи колонијални сили. Во XVI век, Шпанците освоиле голем дел од Америка и воспоставиле мали поседи во Азија и Африка. Колониите ѝ носеле на Шпанија злато, сребро и работна сила, со што станала најбогатата држава во Европа во тоа време.

Англија и Франција се издигнале во XVII век како нови прекуморски сили. Обете држави изградиле моќни флоти, основале колонии во Северна Америка и Карибите, и воспоставиле трговски станици во Индија и Африка. Англија особено напредувала преку трговијата, морнарицата и создавање населени колонии, што подоцна ќе стане темел на Британската Империја.

**Дали знаеш дека...**

До 1707 година, Англија била посебно кралство. Со обединувањето со Шкотска настанала државата Велика Британија. Англија почнала да освојува колонии уште во XVI век, а сите тие територии подоцна станале дел од она што ќе се нарече Британска Империја – најголемата империја во историјата.

Русија се ширела копнено, најмногу кон Сибир, Кавказ и Источна Европа. На овие територии, државата основала нови градови, назначувала управници и распоредувала воени гарнизони. Покрај тоа, активно населувала Руси, со што ја зацврстувала царската власт, ги поврзувала новите области со централната држава и го ширела православното христијанство. Во XVIII век, нејзината моќ значително пораснала по победите над Шведска и Османлиите, со што станала водечка сила во Источна Европа.

Хабсбуршкото Царство владеело со разнородни народи во Централна Европа. Се потпирало на католичката вера, сојузништвото со благородниците и организирана армија, која имала важна улога во одбраната и проширувањето на царската власт. Територијалните интереси на Царството биле насочени кон Европа, а не кон прекуморски освојувања.



Хабсбуршката царица Марија Тереза – портрет, масло на платно

Османлиската Империја се простирала преку делови од Европа, Азија и Северна Африка. Имала централизирана власт, поделба на територијата во покраини (ејалети), и сложен систем на управа предводен од султанот. Империјата обединувала различни народи и религии во рамките на еден државен поредок. Во XVIII век, сепак, почнала да губи територии и влијание, особено по поразите од Русија и Хабсбуршкото Царство, што ги покажало првите знаци на слабеење.

Иако се разликувале по начинот на уредување и обликот на власта, сите империи се потпирале на три главни столба: **војска, управа и идеја за ред и покорност**. Но за да останат силни, не било доволно само да освојуваат. Морале да најдат начин како да владеат со народи што зборувале различни јазици, имале свои обичаи и живееле на далечни места.

**Истражувај:**

Во кои земји надвор од Европа денес се зборуваат англискиот, францускиот и шпанскиот јазик?

Размисли дали тоа има врска со европските империи од новиот век.

За да го постигнат тоа, имперските држави осмислиле како да ја одржуваат власта. Владетелите избирале доверливи луѓе како управници, судии, собирачи на даноци и воени заповедници, кои ја спроведувале нивната власт. Тие одржувале ред, собирале пари и се грижеле да се почитуваат правилата. Се правеле списоци на луѓето и имотот, а законите важеле за сите. Во Франција и Русија, богатите благородници често добивале важни функции. Во Англија, трговците имале претставници во парламентот и учествувале во донесувањето закони. Благодарејќи на тоа, империите можеле да владеат со многу места одеднаш.

## Последици од империското владеење

Во тоа време се појавила нова економска идеја наречена **меркантилизам**. Според неа, државата требало да извезува што повеќе свои производи, да увезува што помалку и да собира злато и сребро. Владетелите ги поддржувале домашните занаетчии, воведувале царини и дозволувале само одредени трговци да продаваат некои производи. Колониите служеле како места од каде што се земале суровини и како пазари каде што се продавале европските стоки. На тој начин се развиле занаетчиството, трговијата и банкарството.

Во рамките на оваа економска политика се појавиле и големи трговски компании. **Британската источноиндиска компанија и Француската источноиндиска компанија** добивале дозволи од кралот да тргуваат, да управуваат со одредени територии, па дури и да имаат своја војска и да склучуваат договори. Понекогаш биле толку моќни што изгледале како посебни држави и самостојно организирале воени походи.

**Колонијализмот** станал важен дел од начинот на владеење на европските империи. Тие создавале колонии во Азија, Африка и Америка, каде што граделе тврдини, патишта и пристаништа. Локалното население речиси никогаш не учествувало во донесувањето одлуки. Власта ја воделе луѓе пратени од Европа, а целата економија била приспособена на интересите на Империјата. Колониите давале суровини, а



„Алегорија на колонијалната власт" – масло на платно

купувале стоки од Европа. Во дел од колониите биле праќани и мисионери, за да го шират христијанството меѓу населението.

Некои империи вовеле ропство. Милиони Африканци биле насилно заробени и однесени во Америка. Таму биле принудени да работат на големи плантажи со шеќер, памук и тутун, често во многу тешки и сурови услови. Иако биле лишени од слобода, многу од нив создале нова култура, одржале дел од своите обичаи и се бореле за подобар живот.

| Империја | Ропство (да/не) | каде се практикувало? |
|---|---|---|
| Шпанија | да | во колониите |
| Англија | да | во колониите |
| Франција | да | во колониите |
| Русија | не | / |
| Хабсбуршко Царство | не | / |
| Османлиска Империја | да | внатре во Империјата (двор, армија, харем и др.) |

Во сите империи, некои народи имале повеќе права и слободи од други. Во одредени случаи, владетелите се обидувале да наметнат една религија, еден јазик или начин на живот. Во



Пазар на робови во Бразил – гравура

други, се дозволувала одредена слобода, но само ако народите покажеле лојалност кон царот, кралот или султанот. Сепак, не биле сите подготвени да прифатат туѓа власт. Во различни делови на Европа, Азија, Африка и Америка избувнувале востанија, како обид на покорените заедници да добијат поголема слобода. Властите најчесто одговарале со сила, но понекогаш се обидувале да постигнат мир преку преговори или со давање привилегии на локални водачи.

Империите не се бореле само со народите што ги освоиле, туку често воделе војни и меѓу себе. Се натпреварувале за територии, богатство и влијание. Овие судири се случувале во различни делови од светот. Шпанија и Англија војувале на Атлантскиот Океан. Франција и Британија се судриле во Индија, Канада и Африка. Османлиите и Хабсбурзите се бореле за надмоќ на Балканот, а Русија водела долги војни со Османлиската Империја за пристап до топли мориња и проширување на својата моќ. Овие конфликти предизвикале големи загуби и оставиле длабоки последици низ целиот свет.

Империите во новиот век значително го промениле светот. Тие создале нови граници, воспоставиле нов поредок и донеле нови проблеми. Преку трговија, религија, закони и војни, оставиле траен белег врз животот на милиони луѓе. За едни, тие значеле ред, напредок и можности. За други, пак, донеле угнетување, одземање на слободата и страдање. Разбирањето на оваа историја ни помага да сфатиме како се обликувал денешниот свет и зошто многу од неговите нееднаквости, поделби и судири сè уште траат.

**Прашања за дискусија:**

**Империја – *ред или неправда?***

Во лекцијата прочита дека за едни луѓе империите значеле ред, напредок и можности, а за други угнетување и страдање. Размисли и дискутирај во група:

– Кој има поголемо право да ја раскаже приказната за една империја – владетелот или потчинетите народи? Зошто?

– Може ли едно исто владеење да биде и успешно и неправедно во исто време?

## Провери го наученото

1. Што значи поимот „империја“ и во што се разликувале империите во новиот век од државите и империите во средниот век и антиката?
2. Како европските империи успеале да владеат со територии што биле оддалечени и културно различни?
3. Кои империи користеле ропство во своите колонии и со каква цел? Како тоа влијаело врз населението и економијата?
4. Какви последици оставиле империите во новиот век врз денешниот свет (јазик, култура, нееднаквост)?

# Апсолутизмот и просветителството

## Апсолутизмот во Европа

Во текот на XVII и XVIII век, многу европски држави биле управувани од владетели што имале неограничена власт и не одговарале пред никого. Овој начин на владеење се нарекува апсолутизам. Владетелот сам одлучувал за сите важни работи во државата, како законите, даноците, војната и судството. Сите службеници во државата работеле според неговата волја.



Луј XIV, Кралот Сонце – портрет, масло на платно

Апсолутизмот се засновал на идејата за божествено право на владетелот, односно верување дека монархот владее по волја на Бога и дека неговата власт е света и недопирлива. Владетелот не смеел да биде критикуван, неговите постапки не се доведувале во прашање, и никој не смеел да му суди, бидејќи само Бог бил над него. Народот бил должен да му се покорува. Затоа, апсолутизмот често се поврзува со силна централизација, при што владетелот имал контрола врз секој дел од државата.

Најпознат претставник на апсолутизмот бил Луј XIV од Франција, наречен и Кралот Сонце. Тој владеел од 1643 до 1715 година и важел за симбол на апсолутната монархија. Нему му се припишува реченицата „Државата, тоа сум јас!", која го изразува начинот на кој ја разбирал својата власт. Луј XIV го изградил величествениот дворец во Версај и таму го преселил кралскиот двор. Во новото кралско седиште ги држел благородниците под постојан надзор, далеку од своите имоти и без вистинско политичко влијание. Со тоа, кралот успеал да ја ослабне нивната моќ и да ја зајакне сопствената контрола.

Апсолутизмот не постоел само во Франција. Сличен начин на владеење се појавил и во други европски држави, како Русија, Хабсбуршкото Царство и Прусија. Во Русија, најпознат владетел од тој тип бил Петар I Велики, кој владеел од 1682 до 1725 година. Тој спровел многубројни реформи за да ја зајакне државата. На благородниците им наредил да се облекуваат по западна

**Изворите зборуваат:**

„Секоја власт произлегува од Бога. Кралот, како што рече апостол Петар, е служител на Бога. Затоа, кралевите дејствуваат како божји службеници и како Негови претставници на земјата. Преку нив Бог ја врши својата власт. Токму затоа, кралскиот трон не е човечки трон, туку божји трон. Од сето ова произлегува дека личноста на кралот е света и, следствено, секој заговор против него претставува светогрдие. Мора да му се покоруваме на кралот со религиозна побожност и совест."

Жак Бенен Босје („Политика изведена од самите зборови на Светото писмо", 1709)

– Која идеја за власта се изразува во овој извор?

– Дали би му верувал/а на владетел кој тврди дека владее во името на Бог? Објасни.

мода и да ги бричат брадите, за да го приближи руското општество до европските обичаи. Изградил нова престолнина – Санкт Петербург, и вовел постојана војска и воени училишта за обука на офицери. Освен тоа, ја потчинил Руската православна црква на државната власт. Апсолутизмот му овозможил сам да решава за сите важни прашања и да ја обликува Русија по сопствена волја, без да побара согласност од никого.

## Идеите на просветителството

Во исто време, низ Европа почнале да се појавуваат нови идеи. Тие ја критикувале неограничената моќ на владетелите, барале повеќе права за луѓето и ја истакнувале важноста на разумот. Овој начин на размислување се нарекува просветителство.

Просветителството било едно од најзначајните интелектуални движења во европската историја. Се појавило како реакција на апсолутизмот, догмата и нееднаквоста. Просветителите верувале дека разумот е најважната човечка способност и дека преку него може да се дојде до вистинско знаење, праведна власт и поправедно општество. Се спротивставувале на незнаењето, верската нетолеранција и самоволието на власта.



Жан-Жак Русо – портрет, пастел

Еден од највлијателните мислители на просветителството бил англискиот филозоф Џон Лок, чии идеи имале силно влијание врз политичката мисла.

Според Лок, секој човек има природни права, како што се правото на живот, слобода и сопственост, и ниту еден владетел не смее да му ги одземе без причина. Владата, според него, треба да постои само за да ги штити тие права. Ако не го прави тоа, народот има право да ја смени. Тоа е основата на идејата за општествен договор, според која власта постои како договор меѓу граѓаните и владетелите.

Жан-Жак Русо отишол чекор подалеку од другите просветители. Според него, вистинската власт треба да доаѓа од народот, кој заеднички одлучува што е најдобро за целата заедница. Оваа идеја, позната како народен суверенитет, подоцна станала еден од темелите на модерната демократија. Русо остро го критикувал апсолутизмот и се залагал за уредување во кое граѓаните директно учествуваат во носењето одлуки.



„Во салонот на мадам Жофрен", масло на платно – сцена од париски салон каде мислителите на просветителството разменувале идеи

Друг важен просветител бил Шарл Монтескје, кој ги анализирал различните облици на власт и заклучил дека најправеден систем е оној во кој власта е поделена на

законодавна, извршна и судска. Според него, така се спречува злоупотреба и се одржува рамнотежа. Оваа идеја станала еден од темелите на современите правни држави.

**Франсоа Волтер**, пак, се борел за слобода на говорот, верска толеранција и правата на поединецот. Остро го критикувал слепото прифаќање на авторитети и неправдите што се вршеле во име на религијата или моќта. Не повикувал на револуција, туку се залагал за разумни и постепени промени во општеството.

**Дени Дидро** ја уредувал **Енциклопедијата**, огромен проект што го обединил речиси сето знаење од тоа време и го направил достапно за секој образован граѓанин. Енциклопедијата станала симбол на просветителскиот дух, во кој знаењето се сметало за сила што треба да се споделува, а не да се чува во рацете на малкумина.

**Прашања за дискусија:**

Изјавата „Не се согласувам со тоа што го велиш, но ќе се борам до смрт за твоето право да го кажеш" често му се припишува на Волтер, иако всушност ја напишала британската авторка Евелин Хол во 1906 година за да ги сумира неговите ставови.

– На кое основно човеково право се однесува оваа изјава?

– Дали денес тоа право секогаш се почитува?

## Просветни апсолутисти и нивните реформи

Овие идеи имале силно влијание, не само врз образованите луѓе, туку и врз самите владетели. Некои монарси сфатиле дека ако сакаат нивните држави да напредуваат, треба да прифатат барем дел од просветителските замисли. Така се појавил **просветениот апсолутизам**, посебен облик на владеење во кој кралот или царот ја задржува неограничената власт, но ја користи за спроведување реформи во интерес на државата.

Во Прусија, **Фридрих II Велики** (1740–1786) се нарекувал „прв слуга на државата", со што сакал да покаже дека владее во корист на народот. Дозволил слобода на вероисповед, вовел поправеден судски систем и вложувал во наука и образование. Бил инспириран од просветителството, но не се откажал од апсолутната власт.

Во Хабсбуршкото Царство, **Јозеф II** (1765–1790) се истакнал како најрешителниот меѓу просветените апсолутисти. Укинал голем број феудални обврски, го намалил влијанието на Католичката црква и вовел задолжително основно образование. Но неговиот обид да го наметне германскиот јазик како службен во целото царство предизвикал силен отпор. По неговата смрт, значителен дел од неговите реформи биле укинати поради противење од благородништвото и црковните власти.

Во Русија, царицата **Катерина II Велика** (1762–1796) се претставувала како просветена владетелка. Со восхит ги читала делата на Волтер и Монтескје и разменувала писма со дел од просветителите. Основала училишта, отворала библиотеки и се залагала за образование на девојчињата, што тогаш било реткост. Меѓутоа, не направила вистински промени во односот меѓу власта и народот. Продолжила да владее апсолутистички и со сила ги задушувала селските востанија.


Фридрих II Велики – портрет, гравура

Просветениот апсолутизам во голема мера зависел од личноста на владетелот. Тоа бил начин како да се модернизира државата, без да се демократизира. Владетелот ги користел просветителските идеи кога му одговарале, но не и кога барале ограничување на неговата моќ.

Апсолутизмот, просветителството и просветениот апсолутизам се три поврзани, но различни етапи во историјата на власта во новиот век. Апсолутизмот значел неограничена моќ во рацете на монархот. Просветителството го довело во прашање таквиот начин на владеење и понудило визија за поразумно и поправедно општество. Просветениот апсолутизам бил обид да се најде рамнотежа – да се зачува власта, но да се спроведат реформи инспирирани од разумот и знаењето.

Иако не довело до демократија, просветителството поставило темел за идеи што подоцна ќе станат клучни: човекови права, поделба на власта, правна држава и општество засновано на знаење и разум. Неговото влијание ќе стане уште повидливо во следниот историски период, преку револуции, устави што ја ограничуваат моќта на владетелот и борба за граѓанска еднаквост.



Катерина II Велика – портрет, масло на платно

**Дали знаеш дека...**

Катерина II Велика била Германка, а нејзиното вистинско име било Софија. Таа се омажила за идниот руски цар Петар III, кого подоцна, со помош на војската, го отстранила од престолот и станала царица на Русија.

Катерина II Велика помогнала во основањето на институтот Смолњи во 1764 година. Овој институт бил првата државно-финансирана образовна институција за девојчиња во Европа.

Катерина II Велика била голем покровител на уметноста. Нејзината уметничка колекција станала основа на музејот Ермитаж, кој е сместен во Зимскиот дворец во Санкт Петербург.

**Провери го наученото**

1. Што значи поимот апсолутизам? Кој владетел најчесто се поврзува со овој облик на власт?
2. Што претставувало просветителството и со какви идеи настапиле просветителите против апсолутизмот?
3. Како се разликува просветениот апсолутизам од класичниот апсолутизам?

# Американската војна за независност: идеи и создавање нова држава

## Причини за Американската војна за независност

Во втората половина на XVIII век, тринаесетте британски колонии на источниот брег на Северна Америка брзо се развивале. Населението растело, бидејќи многу Европејци доаѓале во потрага по работа и подобар живот. Во северните колонии, како Масачусетс, Њујорк и Пенсилванија, луѓето главно живееле во развиени градови и се занимавале со трговија и занаетчиство.

Во јужните колонии, како Вирџинија и Џорџија, животот се темелел на земјоделството. Таму се одгледувале тутун, памук и ориз, претежно на големи плантажи. Работната сила ја сочинувале африкански робови, кои живееле во тешки услови и немале никакви права. Иако животот на север и југ бил различен, кај колонистите сè повеќе се јавувало чувство на заедништво и уверување дека треба сами да одлучуваат за својата иднина.

Колониите биле дел од Британската Империја, но немале свои претставници во парламентот во Лондон и не можеле да учествуваат во носењето одлуки што ги засегаат. Ова особено важело за новите даноци што Британија почнала да им ги наметнува. Многу колонисти сметале дека е неправедно да плаќаат даноци без да бидат претставени во британскиот парламент од луѓе што самите ги избрале. Својот отпор го изразиле преку слоганот **„нема даноци без претставување"**, кој станал симбол на нивната борба за политички права. Незадоволството растело, а со него и подготвеноста за отпор против британската власт.

Овој отпор довел до настанот познат како Бостонска чајанка, кога група колонисти од тајното движење „Синови на слободата", облечени како домородци, го фрлиле товарот со чај од британските бродови во пристаништето во Бостон. Како одговор, Велика Британија ги донела т.н. Неподносливи закони, со кои го затворила бостонското пристаниште и ја укинала самоуправата на Масачусетс.

Во 1774 година, колониите реагирале со свикување на Првиот континентален конгрес во Филаделфија, каде што нивните претставници побарале враќање на своите права, но не и целосно одвојување од Британија. Сепак, следната година, во април 1775, избувнале првите вооружени судири меѓу колонистите и британската војска кај Лексингтон и Конкорд, со што почнала Американската војна за независност.




Тринаесетте британски колонии на источниот брег на денешните Соединети Американски Држави

## Декларација за независност и создавање на Соединетите Американски Држави



Бостонската чајанка – литографија

Во мај 1775 година, веднаш по првите судири со британската војска, бил свикан Вториот континентален конгрес. Тој ја презел улогата на привремена влада и го назначил Џорџ Вашингтон за врховен командант на војската. Во јули 1776 година, Конгресот ја усвоил **Декларацијата за независност**, со која колонистите јавно објавиле дека британскиот крал веќе нема право да владее со нив. Главен автор на документот бил **Томас Џеферсон**, кој во него ги вградил идеите на просветителството, особено размислувањата на Џон Лок за правото на секој човек на живот и слобода.

Во Декларацијата пишува дека сите луѓе се раѓаат еднакви и имаат право на живот, слобода и стремеж кон среќа. Власта треба да ги штити овие права, а ако не го прави тоа, народот има право да ја смени. Со ова, документот порачува дека луѓето треба сами да одлучуваат кој ќе ги води и дека сите треба да бидат еднакви пред законот.



Бенџамин Френклин – портрет, масло на платно

Војната за независност траела осум години и се водела со променлив успех. Колонистите успеале да се одржат во борбата благодарејќи на мобилизацијата на населението, високиот морал на борците и доброто познавање на теренот. Пресвртница била победата кај Саратога во 1777 година, која ги убедила Французите да се вклучат во војната на страната на колонистите. Значајна улога во тоа одиграл **Бенџамин Френклин**, кој како американски пратеник во Париз успеал да обезбеди француска поддршка. Конечно, во 1781 година британската војска

**Изворите зборуваат:**

„Се сметаат за очигледни овие вистини: дека сите луѓе се создадени еднакви, дека се дарени од својот Творец со одредени неотуѓиви права, меѓу кои се животот, слободата и стремежот кон среќа. За да ги заштитат овие права, меѓу луѓето се создаваат влади, кои својата праведна власт ја добиваат од согласноста на управуваните. Кога која било форма на влада станува штетна за овие цели, народот има право да ја промени или укине, и да воспостави нова влада, темелена на такви принципи и организирана така како што народот мисли дека е најдобро за негова безбедност и среќа."

Декларација за независност, 1776 година.

– Зошто авторите на Декларацијата мислеле дека владата треба да ја добива својата моќ од народот? Дали оваа идеја е важна и денес? Објасни зошто.

капитулирала кај Јорктаун, а во 1783, со Парискиот договор, Велика Британија ја признала независноста на Соединетите Американски Држави.

## Уставот на САД и уредувањето на новата држава

Откако ја избориле независноста, колониите требало да се претворат во вистинска држава. Се поставило прашањето: како да се обедини толку различно население, без крал, без аристократија, и со нови идеи за слобода и власт? За да најдат одговор, основачите на САД одлучиле да создадат заеднички документ што ќе го уреди новиот поредок. Во 1787 година бил усвоен Уставот на Соединетите Американски Држави – прв современ устав на суверена земја кој воспоставил републиканско државно уредување со јасна поделба на власта.

Според Уставот, власта се делела на три независни делови: законодавна (Конгресот), извршна (претседателот) и судска (Врховниот суд). Овој систем се темелел на идејата на Монтескје дека моќта не смее да биде концентрирана во една личност или институција. За да постои рамнотежа, секоја власт требало да ја надгледува и ограничува другата.

Уставот содржел јасни правила што ги штителе граѓаните. Властите морале да постапуваат според законот и немале право на самоволие. Секој човек имал свои права и слободи, кои не зависеле од волјата на владетелот. Наместо да се верува дека власта му припаѓа на некој поединец, сега се сметало дека таа произлегува од народот. Преку избори, граѓаните учествувале во управувањето.

Во 1789 година, Џорџ Вашингтон бил избран за прв претседател на САД. Во 1791 година биле додадени првите десет измени на Уставот, познати како Повелба за правата. Со нив била загарантирана слободата на говорот, верското уверување, печатот и правото на правично судење.

Американскиот устав станал пример за други народи, бидејќи вовел нов начин на уредување на државата, заснован на избори, поделба на власта и јасно определени права и должности на граѓанинот. Тој покажал како идеите на



„Вашингтон ја преминува реката Делавер", сцена од Американската војна за независност – масло на платно

### Помалку познати зборови и термини:

**Слободен пазар**

Слободен пазар е економски систем каде што луѓето, трговците и занаетчиите слободно продаваат и купуваат производи и услуги. Цените се менуваат според тоа колку нешто има на пазарот и колку луѓе сакаат да го купат. Во слободниот пазар, државата не воведува многу правила и не се меша премногу во трговијата.

Потсети се што значеше терминот „меркантилизам" и како се разликува од слободниот пазар.

просветителството можат да се применат во реалноста. Во тој систем, слободата значела право да поседуваш имот, да гласаш и да учествуваш на слободниот пазар.

Борбата за независност на САД имала големо историско значење. Таа покажала дека државата може да се заснова на волјата на народот, а не на кралска или наследна власт. Во неа биле вградени идеите за слобода, еднаквост и народна власт. Но овие принципи не важеле за сите. Ропството продолжило, а стотици илјади луѓе останале поробени. Жените немале право да гласаат ниту да учествуваат во политичкиот живот. Во практиката, правата ги уживале само белите мажи што поседувале имот. Сепак, овие идеи почнале да се шират и со текот на времето станале темел за борби за поголема еднаквост. Многу од нив и денес се основа на современите демократии.



Жени во Американската војна за независност. Моли Пичер во битката кај Монмаут – гравура

## Соживување со минатото

**Замисли дека си трговец во Бостон во 1773 година. Си купил од Британија голем товар со чај што сакаш да го продадеш и да заработиш. Но, една ноќ, група колонисти преправени како домородци го фрлаат чајот во морето како акција на отпор против даноците што Британската Империја им ги наметнала на колониите.**

– Дали би бил/а лут/а затоа што губиш пари или би ги подржал/а оние што се борат за повисока цел – слобода?

– Дали сметаш дека понекогаш е потребно да се направи лична жртва, дури и ако тоа значи дека ќе изгубиш нешто важно, за да се постигне нешто поважно? Објасни.

## Провери го наученото

1. Кои беа главните причини што доведоа до Американската војна за независност?
2. Што значи слоганот „нема даноци без претставување"?
3. Како идеите на просветителството ја инспирираа Американската војна за независност?
4. Кој е главниот автор на Декларацијата за независност и кои идеи ги вгради во неа?
5. Зошто беше важен Уставот на САД и што значеше поделбата на власта на извршна, законодавна и судска?

# Француската револуција

## Причини и почеток на револуцијата

Во втората половина на XVIII век, Франција била општество со голема нееднаквост. Населението било поделено на три сталежи. Првиот го сочинувале свештениците, вториот благородниците, а третиот, кој опфаќал околу 98 проценти од луѓето, ги вклучувал сите преостанати жители. Во него влегувале и сиромашни селани и богати трговци. Иако меѓу нив имало големи разлики, сите биле исклучени од политичката моќ и морале да плаќаат даноци што другите два сталежи не ги плаќале. Селаните едвај преживувале од својата работа, а граѓаните кои имале пари и образование не можеле да учествуваат во носењето одлуки. И едните и другите сметале дека системот е неправеден.



Трите сталежи во Франција – карикатура

Но проблемите не завршувале со неправдата и нееднаквоста. Франција била речиси банкротирана поради луксузниот живот на кралот и благородниците, како и поради скапиот ангажман во странски војни, особено во Американската војна за независност. Во исто време, цените на лебот нагло пораснале поради неколку последователни слаби жетви и климатски непогоди, кои довеле до сериозен недостиг од храна. За многумина што и онака едвај преживувале, тоа значело глад и очај. Изразот „револуцијата почна во стомакот" добро го опишува тоа време и покажува дека гладот бил еднакво силна причина за почетокот на револуцијата како и неправдата.

На сето тоа се надоврзале и идеите на просветителството, кои силно влијаеле врз размислувањето на луѓето. Сè повеќе се поставувало прашањето зошто некои се раѓаат со привилегии, а други со обврски. Се ширела мислата дека секој човек има природни права кои власта треба да ги штити, а не да ги крши. Наместо да ја прифаќаат неправдата како нешто неизбежно, многумина почнале да веруваат дека општеството треба да се води од принципите на разум, еднаквост и

### Дали знаеш дека...

Во 1783 година избувнал вулканот Лаки на Исланд. Ерупцијата траела неколку месеци и исфрлила големи количества пепел и гасови во атмосферата. Како последица на тоа, времето во северна и западна Европа станало постудено. Во Франција дошло до слаби жетви, храната поскапела, а многумина се соочиле со глад. Само неколку години подоцна, избила Француската револуција.

Во историјата, честопати природни катастрофи – како вулкански ерупции, суши или екстремно студени зими – доведувале до глад и страдање. А кога луѓето се гладни и очајни, често се подготвени да се побунат. Поради тоа, некои историчари велат дека „празниот стомак" бил една од најважните причини за Француската револуција.



„Заклетва во салата за тенис", претставниците на третиот сталеж се заколнуваат дека ќе изготват нов устав – цртеж

слобода. Овие идеи не останале само на зборови, туку станале поттик за револуционерна промена.

Во 1789 година, соочен со тешка финансиска криза, кралот Луј XVI го свикал Собранието на сталежите, кое не заседавало речиси два века. Наместо договор, настанал судир. Претставниците на третиот сталеж побарале секој пратеник да има еден глас, а не да се гласа по сталежи, бидејќи таквиот начин секогаш им одел во корист на привилегираните. Кога барањето било одбиено, тие се прогласиле за Национално собрание и се заколнале дека ќе подготват нов устав со кој ќе се ограничи кралската моќ. Тоа бил клучен пресврт. Во следните недели, напнатоста постојано растела. Кога кралот пратил војска кон Париз за да го запре отпорот, народот одговорил со напад на Бастилја, тврдина што претставувала симбол на апсолутизмот.

На 14 јули 1789 година, граѓани и револтирани војници ја нападнале и ја зазеле Бастилја. Настанот се проширил како симбол на отпорот против апсолутизмот и ја разгорел револуционерната енергија низ цела Франција. Наскоро следувале востанија низ провинциите, познати како Големиот страв. Тие биле поттикнати од гласини дека благородниците ќе се осветат за настаните во Париз и ќе пратат платеници да ги уништат жетвите и селата. Исплашени и гладни, селаните палеле имоти на благородници и барале крај на феудалните обврски.

## Од уставна монархија до република

Додека Франција се соочувала со немири и револуционерни промени, Националното собрание се прогласило за Уставотворно собрание, решено да изработи нов устав. Под притисок од

народот, особено од селаните кои барале укинување на старите феудални давачки, Собранието ги укинало феудалните привилегии. Неколку недели подоцна, на 26 август 1789 година, била усвоена Декларацијата за правата на човекот и граѓанинот.



Маршот на жените кон Версај – гравура

Во овој документ се истакнува дека сите луѓе се раѓаат слободни и еднакви, дека имаат право на живот, сопственост, слобода и отпор кон угнетување. Се нагласува и дека власта треба да произлегува од нацијата, како израз на народната волја. Декларацијата ги претставила новите идеи за општеството и го најавила идеалот што ќе стане револуционерно мото: слобода, еднаквост, братство.

Во октомври 1789 година, неколку илјади жени од Париз се организирале и тргнале пеш кон Версај. Гневни поради недостигот на храна и скапотијата, тие побарале од Луј XVI да се врати во Париз и да се соочи со народот. Настанот станал познат како Марш на жените. Придружени од вооружени мажи, тие издејствувале кралот и кралицата Марија Антоанета да се преселат во главниот град. Ако дотогаш кралот ги собирал благородниците во Версај за да ги држи под контрола, сега тој самиот бил ставен под надзор од народот.

Во 1791 година бил донесен првиот Устав, со кој Франција станала уставна монархија. Кралот останал на чело на државата, но неговата моќ била ограничена со закони, а власта ја делел со собранието. Право на глас имале само мажите над 25 години што плаќале високи даноци, поради што мнозинството од населението останало без политички права. Власт добила буржоазијата, особено најбогатите граѓани. Тие се бореле заедно со сиромашните против стариот режим, но откако дошле на власт, ги заборавиле. За многумина, новата власт била само продолжение на старите неправди.

Во 1792 година, по обидот за бегство на кралот, монархијата била укината, а Франција станала република.

## Владеењето на теророт и издигнувањето на Наполеон Бонапарта

Во новата политичка борба, највлијателна сила биле јакобинците. Тие се залагале за строги мерки против непријателите на револуцијата и за поголема еднаквост меѓу граѓаните. Нивен водач бил Максимилијан Робеспјер, кој со поддршка од народот во Париз успеал да ја преземе власта и да почне периодот познат како владеење на теророт. Во тоа време, револуционерната власт масовно егзекутирала осомничени за предавство. Луј XVI и Марија Антоанета биле погубени, а илјадници други, од свештеници до поранешни револуционери, завршиле на гилотина.

Револуцијата почнала како борба за слобода, еднаквост и правда, но со текот на времето прераснала во војна против внатрешни и надворешни непријатели. Наместо демократија, завладеале страв, насилство и нетолеранција кон различни мислења. Робеспјер почнал да



Погубувањето на Луј XVI во 1793 година – гравура

се пресметува и со поранешни сојузници, да ги отфрла сите што не се согласувале со него и да ја концентрира власта во свои раце. Кога ја изгубил поддршката, бил погубен во 1794 година, заедно со своите најблиски соработници. Со тоа завршила најкрвавата фаза на револуцијата.

По падот на Робеспјер следувала нова форма на власт наречена **Директорум**, составена од пет члена. Тој имал задача да воспостави ред и сигурност, но наместо тоа владееле нестабилност и корупција. Директорумот немал широка поддршка. Го критикувале и поранешни револуционери што барале подлабоки промени, и непријатели на револуцијата кои се залагале за враќање на монархијата. Во исто време, Франција водела војна со неколку европски монархии кои настојувале да спречат револуцијата да се прошири и во нивните земји. Државата се соочувала со економска криза, недостиг од храна и длабоки политички поделби.

Во такви околности, народот бил подготвен да прифати секој што ќе донесе ред и сигурност. Во 1799 година, со државен удар, младиот генерал **Наполеон Бонапарта** ја презел власта и станал прв конзул на новата влада наречена **Конзулат**. Тој и понатаму се повикувал на принципите на револуцијата, но во практика ја имал целата власт во свои раце. Така завршила револуцијата, но не и нејзините последици.

## Помалку познати зборови и термини:

**Буржоазија**

Буржоазијата била општествена група што живеела во градовите и не припаѓала на благородништвото или свештенството. Нејзините членови не добивале привилегии со раѓање, туку стекнувале имот, углед и влијание преку својата работа, трговија или образование. Буржоазијата се делела на крупна (најбогатите трговци, банкари, индустријалци), средна (лекари, адвокати, професори, инженери) и ситна (занаетчии, дуќанџии).

**Гилотина**

Гилотината била справа за егзекуција со отсекување на главата. Била воведена за време на Француската револуција како „похуман“ начин на погубување, бидејќи смртта била моментална. Таа станала симбол на револуционерниот терор, особено во времето на владеењето на Робеспјер.

Француската револуција го укинала апсолутизмот во Франција и ги отстранила феудалните привилегии што со векови ја одржувале нееднаквоста. Иако не ја воспоставила демократијата што ја замислувале нејзините учесници, таа оставила длабоки и трајни последици. За разлика од идеите на Американската војна за независност, чие влијание главно се чувствувало во САД, идеалите на Француската револуција се прошириле низ Европа и поттикнале промени во многу земји. Дел од работите што денес ги сметаме за нормални, како слободата на говор, правото на сопственост и убедувањето дека никој не смее да владее засекогаш, имаат своја основа токму во искуствата од Француската револуција.



Максимилијан Робеспјер – портрет, масло на платно

### Прашања за дискусија:

Француската револуција не ја водела само една група. Во текот на настаните се вклучиле луѓе од различни средини, секој со свои барања и очекувања. Селаните сакале укинување на феудализмот. Сиромашните граѓани барале храна и правда. Буржоазијата се залагала за политички права и учество во носењето политички одлуки. Сите тие дале свој придонес во револуцијата. Селаните и сиромашните граѓани ја поддржале преку бунтови и протести, а богатите слоеви од буржоазијата ја потпомагале со идеи, финансии, оружје и организација.

**– Дали мислиш дека една револуција може да успее ако учествува само една општествена група? Објасни зошто.**

**– Дали денес постојат ситуации кога различни групи на луѓе се здружуваат за заедничка цел?**

**– Дали сите луѓе денес ги уживаат правата за кои се бореле револуционерите?**

**– Дали револуцијата навистина донела еднаквост или само смена на оние што владеат?**

### Провери го наученото

1. Кои биле главните причини за избувнувањето на Француската револуција?
2. Што претставувала Декларацијата за правата на човекот и граѓанинот и зошто е важна?
3. Како различни групи од општеството учествувале во револуцијата и што барале?
4. Кои идеи и вредности што произлегле од револуцијата сè уште се важни денес?

АКТИВНОСТ:

## Идеи што го менуваа светот

**Подготовка**

Учениците се делат во четири групи. Секоја група претставува едно интелектуално, културно, религиозно или општествено движење:

– Хуманизам

– Ренесанса

– Реформација

– Просветителство

**Задача по групи**

Подгответе кратко излагање во кое ќе одговорите на следните прашања:

– Кои нови идеи и сфаќања се појавиле во вашето движење?

– Кој ги ширел и како?

– Како влијаеле овие идеи врз општеството или односот кон власта?

– Кој им се спротивставувал и зошто?

**Презентација**

Секоја група го чита својот текст (2-3 минути)

**Дискусија**

– Кое движење мислите дека најмногу го сменило тогашното општество и зошто?

– Ако живеевте во тоа време, дали ќе ги прифатевте новите идеи или ќе се држевте до традицијата?

– Дали денес се сè уште важни некои од овие идеи?

# ПОВРЗУВАЊЕ НА СВЕТОТ НИЗ ИСТОРИЈАТА

## Вовед во темата:

Светот никогаш не бил целосно изолиран. Во оваа тема ќе видиме како трговијата, преселбите на народите, патиштата и морските патувања ги зближувале различните култури низ времето. Ќе ја следиме историјата на глобалните врски – од Индоевропските миграции и Големата преселба на народите, преку Патот на свилата и средновековните патишта што ја поврзале Евроазија, сѐ до големите географски откритија и колонизацијата на Новиот свет. Ќе дознаеме како индустриската револуција и глобализацијата создале нови идеи, технологии и култури, но и како овие контакти понекогаш доведувале до конфликти и нееднаквости.

### Содржини:


- Индоевропските миграции и Големата преселба на народите
- Поврзување на Евроазија во стариот и средниот век
- Големите географски откритија и колонизацијата на Новиот Свет
- Индустриската револуција и технолошките иновации
- Миграциите и глобализацијата од XIX век до дигиталната ера
- Активност: Средба меѓу два света

## На крајот од темата ќе можеш:

- Да ги опишеш причините и последиците од миграциите низ историјата.
- Да ја објасниш улогата на размената на идеи и трговијата во процесот на поврзување на светот.
- Да ги идентификуваш причините за појавата на големите географски откритија во конкретниот историски момент.
- Да ја објасниш поврзаноста меѓу техничките откритија, географските откритија и миграциите.
- Да ги споредуваш концептите на поврзување на територии и откривање на територии.
- Да ја процениш улогата на „откривањето на другиот“ во развојот на различните општества и разликите во културните перспективи.
- Да ја анализираш улогата на колонизацијата и индустриската револуција како клучни настани во светската историја.
- Да ја вреднуваш глобализацијата како доказ за улогата на техничките отритија во процесот на поврзаување на светот.
- Да ја вреднуваш улогата на поврзувањето на народите во светот во развојот на човештвото.
- Да развиеш свест за важноста на прифаќањето на различностите и размената на идеи како позитивни вредности кои ја обликувале историјата и глобалните општества.

# Индоевропските миграции и Големата преселба на народите

Низ историјата, човекот се селел во потрага по подобри услови за живот. Овие преселби, познати како **миграции**, можеле да бидат поединечни или масовни, временски ограничени или трајни, доброволни или присилни. Со текот на времето, тие го менувале изгледот на цели подрачја и оставиле длабоки последици врз развојот на многу народи.

Во раната праисторија, луѓето не живееле трајно на едно место. Се движеле таму каде што имало храна, вода и засолниште. Така почнало постепеното ширење на човештвото од Африка кон другите делови на светот. Населувањето на нови предели зависело од климата, природните услови и движењето на животинските стада.

Со појавата на постојани населби, миграциите добиле поинаков облик. Некои групи се преселувале поради природни непогоди, неплодна земја, болести или непријателски напади. Други заминувале поради пренаселеност или внатрешни конфликти. За разлика од порано, овие преселби биле поорганизирани и честопати опфаќале цели заедници.

Кога доселениците пристигнувале на новите територии, таму најчесто веќе живеело друго население. Тоа водело до различни исходи: од судири и борби, до заемно прифаќање, размена на искуства и создавање нови култури.

Двата клучни миграциски процеси што имале длабоки последици врз населението, јазиците и политичката карта на Европа и делови од Азија биле **индоевропските миграции и Големата преселба на народите**.

## Индоевропските миграции

Индоевропските преселби претставуваат еден од најзначајните демографски и културни процеси во доцната праисторија и раната антика, со долгорочни последици врз јазичниот пејзаж и цивилизацискиот развој на Евроазија.

Преселбите биле поттикнати од повеќе меѓусебно



Индоевропската прататковина (темно зелено) и распространетост на индоевропските јазици во Евроазија (светло зелено)

поврзани причини. Уште од IV милениум п.н.е., низ евроазиските степи почнало ширење на мобилни сточарски заедници, чие движење било условено од промените во природната средина. Околу 2200-1900 година п.н.е. климатските промени што се случиле на истиот простор, како долгите сушни периоди и заладувањето, довеле до намалување на ресурсите и ги принудиле тамошните заедници да се упатат во потрага по поповолни услови за живот. Дополнителен притисок создале растот на населението и пренаселеноста, особено во подрачјата со ограничени природни богатства.



Индоевропејците биле меѓу првите што јавале коњи

Индоевропските заедници биле организирани во племиња. На чело стоеле водачи и војничка елита, а меѓу членовите имало силни родовски врски. Живееле номадски или полуномадски, со што начинот на живот им бил приспособен на почесто движење. Ваквата организација им овозможувала полесно да се шират и да се наметнуваат во нови средини. Честа, престижот и богатството се стекнувале преку борба, освојување и проширување на територијата, што дополнително ги поттикнувало преселбите. Од друга страна, Индоевропејците биле меѓу првите што го употребувале коњот како средство за мобилност, но и во воени цели. Токму оваа тактичка предност во однос на постојано населените земјоделски заедници во Европа, Блискиот и Средниот Исток, им дала дополнителен поттик на миграциите.

Според најзастапената теорија, потеклото на индоевропските говорители се поврзува со степските предели северно од Црното и Каспиското Море. Од таа почетна територија, во текот на IV, III и II милениум п.н.е., се одвивале повеќе миграциски бранови во различни насоки. Едни групи го следеле текот на реките и се насочиле кон Балканскиот Полуостров и Средна Европа, други кон Мала Азија и Блискиот Исток, а трети навлегле на Индискиот Потконтинент. Овие движења не биле координирани ниту истовремени, туку се одвивале постепено, во подолг временски период. Притоа, доаѓало до различни облици на контакт со затекнатото население – од мирен соживот и постепена асимилација, до отворени судири.

### Помалку познати зборови и термини:

**Полуномадски начин на живот**

Кога заедниците се селеле само во одредени периоди од годината, обично со стадата, во потрага по пасишта. Престојувале на неколку познати места каде што се враќале сезонски. За разлика од номадите, не биле во постојано движење, а за разлика од седентарните заедници, не живееле постојано на едно место.

Пред преселбите, Индоевропејците не биле оформени народи како што ги познаваме подоцна, туку групи што делеле некои заеднички особености и зборувале ист или сличен јазик кој полека почнувал да се расцепкува на разни наречја. Нивниот идентитет се создавал постепено, преку допир со други култури и приспособување на нови простори. Со текот на времето, од овие заедници се развиле нови народи и јазици. Така, на подрачјето на денешна Индија се населиле индоевропски племиња кои го донеле раниот облик на еден од најстарите пишани јазици, санскритот. Од индоевропските ограноци населени во Иран подоцна се оформиле народи како Медите и Персијците. Во Европа, од истото протоиндоевропско стебло се оформиле различни заедници: **Германи, Словени, Илири, Хелени, Келти и други.** Сите тие ја дале основата за голем дел од јазиците и културите што подоцна ќе се развијат низ Европа и делови од Азија.

**Истражувај:**

**Кои европски јазици денес потекнуваат од индоевропската јазична група, а кои не припаѓаат на неа?**



Германи и Римјани

## Големата преселба на народите

Големата преселба на народите, која почнала во втората половина на IV век, претставува еден од клучните процеси што ја промениле демографската и политичката карта на Стариот Свет. Многубројни племиња се придвижиле низ Европа, а некои стигнале и до области во Северна Африка. Причините за овие движења биле комплексни. Тие се натрупувале со децении и биле поврзани со промени во природната средина, зголемување на населението, притисоци од други племиња и внатрешната нестабилност во Римската Империја.

Во текот на III и IV век, во степските подрачја на Евроазија настанале климатски промени што влијаеле врз животот на многу номадски заедници. Зимите станале постудени и траеле подолго, а сушите сѐ почести. Ова довело до намалување на водните ресурси и пасиштата. Ваквите услови го нарушиле традиционалниот начин на живот во отворените степи и ги поттикнале дел од племињата да се придвижат кон запад и југ, во потрага по поповолни услови.

Истовремено, во некои делови на северна и источна Европа, особено кај германските и сарматските племиња, дошло до пораст на населението. Тоа, пак, довело до недостиг на обработлива земја и натпревар за природните ресурси. Пренаселеноста го зголемила внатрешниот

притисок врз овие заедници и ги поттикнала да бараат нови територии, што најчесто водело до судир со други племиња.

Во овој период, Римската Империја веќе се соочувала со сериозни внатрешни проблеми. Економската нестабилност, политичките борби, честите воени судири и сѐ поголемата зависност од варварски сојузнички трупи и наемници, значително ја намалиле способноста на државата да се брани од надворешни притисоци. Во услови на немоќ да ги обезбеди границите, Империјата сѐ почесто склучувала договори со варварските племиња или им дозволувала да се населат на нејзина територија.

Непосреден поттик за Големата преселба на народите било раздвижувањето на Хуните – номадски народ од степите на Централна Азија. Под притисок од посилни племиња и во потрага по нови територии, Хуните во втората половина на IV век почнале брза експанзија кон запад. Ја минале таканаречената „Врата на народите" – рамничарски појас меѓу Урал и Каспиското Езеро – и навлегле во Европа, каде што нивното пристигнување поттикнало синџир од масовни преселби.

Почнал домино-ефект, во кој едно племе го потиснувало другото, што довело до големи поместувања низ целиот континент. Многу германски племиња почнале да се движат кон југ и запад, во правец на римските провинции.

Во првата половина на V век, Хуните под водство на Атила станале најголема сила во средна Европа. Тие воспоставиле моќен племенски сојуз и воделе воени походи дури до Северна Италија и Галија. Во 451 година биле запрени во Битката кај Каталаунските Полиња, каде што здружените римски и германски сили им нанеле пораз. Смртта на Атила, која следувала кратко потоа, довела до брз распад на хунскиот сојуз.

Притисокот од Хуните оставил трајни последици врз Европа. Тој ги поттикнал германските племиња да навлезат длабоко во римските територии, при што Западната Римска Империја постепено губела контрола и престанала да постои.

Врз нејзините урнатини, варварските племиња воспоставиле свои држави. Визиготите изградиле кралство на територијата на денешна Шпанија и југозападна Франција. Остроготите, под водство на Теодорих Велики, воспоставиле кралство во Италија. Франките создале држава што ќе стане темел на средновековна Франција. Вандалите изградиле своја држава во Северна Африка, со

**Дали знаеш дека...**

Зборот варварин потекнува од грчкиот збор barbaros, кој античките Грци го користеле за сите туѓинци, вклучително и Римјаните. Неговото потекло најверојатно е ономатопејско – „бар-бар" – и ја пренесува претставата што Грците ја имале за јазиците што не ги разбирале. Со текот на времето, зборот добил негативна конотација, поврзана со грубост, неукост и дива природа.

Римјаните го прифатиле овој поим и го користеле за сите народи надвор од грчко-римската културна сфера или власт.



Атила – реконструкција




Мапа: Големата преселба на народите

престолнина во Картагина. Во исто време, Англите и Саксите се населиле на британските острови и формирале повеќе мали кралства.

По првобитните фази од Големата преселба на народите, во текот на VI век во Европа почнале да се населуваат и други племиња. Од Азија дошле Аварите кои се населиле во Панонија и го формирале Аварскиот каганат. Во контекст на аварската експанзија, почнало масовно придвижување и на други племиња, меѓу кои Лангобардите и Словените.

Големата преселба на народите довела до распад на Западната Римска Империја и до значајни демографски, политички и културни промени во Европа. Но и покрај разурнувањата и нестабилноста, овој процес создал основа за нов историски поредок. Меѓу доселените племиња и автохтоните заедници почнал долг и сложен процес на културна интеграција и симбиоза, со што постепено се оформиле темелите на средновековна Европа.

## Провери го наученото

1. Како влијаеле климатските промени врз индоевропските миграции?
2. Кои биле причините за Големата преселба на народите?
3. Кој бил непосредниот поттик за Големата преселба на народите и каков домино-ефект предизвикал?

# Поврзување на Евроазија во стариот и средниот век

## Патот на свилата

За време на стариот и средниот век, просторот меѓу Европа и Азија бил испреплетен со патишта по кои се движеле стоки, знаења и културни влијанија. Најпознат меѓу нив бил Патот на свилата – разгранета мрежа од копнени правци што ги поврзувала Кина, Средна Азија, Персија, Блискиот Исток и Медитеранот. Освен копнените маршрути, значајна улога одиграле и морските патишта, пред сè Патот на зачините, што водел од Југоисточна Азија и Индискиот Океан преку Арабија до Блискиот Исток и Европа.

Патот на свилата го добил своето име според стоката што најмногу се ценела на западните пазари, кинеската свила, која претставувала симбол на богатство и префинетост. Меѓутоа, трговијата не се ограничувала само на свила. Од Исток кон Запад се пренесувале хартија, порцелан, скапоцени камења, ароматични и лековити производи, кои во Европа се сметале за ретки и префинети. Во спротивна насока, од Европа кон Азија, се извезувале сребро, килибар, лен, текстил, занаетчиски производи, метални алатки и фино изработени стаклени предмети. Најчесто, Европејците плаќале со благородни метали за да добијат ориентални луксузи. Трговците минувале низ различни природни предели – од пустини и степи до високи планини – при што им биле потребни станици за одмор, складишта за стоката, водичи и договори со локалните власти.

Освен стоки, по Патот на свилата се пренесувале и идеи, верувања, уметнички стилови и научни достигнувања. Будизмот од Индија се проширил кон Кина токму по оваа мрежа, а од Кина, преку Средна Азија, се рашириле значајни изуми како хартијата и барутот. Иако дел од културните преноси не се одвивале непосредно по самиот Пат на свилата, сепак биле дел од пошироката размена меѓу Истокот и Западот. Така, преку арапскиот свет, во Европа продреле математичките и медицинските знаења на античките Грци, што биле зачувани, преведени и надградени од исламските научници.

Функционалноста на патот во голема мера зависела од стабилноста на државите низ кои минувал. Кога царствата што го контролирале биле силни, патиштата биле безбедни и прометни. Во време на војни, грабежи и слаба централна власт, трговијата се прекинувала или се пренасочувала кон побезбедни правци.




Патот на свилата

**Прашања за дискусија:**

Во денешно време, стоки од различни делови на светот се испорачуваат секојдневно, преку мрежа од бродски линии, авионски летови, железници и автопати. Тие минуваат низ пристаништа, магацини и царински премини, при што за кратко време стигнуваат до продавници, пазари или домови. Сè поголем дел од оваа размена се одвива преку дигитална трговија, со нарачки направени онлајн и дигитално следење на пратките. Истовремено, целиот систем е многу чувствителен на блокади на важни транспортни канали, како Суецкиот.

– Дали денешната глобална мрежа на испорака и транспорт може да се смета за современ Пат на свилата?

– Објасни кои сличности и разлики постојат во однос на поврзаноста, зависноста, ризиците и влијанието врз културите тогаш и денес.

## Крстоносните војни и Монголската Империја

Во текот на средниот век, поврзувањето меѓу Истокот и Западот добило нов облик под влијание на **крстоносните војни**. Под овој поим се подразбираат низа воени експедиции што биле поведени од христијанска Европа, најчесто под покровителство на папството, со цел светите места во Ерусалим да се ослободат од муслиманска власт. **Првиот крстоносен поход** почнал во 1096 година, а до 1270 биле организирани уште седум големи походи. Иако главната цел им била верска, овие експедиции биле придружени и со политички и економски интереси. Многу благородници и трговци се надевале на богатства, нови земји или предност во контролата врз трговските правци.



Витези-темплари

Паралелно со овие стремежи, крстоносните војни често биле проследени со насилства, пљачкосувања и масакри врз муслиманското население, но и врз еврејски и православни заедници.

Крстоносците навлегле длабоко во муслиманските територии, каде што основале неколку христијански држави, од кои најдолго опстојало **Кралството Ерусалим (1099-1291)**, и воспоставиле нови контакти со исламската цивилизација. Таму наишле на развиени градови и имале можност непосредно да се запознаат со напредни занаетчиски вештини, усовршени системи за наводнување, разновидна храна, уметност, архитектура и обичаи. По враќањето во Европа, многу од тие влијанија почнале да се шират и прифаќаат во секојдневниот живот.

Со текот на времето, овие влијанија придонеле односите меѓу Истокот и Западот да добијат поизразен трговски и културен карактер. Европските пазари се отвориле за ориенталните производи, а неколку пристанишни градови во Европа, како **Венеција и Џенова**, прераснале во главни средишта каде што се договарале зделки, се позајмувале пари за трговија и се складирале стоки. Истовремено, европските производи сè почесто циркулирале на пазарите во муслиманскиот свет.

Во текот на XIII и XIV век, Патот на свилата го достигнал својот најголем процут благодарејќи на создавањето на **Монголската Империја**. Основите на моќната воено-административна

структура биле поставени за време на Џингис-хан (1206-1227), а империјата значително се проширила под водство на неговите наследници. До околу 1259 година, се простирала од брегот на Жолтата Река во Кина, преку Средна Азија и дел од Блискиот Исток, сè до Источна Европа. Во времето на Монголската Империја, трговските патишта станале побезбедни, а караваните се движеле низ Евроазија со посебни пропусници и под заштита на монголските гарнизони.



Венеција – масло на платно

Овој период, познат како Монголскиот мир (*Pax Mongolica*), значел стабилност, ред и слободен проток на луѓе, стоки и информации. Монголските власти ја поттикнувале трговијата и одржувале постојани врски меѓу различни народи и држави. Развиле мрежа од поштенски станици, складишта, патни стражи и локални управи, со што значително ја олесниле комуникацијата на големи растојанија.

Најпознатиот патописец што оставил сведоштво за Патот на свилата бил Венецијанецот Марко Поло. Кон крајот на XIII век престојувал на дворот на Кублај-хан и, според сопствените сведоштва, поминал околу седумнаесет години во азиските земји, дел од нив во служба на монголските власти. По враќањето во Венеција, ги раскажал своите доживувања, кои биле запишани и објавени. Книгата за неговите патувања предизвикала голем интерес кај европската јавност и овозможила увид во далечната култура, административниот поредок и секојдневниот живот во Источна Азија.

## Трговијата и економските промени во XIV и XV век

Со развојот на трговијата меѓу Истокот и Западот, почнале да се користат нови економски механизми што обезбедувале безбедна и стабилна размена. Кон крајот на XIII и во XIV век, особено во италијанските трговски градови како Фиренца, Венеција и Ѓенова, се користеле меничите. Тие биле нов начин на плаќање што овозможувал побезбедна трговија на долги растојанија. Наместо да носат злато или сребро, трговците патувале со документ што гарантирал исплата на договорена сума во друго



Марко Поло – мозаик

пристаниште или пазарен град. Тоа го намалувало ризикот од кражби и грабежи и ја зголемувало довербата во меѓународната трговија.

Во XIV век се развиле и други облици на финансиска размена, како трговски заеми и договори преку кои поединци финансирале трговски експедиции со надеж за добивка. Овие нови начини на финансирање овозможиле зголемување на обемот на трговијата и поврзале повеќе пазари од различни региони. Пазарите функционирале според **принципот на понуда и побарувачка**, а цените, иако понекогаш биле регулирани од властите, зависеле од количината на стоките и интересот на купувачите. Во такви услови, сè повеќе трговци тргале на долги патувања низ Евроазија, во потрага по профит и пристап до нови пазари.

Кон крајот на XIV и особено во првата половина на XV век, Патот на свилата станал понебезбеден поради распадот на Монголската Империја и зголемената нестабилност на копнените правци. По османлиското освојување на Константинопол, пристапот на европските трговци до источните пазари бил поограничен, а трговијата сè повеќе зависела од дозволи и услови поставени од новата власт. Овие промени ги поттикнале европските држави да бараат нови, поморски патишта до Азија. Таа потреба станала една од главните причини за Големите географски откритија.

### Истражувај:

Во XI век, во Кина почнала употребата на хартиени пари. Кога Марко Поло патувал низ Азија кон крајот на XIII век, бил фасциниран од оваа практика, бидејќи во Европа сè уште се користеле само метални монети.

Во описот на своите доживувања, тој го кажал следното:

„Со овие парчиња хартија, изработени како што претходно опишав, тој (Кублај-хан) ги врши сите плаќања... и ги прави општоприфатено средство за размена низ сите негови кралства, провинции и територии, секаде каде што се простира неговата власт и надмоќ. И никој, колку и да се смета себеси за значаен, не се осмелува да ги одбие, под закана со смрт. А навистина, сите ги прифаќаат со леснотија, зашто каде и да отиде човек низ земјите на Големиот хан, ќе ги најде овие хартиени пари и ќе може да купува и продава стока со нив, исто толку сигурно како и со монети од чисто злато. А притоа се толку лесни..."

**– Како биле изработувани хартиените пари во Кина пред да постои печатарската машина на Гутенберг?**

**– Кога се појавиле првите хартиени пари во Европа и во која земја?**

### Провери го наученото

1. Кои биле главните стоки што се пренесувале по Патот на свилата од Исток кон Запад и обратно?
2. Какво влијание имале крстоносните војни врз трговијата и контактите меѓу Истокот и Западот?
3. Како влијаела Монголската Империја врз безбедноста и развојот на Патот на свилата во XIII и XIV век?
4. Што претставувале меничите и зошто нивната употреба го олеснила тргувањето на долги растојанија?

# Големите географски откритија и колонизацијата на Новиот Свет

Во доцниот XV век, светот почнал да се менува на начин што ќе го поврзе како никогаш дотогаш. Потрагата по нови трговски патишта довела до големи географски откритија и зближување на различни народи, култури и континенти. Тој процес ја поставил основата за денешната глобализација, но бил проследен со неправди и последици што сè уште се чувствуваат.

**Помалку познати зборови и термини:**

**Глобализација**

[од латинскиот збор *globus*, што значи „топка" или „сфера"]. Процес на поврзување на светот, при што луѓе, стоки, информации и идеи се движат побрзо и полесно од едно место до друго.

## Причини за географските откритија

Причините за овие откритија биле различни. Некои држави сакале трговска добивка. Други барале нови извори на зачини и злато. Трети се натпреварувале за поголема моќ и влијание. Постоела и силна желба за ширење на христијанството, како и сè поголема љубопитност за непознатиот свет, особено кај образованите луѓе. Важна улога одиграл и напредокот во технологијата. Новите технички пронајдоци, како компасот и астролабот, подобрените мапи и побрзите бродови им овозможиле на европските морепловци да тргнат на подолги и побезбедни истражувања.

Истовремено, трговските врски со Истокот биле сериозно нарушени. По османлиското освојување на Константинопол, копнените патишта кон Индија и Кина станале несигурни и скапи. Османлиите наметнувале високи давачки, а Западна Европа останала делумно отсечена. Ова довело до потреба да се пронајде нов пат до источните богатства, особено за стоки што биле важни за трговијата и занаетчиството во Европа.

## Истражувачи и откритија

Португалија била првата европска држава што почнала да истражува нови морски патишта. Во 1488 година, Бартоломео Диас пловел по брегот на Африка и стигнал до јужниот крај на континентот. Така открил дека Африка може да се заобиколи по море. Во 1498 година, Васко да Гама продолжил по тој пат и стигнал до Индија. Со тоа Европа воспоставила нова поморска врска со Азија.



Приказ на симболичното прогласување на Новиот свет за сопственост на Шпанија од страна на Колумбо – литографија

Шпанија, пак, се насочила кон запад. Во 1492 година, **Кристофер Колумбо** тргнал во потрага по нов пат до Азија и пловел преку Атлантскиот Океан. Наместо да стигне до Азија, тој пристигнал на острови во Карибите. Убеден дека се наоѓа близу до Индија, народот што го сретнал го нарекол „Индијанци“, назив што подоцна ќе се користи за сите домородни народи во Америка. Иако не знаел дека открил нов континент, патувањето на Колумбо претставувало почеток на контактите меѓу Стариот и Новиот Свет. Подоцна, морепловецот **Америго Веспучи** ќе биде првиот што ќе тврди дека овие земји не се дел од Азија, туку нов, дотогаш непознат континент. По него, тој континент ќе го добие името **Америка**.

Експедициите продолжиле со уште подалечни и посложени патувања. Во 1519 година, **Фернандо Магелан** ја почнал првата пловидба околу светот. Иако бил убиен во текот на патувањето, неговата мисија потврдила дека Земјата може да се обиколи по море. Во наредните децении и векови, европските држави пратиле бродови и кон други делови на светот. Англиски, француски и холандски морепловци ги истражиле бреговите на Северна Америка, а подоцна биле пронајдени и територии како Австралија и Нов Зеланд. Со овие откритија, ниту еден дел од светот веќе не бил целосно одвоен.

**Истражувај:**

Во лекцијата прочита дека Колумбо не знаел дека открил нов континент.

Истражи и размисли:

– Дали Колумбо бил првиот Европеец што стигнал до Америка? Што велат историските извори за патувањата на Викинзите до бреговите на Северна Америка?

– Дали можеме да кажеме дека Колумбо открил континент ако таму веќе живееле милиони луѓе?

## Колонијализам, колумбовска размена и ропство

Новите географски откритија го отвориле патот за колонијална експанзија. Шпанија и Португалија први основале колонии во Америка и Африка. Подоцна и Англија, Франција и Холандија почнале да освојуваат територии, особено во Северна Америка, Карибите, Индија и југоисточна Азија. **Колонијализмот** не значел само освојување нови земји. Тој бил и начин на владеење преку кој европските држави ја контролирале трговијата, политиката и животот во освоените области. Колониите биле управувани од Европа, а нивните жители се наоѓале во зависна и потчинета положба.

Во Америка, конквистадори како Ернан Кортес и Франсиско Писаро ги срушиле империите на **Ацтеките** и **Инките**. Подоцна биле освоени и територите на **Маите**. Домородното население било поразено и потчинето. Освен насилството, тешки последици предизвикале и болестите што ги донеле Европејците, како сипаници, морбили и грип. Бидејќи домородците немале отпорност на овие зарази, за кратко време починале милиони луѓе. Така поврзувањето на светот довело и до биолошки промени со трагични последици.

Големите географски откритија донеле и промени што го подобриле животот на луѓето во различни делови на планетата. Од тој процес произлегла т.н. **колумбовска размена**, односно пренос на растенија, животни и идеи меѓу Стариот и Новиот Свет. Таа размена го променила начинот на живот на сите континенти и се смета за еден од првите примери на економско и културно поврзување на светот.

**Колумбовска размена – што се пренесувало меѓу континентите?**

| Категорија | Од Стариот Свет (Европа, Азија, Африка) | Од Новиот Свет (Америка) |
|---|---|---|
| Растенија и храна | пченица, ориз, јачмен, шеќерна трска, кафе, банани, маслинки, јаболко, зелка, бадем, диња, праска, кромид, круша, соја, портокал, лимон | компир, пченка, домат, какао, грав, ананас, тиква, кикиритки, авокадо, чили пиперка, брусница, памук, сончоглед, тутун |
| Животни | крава, коњ, свиња, овца, кокошка, магаре | мисирка |
| Болести | сипаници, морбили, грип, тифус, колера, дифтерија, маларија, заушки, жолта треска | / |
| Технологија | огнено оружје, челик, тркало, бродови | / |
| Идеи и култура | христијанство, латинско писмо, европски јазици, приватна сопственост | / |

Но новите светски врски не им донеле еднакви придобивки на сите. За да ги искористат колониите, Европејците воспоставиле економски систем кој се потпирал на масовна и евтина работна сила. Така почнала трговијата со робови. Милиони Африканци биле заробени, пренесени преку Атлантскиот Океан и продадени во Америка. Се оформил таканаречениот **трансатлантски трговски триаголник**: од Европа во Африка се праќале текстил, огнено оружје и алкохол, од Африка во Америка робови, а од Америка во Европа суровини и храна.

**Прашања за дискусија:**

– Кое е твоето омилено јадење? Кои состојки дошле од Стариот, а кои од Новиот Свет?

– Дали мислиш дека колумбовската размена им донела повеќе добро или повеќе лошо на луѓето? Објасни со примери.



Трансатлантски трговски триаголник

## Почетоци на глобализацијата

Со освојувањата, Европејците носеле и свои идеи. Колонизаторите верувале дека нивната култура, религија и начин на живот се подобри од сите останати. Таквиот поглед се нарекува **евроцентризам**. Тоа е убедување дека Европа е

центарот на светот, а другите народи се сметаат за нецивилизирани и помалку вредни. Врз оваа идеја се изградил колонијализмот, систем во кој освоените територии постоеле за да ѝ служат на матичната држава. Во такви услови, локалните култури биле потиснати или сосема уништени.



Приказ од крајот на XVI век на луѓе со африканско потекло во Јужна Америка кои ги прифатиле христијанството и европската облека – симбол на културна асимилација во шпанските колонии – масло на платно

Во освоените територии почнала **културна асимилација**, односно обид европските народи да ја наметнат својата култура врз локалното население. Католичката црква праќала мисионери во Новиот Свет за да го прошират христијанството. Локалните религии биле забранети, а домородните јазици постепено се заменувале со шпански, португалски, француски или англиски. Многу традиции исчезнале, но некои култури опстанале преку мешање. Така се формирале **креолски култури**, во кои се соединиле домородни, африкански и европски елементи.

Со текот на времето, поврзувањето на светот станало толку длабоко што речиси ниедна економија, народ или култура не останала изолирана. Производи од еден крај на светот се појавувале на пазарите на друг. Идеи, книги, религии, мода и болести се шireле брзо и на големи растојанија. Почнала ерата на глобализацијата, но таа се развивала со значителна нерамнотежа меѓу европските центри на моќ и колониите што биле ставени во зависна положба.

Големите географски откритија засекогаш ја смениja сликата за светот. Тие ги поврзале континентите и народите и го промениле начинот на кој луѓето комуницирале, тргувале и живееле. За едни тоа значело напредок, богатство и нови можности. За други – болести, насилство и ропство. Од тие патувања се родил светот што и денес го познаваме – со сите свои вкусови, мешавини, но и неправди. Свет во кој ништо не останало целосно изолирано, и во кој историјата на еден дел од светот не може да се раскаже без историјата на другите.

## Провери го наученото

1. Кои биле главните причини за големите географски откритија во XV и XVI век?
2. Што потврдила експедицијата на Фернандо Магелан и зошто е значајна за историјата?
3. Објасни што претставува колумбовската размена? Наведи најмалку две нешта што биле пренесени во секоја насока.
4. Што подразбира културната асимилација во колониите и како се појавиле креолските култури?

# Индустриската револуција и технолошките иновации

Во втората половина на XVIII век почнал еден од најголемите пресврти во историјата на човештвото. Тоа била индустриската револуција. Таа довела до значајни промени во сите сфери на животот – од начинот на работа и производство, до начинот на живеење и поврзаноста меѓу различни делови на светот. Индустриската револуција не била револуција во вистинска смисла на зборот. Во неа немало војни, востанија или борба против некој владетел, ниту пак се случила одеднаш. Трансформациите настанувале постепено, во текот на повеќе децении. Меѓутоа, поради нејзината голема важност и трајни последици, историчарите сепак ја нарекуваат „револуција".

Пред неа, се случиле значајни промени во земјоделството. Со нови методи на обработка на земјата и употреба на земјоделски машини, производството станало поефикасно. Овој процес, познат како аграрна револуција, во некои региони на Европа довел до зголемено производство на храна и намалување на гладот. Со создавањето големи земјопоседи, многу селани останале без земја и биле принудени да се преселат во градовите. Таму, новите фабрики имале потреба од евтина работна сила. На тој начин биле создадени услови за почеток на индустрискиот развој.

## Првата индустриска револуција

Првата индустриска револуција почнала во Велика Британија околу 1760 година. Најважната новина била парната машина, усовршена од Џејмс Ват. Таа брзо почнала да се користи во фабриките, рудниците, морскиот транспорт и подоцна во железниците. Јагленот бил главен



Жени и деца во фабрика

извор на енергија, додека железото се користело како основен материјал за развој на индустријата. Производството станало побрзо, поевтино и во поголеми количини. Фабриките го заменувале занаетчискиот труд, а машините ја презеле работата што дотогаш ја вршеле луѓето.

Со зголемувањето на населението во градовите, почнале да се менуваат и општествените односи. Се појавила нова општествена група наречена работничка класа, подоцна позната и како **пролетеријат**. Работничките семејства живееле во мали и пренаселени станови. Работното време често траело од 12 до 16 часа дневно, платите биле ниски, а условите за работа сурови. Во фабриките често работеле и жени и деца, кои биле поевтина работна сила. Поради таквата состојба, дел од работниците почнале да се бунат. Во почетокот на XIX век, некои од нив, познати како **лудисти**, уништувале машини мислејќи дека тие им ја одземаат работата.

Кон крајот на XVIII и почетокот на XIX век се појавиле и други технолошки новини: нови машини за ткаење, машини за обработка на метал, модерни печатници и првите пароброди. Овие пронајдоци го забрзале производството и трговијата и го промениле секојдневниот живот. Паралелно со нив се развивал и економскиот систем наречен **капитализам**. Според него, фабриките и машините биле во приватна сопственост на поединци или компании, кои вложувале пари со цел да остварат добивка.

**Од едра до пареа: колку се скрати времето на патување?**

| Релација | Бродови на едра | Пароброди | Разлика |
|---|---|---|---|
| Лондон-Њујорк | 6-8 недели | 10-14 дена | 3-5 пати побрзо |
| Истанбул-Солун | 5-7 дена | 1.5-2 дена | 3-4 пати побрзо |
| Кина-Англија | 3 месеци | 1 месец | 3 пати побрзо |
| Шпанија-Мексико | 8-10 недели | 3-4 недели | 2,5 пати побрзо |

## Втората индустриска револуција

Во текот на XIX век, индустрискиот развој почнат во Велика Британија се проширил и во други европски земји, како и во САД и Јапонија. Во последните децении од векот, овој развој добил нов правец. Почнала **Втората индустриска револуција**. Таа се одликувала со поразлични извори на енергија. Наместо пареа, сè повеќе се користеле електричната енергија и нафтата. Истовремено се развивале нови индустрии, меѓу кои хемиската, челичната и автомобилската. Сè поголема улога почнала да игра науката, особено хемијата, која овозможила производство на лекови, пластика, ѓубрива и експлозиви. Значителен напредок бил постигнат и во примената на **електричната енергија**. Во

**Истражувај:**

Лудистите често оставале пораки потпишани со името „Нед Луд". Истражи дали се работи за вистинска личност или за измислен лик.

– Постојат ли денес луѓе или групи кои се спротивставуваат на нови технологии (како вештачка интелигенција, роботи или автономни возила)? Може ли тоа да се нарече „современ лудизам"? Објасни зошто, или зошто не.

**Прашања за дискусија:**

Во 1807 година, американскиот пронаоѓач Роберт Фултон го конструирал првиот комерцијално успешен пароброд. За разлика од бродовите на едра, кои зависеле од ветер и временски услови, паробродот се движел со парна машина и можел да плови брзо, стабилно и по однапред планиран распоред. Оваа иновација значително го скратила времето на патување.

– На кој начин побрзото патување влијаело врз трговијата и контактите меѓу луѓето од различни краишта?

– Паробродот го забрзал движењето на стоки, луѓе и идеи. Можеш ли да наведеш современ пример на технологија што има слично влијание денес?



„Ракета", една од првите парни локомотиви на светот (1829 година) – илустрација

нејзиниот развој посебно се истакнале Никола Тесла и Томас Едисон. Тесла го развил системот за пренос и користење на наизменичната струја, што овозможило снабдување со електрична енергија на големи растојанија и во индустријата. Едисон, пак, се залагал за еднонасочната струја и придонел електричното осветлување да стане дел од секојдневниот живот. Овој судир на идеи е познат како „Војна на струите".



Еден од првите модели на телефон (1876 година)

Голем напредок во XIX век бил постигнат и во транспортот и комуникацијата. Во 1825 година, англискиот инженер Џорџ Стивенсон ја пуштил во употреба првата јавна железничка линија со парна локомотива. Возовите овозможиле побрзо, поевтино и посигурно патување на долги растојанија.

Кон крајот на векот се појавил автомобилот со бензински мотор, кој донел поголема слобода на движење, независна од железничките линии. Во некои градови биле воведени електрични трамваи и први линии на метро. Во исто време се користеле и нови средства за комуникација. Телеграфот (патентиран во 1837 година) и телефонот (1876) ја забрзале размената на информации на големи растојанија и значително го промениле секојдневниот и деловниот живот.



Возилото форд – модел Т, произведувано од 1908 година, било првиот автомобил што можеле да си го дозволат и обичните луѓе.

Промените во индустријата довеле до нов начин на организирање на работата. Еден од првите што го применил бил Хенри Форд. Во неговите фабрики производството

се одвивало на подвижна лента, а секој работник извршувал една иста задача во низа, додека производот поминувал покрај него. Овој метод овозможил автомобилите да се произведуваат побрзо и со помали трошоци. **Масовното производство** овозможило производи што порано биле достапни само за најбогатите, да можат да си ги дозволат и обичните луѓе. Слични промени се случиле и во печатарството. Благодарејќи на побрзите машини и поевтината хартија, книгите и весниците се печателе по пониска цена. Тоа придонело тие да станат подостапни и да се зголеми писменоста, особено во градовите.

Меѓутоа, развојот на индустријата и трговијата не ги донел истите придобивки за сите. Индустриските земји станале сè побогати, додека голем дел од светот останал сиромашен и економски зависен. Ова создало нови нееднаквости, не само меѓу државите, туку и внатре во самите индустриски општества.


Карл Маркс

Во такви услови, сè повеќе работници почнале да се организираат за да се борат за подобар живот. Се појавиле **синдикати** – здруженија што ги застапувале нивните интереси и се залагале за подобри плати, пократко работно време, забрана на детскиот труд и поголема безбедност. Зачестиле штрајковите и протестите. Под притисок на овие движења, некои држави донеле закони што ја подобриле положбата на работниците. Истовремено, дел од мислителите, како Германецот Карл Маркс, остро ја критикувале неправдата што ја предизвикал индустрискиот развој. Тој сметал дека работничката класа треба да се обедини и да изгради поправедно општество. Неговите идеи имале силно влијание врз работничките движења во многу земји.

Развојот на индустријата оставил длабоки траги и врз **животната средина**. Фабриките ги загадувале воздухот, водата и земјата. Големи делови од природата биле уништени за да се добијат јаглен, нафта и други суровини. Градовите станале пренаселени и нечисти, а отпадот, бучавата и загадувањето значително го нарушиле квалитетот на живот. Многу семејства живееле во лоши, нездрави услови, без основни санитарни услуги и доволна грижа за јавното здравје.

Индустриската револуција го променила начинот на живеење, работа, патување и размислување. Светот станал побрз и поосветлен, градовите погласни и повисоки, а секојдневието сè пооддалечено од природата. Без нејзино разбирање, тешко може да се сфати модерниот начин на живот. Таа објаснува како почнал да се оформува светот на технологија и брза комуникација и ја покажува основата на современите економски и еколошки предизвици.

## Провери го наученото

1. Кои биле главните причини за почетокот на првата индустриска револуција?
2. Какви услови за работа имале работниците во фабриките и зошто се појавиле лудистите?
3. Кои се најважните технолошки иновации за време на двете индустриски револуции и какво влијание имале врз транспортот и секојдневниот живот?
4. Како довела индустриската револуција до загадување на животната средина?

# Миграциите и глобализацијата од XIX век до дигиталната ера

## Миграциите во XIX и XX век

Во XIX и XX век, светот почнал брзо да се менува. Луѓето сè почесто се преселувале од едно место на друго. Некои се селеле во соседна земја, а некои преминувале океани за да почнат нов живот. Почнале да се мешаат различни народи, јазици и обичаи. Државите и континентите станале сè повеќе поврзани.

Причините поради кои луѓето се селеле биле различни. Некои бегале од глад, војни или сиромаштија. Други заминувале затоа што биле прогонувани поради нивната вера, јазик или етничка припадност. Имало и такви што барале подобра работа и живот. За овие луѓе се користат зборовите **емигранти, бегалци или преселници**. Иако заминале далеку, мнозина не ја заборавиле својата татковина. Создавале групи во странство, каде што го чувале јазикот, обичаите и спомените од дома. Таквите групи се нарекуваат **дијаспори**.

Миграциите се разликувале според начинот и според времетраењето. Некои траеле кратко, додека други значеле трајно напуштање на домот. Мнозина заминувале во далечни земји како САД, Канада, Аргентина или Австралија. Патувале со бродови, често во тешки услови. Кога пристигнувале, ги чекале нови предизвици: учење нов јазик, пронаоѓање работа и приспособување на поинаков начин на живот.



Европски емигранти пристигнуваат во САД – илустрација

Постоеле и преселби што не биле доброволни. Луѓето биле протерувани или бегале за да се спасат од насилство и неправди. Во различни делови од светот се случувале масовни иселувања и присилни преместувања на население. Истовремено, европските колонијални сили пренесувале луѓе од

**Изворите зборуваат:**

„Да ти кажам што најмногу не ми се допаѓаше – тоа што не можев да разберам што зборуваат. Многу е тешко да се сфати што значи да не можеш да разбереш ниту збор од тоа што некој ти го зборува. И, ќе ти кажам, ако некој тогаш ми речеше: „Ќе ти дадам пари, само качи се на бродот и врати се во Данска", веднаш ќе прифатев – секој ден во неделата. Ми требаше, би рекол, речиси цела година да го надминам тоа, бидејќи тешко е да се прифати дека не можеш да разбереш што зборуваат луѓето околу тебе. Стануваш наутро, не ги разбираш, одиш на работа. Те исмеваат кога ќе кажеш нешто, затоа што, претпоставувам, им звучи смешно, и така си тераш понатаму."

Кнуд Ларсен, дански емигрант кој пристигнал во САД во 1923 година
Извор: Ellis Island Oral History Collection, EI-267

еден континент на друг како евтина работна сила. Индијци биле праќани на Карибите, Кинези во Југоисточна Азија, а Африканци работеле во рудници и на плантажи.



Индијците биле евтина работна сила на Карибите

Мигрантите често се соочувале со тешкотии кога се обидувале да се навикнат на новото место. Местата во кои се населувале не биле секогаш пријателски. Во некои средини имало ксенофобија – страв и омраза кон странци. Постоел и шовинизам, односно верување дека сопствениот народ е подобар од сите други и дека преостанатите се помалку вредни. Таквите ставови воделе до дискриминација и поделби. Но имало и успешни приказни. Некои мигранти успеале да изградат нов живот, да отворат бизниси, да го зачуваат својот јазик и обичаи, а истовремено да станат дел од новата заедница.

## Миграција на идеи, култури и стилови

Покрај луѓето, низ светот патувале и идеи. Развојот на печатот, училиштата и сѐ подостапните патувања овозможиле полесно ширење на нови мисли и вредности. Се пренесувале идеи за права, слобода и правда. Истовремено се ширеле нови облици на уметност, верски обичаи и нови начини на облекување, готвење и празнување.

Кога доаѓале во контакт различни култури, често настанувало мешање на верувања, стилови и традиции. Кога тоа се случувало во областа на религијата, на пример кога еден празник содржи елементи од повеќе верски традиции, се нарекува синкретизам.



„Денот на мртвите" (*Día de los Muertos*) е национален празник во Мексико – настанал со мешање на претколумбовските верувања на Ацтеките и католичката традиција донесена од Шпанија.

Во другите сфери, како јазикот, храната, празнувањата, музиката или модата, ова мешање се нарекува културна хибридност. Таа означува создавање нешто ново од повеќе различни влијанија.

Еден јасен пример за културна хибридност е музиката. Африканската ритмика, европските

инструменти и американските искуства се споиле во џезот – музички стил што подоцна се проширил низ целиот свет. Во модата се комбинирале ориентални ткаенини со западни кроеви. Креолските јазици, како оној што се зборува на Хаити, настанале од мешање на францускиот со африкански јазици. Во Бразил, карневалот во Рио де Жанеиро обединува европска католичка традиција со африканска музика и танц. Луѓето кои живееле меѓу различни култури, како што биле мигрантите, доселениците или децата со мешано потекло, често создавале нешто ново, поразлично и уникатно.

Културите се пренесувале и преку религијата. Во XIX и XX век, христијански мисионери активно дејствувале во Африка, Азија и Јужна Америка, ширејќи ја својата вера и европските вредности. Истовремено, исламот се распространувал преку миграции, особено во африканските и азиските региони, а будизмот продолжил да се вкоренува во Источна и Југоисточна Азија. Освен религиите, се ширеле и политички идеи: социјализам, национализам и комунизам, кои добивале сѐ поголем број следбеници. Подоцна, во текот на XX век, се рашириле и идеи за демократија и човекови права.

**Прашања за дискусија:**

Кога ќе се сретнат луѓе од различни средини, се создаваат нови обичаи, јазици и музика. Но сите не се чувствуваат пријатно со тие промени. Некои стравуваат дека нивната култура ќе исчезне, други велат дека со мешањето настанува нешто ново и убаво.

**– Дали мешањето на културите е добредојдено или носи опасност да се изгуби нешто свое?**

**– Дали си видел/а како некои луѓе во твоето место на живеење слават празници на начин што не е традиционален (на пример Св. Валентин)? Што мислиш за тоа?**

## Глобализацијата до дигиталната ера

Овие промени се одвивале во време кога се менувал и **начинот на комуникација**. Благодарејќи на новите превозни средства, поштата станала побрза. Телеграфот овозможил праќање пораки за неколку минути, дури и меѓу различни континенти. Радиото почнало да ги носи вестите директно во домовите на луѓето, а телевизијата овозможила гледање слики од целиот свет. Овие нови медиуми го поврзале светот на сосема нов начин и создале чувство дека сите луѓе, без разлика каде живеат, се дел од ист глобален простор.

Во тоа време се зголемувала и **трговската размена** меѓу различни земји. Производи направени во една држава сѐ почесто се продавале во други делови од светот. Големите компании, познати како корпорации, почнале да работат во повеќе земји истовремено. Тоа донело нови производи и работни места, но создало и проблеми. Посиромашните земји станале зависни од побогатите и тешко успевале самостојно да се развиваат.

За да се зачува мирот и да се поттикне соработката меѓу народите, низ светот



Луис Армстронг-Сачмо – американски џез музичар

почнале да се создаваат **меѓународни организации**. Некои ги основале држави, а некои настанале по иницијатива на поединци. Црвениот крст помагал во време на војни и природни катастрофи. Обединетите нации се залагале за мир, соработка и човекови права. Олимписките игри ги поврзувале народите преку спорт, пријателство и меѓусебна почит.

**Организации што го поврзуваат светот**

| Организација | Година на основање | Главна цел |
|---|---|---|
| Меѓународен црвен крст | 1863 | Помош при војни и природни катастрофи |
| Олимписки игри (модерни) | 1896 | Поврзување на народите преку спорт |
| Обединети нации (ОН) | 1945 | Мир, соработка и заштита на човековите права |
| УНЕСКО | 1945 | Соработка во образование, наука и култура |
| УНИЦЕФ | 1946 | Помош и заштита на децата низ светот |
| Светска трговска организација | 1995 | Фер и слободна трговија меѓу државите |



Официјален постер за Олимписките игри во Антверпен, 1920 – Игрите симболизирале поврзување меѓу народите преку спорт

Сепак, поврзувањето на светот не донело еднакви придобивки за сите. Културите на помоќните држави се шireле и станувале доминантни, додека други биле запоставени или истиснувани. Многу луѓе и народи се чувствувале како да го губат својот идентитет, а со тоа растела и потребата да се зачува сопствената култура, јазик, обичаи и начин на живот. Поврзувањето донело нови можности, но исто така предизвикало несигурност, поделби и страв од губење на културната посебност.

До крајот на XX век, светот бил длабоко променет. Луѓето, културите, информациите и производите се движеле побрзо и на поголеми растојанија. Различни општества стапувале во контакт едни со други. Историјата на еден народ сè почесто се испреплетувала со историите на други. Светот станал поврзан, но не и еднаков.

**Провери го наученото**

1. Кои биле главните причини за миграции во XIX и XX век?
2. Како се нарекуваат групите на луѓе кои, иако живеат во друга земја, го зачувуваат својот јазик, обичаи и спомени од татковината?
3. Што значи културна хибридност? Наведи еден пример од лекцијата.
4. Кои нови начини на комуникација се појавиле во XIX и XX век, и како тие го поврзале светот?

**АКТИВНОСТ:**

## Средба меѓу два света

**Работа во групи**

**Група А:** Европски дојденци (морепловци, свештеници-мисионери, војници, трговци)

**Група Б:** Домородни жители (старешина, млада девојка, воин, ловец)

**Подготовка:**

- Размислете: што знаете за „другите"?
  Што сакате да се случи на средбата со нив?
  Од што се плашите?
- Договорете 2-3 работи што ќе ги кажете на средбата

**Средбата:**

- Сцена: кратка прва средба меѓу двете групи
- Секој зборува од улогата што ја игра

**Дискусија по разговорот:**

- Што научивте за другата страна? Што ви беше најтешко да разберете за „другите"?
- Дали мислите дека може да има добра соработка или судирот е неизбежен?
- Дали слични недоразбирања или судири се случуваат и денес меѓу различни народи и култури?

## ТЕМА 4

# ВОЈНИ, КОНФЛИКТИ И БОРБИ ЗА СЛОБОДА

### Вовед во темата:

Историјата е исполнета со судири – меѓу народи, држави и идеи. Во оваа тема ќе ги разгледаме причините, текот и последиците од војните и конфликтите кои влијаеле врз создавањето и распаѓањето на држави и врз промените во општествата во XIX и XX век. Ќе дознаеме како националните револуции, борбите за независност и двете светски војни ја промениле политичката карта на светот. Ќе видиме како народите се бореле за слобода и независност, често по цена на огромни жртви. Ќе научиме и како по тие судири се склучувале договори, се воспоставувал мир и се создавале нови облици на меѓународна соработка.

**Содржини:**

- Наполеоновите војни и новиот поредок во Европа
- Револуции и војни во XIX век
- Националноослободителни движења на Балканот во XIX век
- Колонијализмот во Америка, Африка и Азија
- Првата светска војна
- Револуциите во Русија и комунизмот
- Светот меѓу двете светски војни
- Втората светска војна
- Студената војна
- Деколонизацијата и борбите за независност во XX век
- Падот на комунизмот и новите демократии во Европа
- Активност: Холокаустот

## На крајот од темата ќе можеш:

- Да ја објасниш улогата на личноста на Наполеон во европската историја.
- Да ги споредуваш ефектите на револуциите и реформите врз општествените промени во Европа во 19 век.
- Да ја идентификуваш идеолошката оправданост на колонијализмот и процесот на деколонизацијата.
- Да ги опишеш причините, текот и последиците од светските војни.
- Да го објасниш значењето на идеологиите и на технологијата во војните во XX век.
- Да ги споредуваш карактеристиките на Првата светска војна, Втората светска војна и Студената војна.
- Да го разбереш значењето на Октомвриската револуција и нејзината улога во развојот на класната борба.
- Да ја идентификуваш улогата на нацизмот и на фашизмот како злосторнички идеологии во однос на развојот на човештвото.
- Да го вреднуваш придонесот на мировните организации и мирните форми на отпор.
- Да ги анализираш причините за современите воени конфликти и проценува како нивните последици влијаат на современото општетство.
- Да го вреднуваш значењето на историјата на XX век врз разбирањето на претходниот историски развој и врз визијата за иднината на човештвото.
- Да изразуваш почит и да развиеш свесност за улогата на историските личности кои придонеле за развојот на современите општества.

# Наполеоновите војни и новиот поредок во Европа

## Подемот на Наполеон

По револуцијата во 1789 година, Франција се соочила со нестабилност, сиромаштија и војни. Во такви услови се истакнал генералот **Наполеон Бонапарта**. Тој станал познат како воен гениј по победите во Италија, каде што ја поразил австриската војска, и по походот во Египет, каде што се обидел да го пресече патот на Британија кон Индија. Иако египетската експедиција не завршила успешно, Наполеон стекнал огромна слава и поддршка од францускиот народ. Тоа му овозможило во 1799 година да стане прв конзул на француската влада. Неколку години подоцна, во 1804 година, се прогласил за **император** на Франција. Крунисувањето се одржало во присуство на папата, но Наполеон сам си ја ставил круната на главата. Со овој чин сакал да покаже дека неговата власт произлегува од народната поддршка и сопствената волја, а не од Црквата.

**Истражувај:**

Во 1799 година, за време на Наполеоновата експедиција во Египет, еден негов офицер пронашол необичен камен со натписи на три различни писма. Подоцна, овој камен станал многу важен за проучувањето на минатото.

Истражи и одговори:

**– Што е Каменот од Розета и зошто бил толку важен за научниците?**

**– Како помогнал овој камен да се прочита едно старо, долго време неразбирливо писмо?**

**– Кое било тоа писмо и кој го дешифрирал?**

## Наполеоновите војни

Славата на Наполеон растела заедно со ширењето на француската власт низ Европа. Од 1803 до 1815 година, речиси без прекин се воделе војни, познати како **Наполеонови војни**. Франција била во судир со неколку коалиции на европски држави, меѓу кои најважни биле Велика Британија, Австрија, Прусија и Русија. Овие држави се обединиле за да го спречат ширењето на француското влијание и идеите на револуцијата.



Крунисувањето на Наполеон, масло на платно

Наполеон создал силна и добро обучена армија, со која постигнал низа победи. Во 1805 година, во **Битката кај Аустерлиц** ги поразил руските и австриските сили. Тоа се смета за една од неговите најголеми победи, поради што истата година Австрија потпишала мир. Во 1806 година, француската војска ја победила Прусија кај Јена и Ауерштат, а веќе следната година Русија

**Изворите зборуваат:**

„Дури и во овој час, пред овој голем ден да помине и да се изгуби во океанот на вечноста, вашиот император ви се обраќа и изразува колку е задоволен од сите оние кои имаа среќа да се борат во оваа незаборавна битка. Војници! Вие сте најдобрите борци на светот. Споменот на овој ден и на вашите дела ќе биде вечен! Илјадници години отсега, сè додека се раскажуваат настаните на универзумот, ќе се зборува дека руска армија од 76.000 луѓе, платена со златото на Англија, беше уништена од вас на рамнините кај Аустерлиц"

Наполеон Бонапарта, 3 декември 1805.

Наполеон бил извонреден мотиватор. Неговите говори не служеле само за информирање, туку и за инспирирање и градење самодоверба кај војниците. Со возвишен и силно емоционален стил на изразување, тој ги претворал битките во настани достојни за вечна слава.

**Дали знаеш дека...**

Иако никогаш не било официјално име, изразот „Хабсбуршко Царство" често се користи за да ги опфати сите земји и народи што биле под власт на династијата Хабсбург. Во 1804 година, овие територии биле преименувани во Австриска Империја, а од 1867 година во Австро-Унгарија. Во историјата често се користи и поедноставениот поим Австрија.

била поразена кај Фридланд. Со тоа Наполеон станал господар на поголем дел од континентална Европа.

Но, Велика Британија останала најголемиот противник на Наполеон. Британската војска ретко се вклучувала во копнени борби со Франција, бидејќи француската армија важела за најсилна на континентот. Наместо тоа, Британија ја користела својата моќна флота, која доминирала на морињата. Во 1805 година, британската морнарица под водство на адмиралот Нелсон ја поразила француско-шпанската флота во **Битката кај Трафалгар**. Оваа победа им овозможила на Британците контрола врз морските патишта и спречила француска инвазија на нивната територија.

По овој пораз, Наполеон се откажал од планот да ја нападне Британија преку море. Наместо тоа, во 1806 година вовел забрана за трговија со британски производи низ цела Европа, позната како **континентална блокада**. Со неа сакал да ја ослаби британската економија и да го намали нејзиното влијание. Но блокадата тешко се спроведувала. Многу држави тајно продолжиле да тргуваат со Британија, а некои отворено се спротивставиле на француската политика. Наместо да го ослаби својот најголем противник, блокадата предизвикала економска штета и во Франција и во другите земји под нејзина контрола. Тоа довело до нови судири кои постепено го поткопале Наполеоновиот систем.



Британскиот премиер Вилијам Пит Помладиот (лево) и Наполеон Бонапарта (десно) си го делат светот – карикатура

Наполеон не бил само воен командант, туку и владетел што вовел длабоки промени во државата. Најзначајна трага оставил со граѓанскиот законик од 1804 година, познат како Наполеонов кодекс. Во него биле наведени важни начела како правото на сопственост, еднаквоста пред законот и личната слобода. Истовремено се потврдиле и традиционалните семејни улоги, со ограничени права за жените. Законикот не се применувал само во Франција, туку и во земјите под нејзино влијание, а подоцна влијаел врз правните системи низ светот.



Наполеон Бонапарта – портрет, масло на платно

Наполеон ја проширувал својата власт преку воени освојувања, преку поставување свои роднини и блиски соработници за владетели, како и со создавање нови држави. Неговите браќа биле назначени за кралеви на Шпанија, Неапол, Вестфалија и Холандија. Истовремено се формирале нови држави како Варшавското војводство во Полска и Кралството Италија, со кои управувале негови сојузници, или тој лично. Ваквата политика значела наметнување странска власт и предизвикала незадоволство. Многу народи, кои на почетокот го поддржувале Наполеон поради надежта за промени и желбата за укинување на феудалните односи, наскоро сфатиле дека тој и Франција настапуваат како окупатори. Во некои земји се појавил отпор, особено во Шпанија, каде што герилците воделе жестока и долготрајна борба против француската војска.

**Помалку познати зборови и термини:**

**Герила**
Начин на војување при кој мали групи луѓе напаѓаат од заседа, уништуваат патишта, мостови или складишта и брзо се повлекуваат. Така се борат против поголема и посилна војска.

## Походот кон Русија и новиот поредок во Европа

Еден од пресудните моменти за падот на Наполеон била инвазијата на Русија во 1812 година. Целта била да се спречи сојуз меѓу Русија и Велика Британија. За походот, Наполеон собрал околу 600.000 војници од различни народи во војска позната како Големата армија. Тоа била најголемата војска што дотогаш тргнала во поход во Европа.

Но наместо очекуваната битка, Наполеон се соочил со сосема поинаква тактика. Русите постојано се повлекувале и уништувале храна, мостови и села, оставајќи ја француската војска без снабдување. Дури и во Битката кај Бородино, една од најкрвавите на векот, немало јасен победник. Кога стигнал во Москва, наместо преговори, го затекнал градот напуштен и запален. Без храна и соочен со суровата руска зима, бил принуден да се повлече. Студот, гладта, болестите и руските напади го претвориле повлекувањето во катастрофа. Од 600.000 војници преживеале помалку од 100.000. Поразот ги охрабрил неговите противници и го означил почетокот на неговиот пад.

Во наредните години, коалицијата на европските сили повторно тргнала против Наполеон. Во октомври 1813 година, кај Лајпциг се водела Битката на народите, во која здружените армии на Русија, Прусија и Австрија му нанеле тежок пораз. Франција била нападната од сите страни, а во 1814 година, Наполеон бил принуден да се откаже од престолот. Бил испратен



Повлекувањето на Наполеон и неговата армија од Русија – масло на платно

на островот Елба, кој му бил доделен како лично кнежевство за време на прогонството.

Следната година успеал да се врати во Франција и повторно ја презел власта. Овој период е познат како „Стоте дни на Наполеон". Меѓутоа, во јуни 1815 година здружените британско-пруски сили го поразиле кај Ватерло. Потоа бил пратен на доживотно прогонство на далечниот остров Света Елена во Атлантскиот Океан, каде што починал во 1821 година.

Претходно (септември 1814-јуни 1815 година), делегации од повеќето европски држави се собрале на Виенскиот конгрес за да воспостават долготраен мир и да спречат нови револуции. Главна улога имале Големите сили: Велика Британија, Русија, Австрија, Прусија, а подоцна и Франција. Тие ги вратиле соборените династии на власт, во процес познат како реставрација. Новиот поредок се темелел на принципот на рамнотежа на моќта, со цел ниту една држава да не стане премногу силна за да ги загрози другите, како што тоа го направила Франција под Наполеон. Биле утврдени и нови државни граници, но без да се внимава на националните интереси на некои народи. Тоа ќе стане повод за идни конфликти и национални движења во XIX век.




Европа по Виенскиот конгрес

Наполеоновото владеење оставило значајни последици во правото, воената тактика и политичката карта на Европа. Сепак, најдлабока трага оставило ширењето на **национализмот** т.е. идејата дека луѓето што делат заеднички јазик, култура, потекло или политички вредности треба да живеат во своја држава. Наместо да ги обедини народите под своја власт, Наполеон несакано ги разбудил нивните стремежи за самостојност. Националната свест, поттикната од неговите освојувања, ќе стане движечка сила во европската историја на XIX век.

### Провери го наученото

1. Што покажува крунисувањето на Наполеон за начинот на кој ја разбирал својата власт?
2. Зошто била важна Битката кај Трафалгар за Велика Британија?
3. Како завршил Наполеоновиот поход во Русија и кои биле неговите последици?
4. Како влијаеле Наполеоновите освојувања врз развојот на национализмот во Европа?

### Прашања за дискусија:

Дали Наполеон бил ослободител или окупатор?

Објасни ги двете гледишта и разговарај со соучениците. Поддржи го своето мислење со конкретни примери од лекцијата

# Револуции и војни во XIX век

Во XIX век, идеите за слобода, нација и независност станале основа за нови политички барања. По Француската револуција и Наполеоновите војни, многу владетели се обиделе да ја вратат старата моќ, но луѓето сѐ почесто се гледале како граѓани со права, а не како поданици. Барале еднаквост пред законот и право да гласаат. Во центарот на овие промени стоеле поимите **нација и национализам**.

Во различни делови од светот, нацијата се сфаќала на различен начин. Едно сфаќање било дека таа се создава кога сите споделуваат исти закони, права и политички вредности, без разлика на етничкото потекло. Овој поглед се нарекува **граѓанска нација** и бил типичен за Франција и САД. Според друго гледиште, нацијата е заедница од луѓе што зборуваат ист јазик, имаат заедничка култура и потекнуваат од ист народ. Ова се нарекува **етничка нација**. Ваков поглед имале Германците, Полјаците и други. И двата погледа влијаеле врз развојот на национализмот. Тој поттикнувал борба за ослободување или обединување во една држава, но понекогаш доведувал и до потиснување на малцинствата. Национализмот силно ја променил политичката карта на светот во XIX век.

**Дали знаеш дека...**

Во Франција во XIX век, особено по 1870 година, државата настојувала сите граѓани да зборуваат француски и да се чувствуваат дел од француската нација. Малцинства како Бретонците и Окситанците биле потиснувани: училиштата не дозволувале употреба на нивните јазици, а децата биле казнувани или понижувани ако зборуваат на нив. Целта била културно асимилирање во име на националното единство.

## Револуциите во Латинска Америка и Пролетта на народите во Европа

Во XIX век, **Латинска Америка** била првата област каде што почнале да се реализираат идеите за слобода и независност. Хаити стекнале независност во 1804 година, по востание на робови против Франција, и станале првата држава создадена со успешна револуција на поранешни робови.

Поттикнати од Американската и Француската револуција, и другите колонии почнале борба против Шпанија и Португалија. Во 1819 година, под водство на **Симон Боливар**, била создадена Голема Колумбија. Аргентина и Чиле се избориле за независност со помош на **Хосе де Сан Мартин**, кој учествувал и во ослободувањето на Перу. Во Мексико, борбата почнала во 1810, а во Бразил независноста од Португалија била прогласена во 1822 година.


Симон Боливар – портрет, масло на платно

Иако некои водачи замислувале обединета Латинска Америка, на крајот се формирале повеќе одделни држави. Многу од нив биле нестабилни, но успеале да стекнат суверенитет т.е. право самостојно да ја водат својата политика.

Во 1823 година, претседателот на САД, Џејмс Монро ја претставил т.н. **Монрова доктрина**, со која ги предупредил европските сили да не се мешаат во американскиот континент. Со овој чекор, САД индиректно ја поддржале независноста на новите држави во Латинска Америка.

Промените не застанале тука. Во 1848 година, низ Европа се проширила **Пролетта на народите** – револуционерна бура што зафатила голем дел од континентот. Во различни земји, движењата имале различни цели: некои се бореле за устави, избори и слобода на говор; други барале укинување на феудалните обврски и еднаквост пред законот; трети се залагале за културна автономија или национално обединување.



Од шпански колонии до независни држави: Латинска Америка (1808-1825)

Револуции избиле во Франција, Австриската Империја, како и во германските и италијанските држави. Иако на крајот биле задушени, тие го разнишале апсолутизмот и покажале дека народот може да биде политичка сила. Како резултат, феудализмот бил укинат во поголемиот дел од Европа, со исклучок на Русија и Османлиската Империја, каде што продолжил да постои.

## Обединувањето на Италија и Германија

Национализмот најсилно се изразил преку обединувањето на Италија и Германија – два процеси што значително ја промениле политичката карта на Европа. Италија била раздробена на повеќе држави: кралства, војводства и територии под странска власт. Северот бил под доминација на Австриската Империја, а југот под контрола на Бурбонската династија. На чело на движењето за обединување стоело Кралството Пиемонт-Сардинија, предводено од Савојската династија.

Ова движење, познато како Рисорџименто, го предводеле неколку клучни личности: Џузепе Мацини ги ширел националните идеи, Џузепе Гарибалди со своите „Црвени кошули" ја ослободил Јужна Италија, а премиерот на Пиемонт-Сардинија, Камило Кавур, водел вешта дипломатија.

Во 1859, Пиемонт со поддршка од Франција успешно војувал против Австрија. Во 1861 било прогласено Кралството Италија, на чело со кралот Виктор Емануел II од Савојската династија. Сепак, новата држава сè уште не ги опфаќала Венеција и Рим. Во 1866, Италија војувала заедно со Прусија против Австријците и ја добила Венеција. Во 1870 година, по повлекувањето на француската војска од Папската Држава, италијанските трупи влегле во Рим, кој станал главен град и симбол на националното обединување.

Сличен процес на обединување се одвивал и во германските земји, но со уште посилна улога на државната власт. На чело на обединувањето застанала Прусија, најсилната германска држава, предводена од премиерот Ото фон Бизмарк. Наместо преку договори и либерални идеи, тој го спроведувал обединувањето преку војни и политички пресметки. Бизмарк ја следел стратегијата на *реалполитик* – пристап во кој интересите и моќта биле поважни од идеалите, моралот и етиката.

**Прашања за дискусија:**

Во 1862 година, Ото фон Бизмарк изјавил пред пруското парламент дека:

„Големите прашања на нашето време не се решаваат со говори и одлуки на мнозинството... туку со железо и крв".

Во лекцијата прочита дека Бизмарк ја следел стратегијата на реалполитик, во која интересите и моќта биле поважни од идеалите, моралот и етиката.

- Кој автор од XVI век размислувал слично и напишал дека владетелот не треба секогаш да се води според морални правила?
- Дали тоа што Бизмарк ги отфрла одлуките на мнозинството значи дека ги нарушува принципите на демократијата? Објасни го твоето мислење.
- Дали сметаш дека реалполитиката може да биде оправдан начин на владеење? Дали моралот и етиката треба да се занемарат кога се одлучува за интересите на државата, како што предлага Бизмарк? Објасни го твојот став.

По победата над Австриската Империја во 1866 година, Прусија ја зацврстила својата надмоќ во германските земји. Веќе следната година, под нејзино водство бил формиран Северногерманскиот сојуз. Во 1870 година, Бизмарк ја искористил победата во Француско-пруската војна за да ги обедини и јужните германски држави. Победата предизвикала голем национален ентузијазам. На почетокот на 1871 година, во салата на огледалата во дворецот Версај, прускиот крал Вилхелм I бил прогласен за германски император (кајзер). Така било создадено **Германското Царство**, нова и моќна држава во срцето на Европа.



Обединување на Германија: крунисување на Вилхелм I во Версај – масло на платно

## Граѓанската војна во САД

На другата страна на Атлантикот, **Граѓанската војна во САД** (1861-1865) претставувала пресвртна точка во американската историја. Конфликтот меѓу Северот и Југот бил судир на две спротивставени визии за иднината на државата. Јужните држави, чие стопанство се темелело на плантажи и ропска работна сила, сакале да го зачуваат ропството и се залагале за правото на секоја држава самостојно да одлучува. По изборот на **Абрахам Линколн** за претседател во 1860 година, кој бил против проширувањето на ропството, единаесет јужни држави се отцепиле и формирале нова државна творба – Конфедеративните Американски Држави.

## Изворите зборуваат:

„Ако би можел да ја спасам Унијата без да ослободам ниту еден роб, би го направил тоа. Ако би можел да ја спасам со ослободување на сите робови, исто така би го направил тоа. Ако би можел да ја спасам со ослободување на некои, а не и на други - и тоа би го направил. Моја главна цел во оваа борба е да ја спасам Унијата, а не да го спасам или уништам ропството".

Писмо од Абрахам Линколн до новинарот Хорас Грили
Извор: New York Tribune, 22.8.1862

– Што ни открива овој извор за тоа која била првичната цел на Линколн во Граѓанската војна?

– Како се разликува оваа изјава од Прокламацијата за еманципација од 1863 година? Што мислиш, што се сменило?

Северот, кој бил индустриски поразвиен и со силна идеја за национално единство, се спротивставил на распадот на Унијата. Првично, Линколн се борел за зачувување на државата, но како што напредувала војната, прашањето за ропството станало сè поважно. Во 1863 година, тој ја издал „Прокламацијата за еманципација", со која прогласил слобода за сите робови во бунтовничките држави. Така, војната добила и морална димензија, како борба за слобода и еднаквост.



Север против Југ: сцена од Граѓанската војна во САД – литографија

По четири години тешки и крвави битки, Северот победил. **Ропството било укинато**, а државата останала обединета. Војната однела над 600.000 животи.

До крајот на XIX век, национализмот веќе не бил само средство за бунт или отпор. Тој почнал да се вградува во државните политики и да влијае врз обликувањето на новите држави. Се појавувале нови национални држави, а старите царства почнувале да слабеат под притисок на внатрешни немири и национални движења. Сè повеќе се ширела идејата дека секој народ има право на своја држава и своја иднина. Но национализмот имал и друга страна: многу држави почнале да ги потиснуваат различните етнички и јазични групи во име на единството. Ова ќе стане извор на идни судири.

## Провери го наученото

1. Што е граѓанска, а што етничка нација?
2. Кои биле најпознатите водачи на револуциите во Латинска Америка?
3. Како дошло до обединување на Италија, а како на Германија?
4. Зошто избила Граѓанската војна во САД и какви биле последиците?

# Националноослободителните движења на Балканот во XIX век

Во XIX век, Балканот бил еден од најнемирните делови на Европа. Османлиската Империја сè уште владеела со најголем дел од регионот, но нејзината моќ веќе опаѓала. Идеите на просветителството и Француската револуција силно влијаеле врз образованите луѓе. Истовремено, борбите за слобода во други делови на светот ги охрабриле и балканските народи, особено Србите и Грците. Тие почнале да бараат културна автономија и политички права, а се планирало и создавање сопствени држави. Овие процеси ја разнишале стабилноста на Османлиската Империја и го привлекле вниманието на Големите сили, кои, водени од свои интереси, сè почесто се вмешувале во балканските прашања.

## Српските востанија и грчката војна за независност

Првите организирани обиди за ослободување на Балканот почнале во Србија. Во 1804 година почнало Првото српско востание, предводено од Караѓорѓе Петровиќ. Повод било насилството што одметнатите јаничари го вршеле врз локалното население. Востанието брзо прераснало во поширока политичка борба за ослободување од османлиската власт и создавање сопствени институции. Во првите години востаниците постигнале значајни успеси и ослободиле големи делови од Србија, но во 1813 година востанието било задушено.

Веќе во 1815 година почнало Второто српско востание, овојпат под водство на Милош Обреновиќ. Со воена борба и преговори, Србија успеала да стекне автономен статус, кој бил признаен од султанот во 1830 година. Земјата добила право на свој кнез и самоуправа. Така, за првпат еден народ на Балканот стекнал политичка автономија во рамките на Османлиската Империја. Тоа послужило како пример и за другите народи во регионот.

Во Грција почнало слично движење за ослободување, но со многу поголема поддршка од европската јавност. Во 1821 година почнало востание организирано од тајната револуционерна организација Филики етерија (Друштво на пријатели). Востанието избувнало на повеќе места речиси истовремено, а во него учествувале различни групи луѓе: селани, свештеници, трговци и интелектуалци.



Прогласување на Второто српско востание (1815) – масло на платно

На почетокот, востаниците постигнале значајни успеси. Но, внатрешните поделби и силниот одговор на османлиската војска довеле до големи загуби.



Битката кај Наварино – масло на платно

Грчката борба имала големи симпатии во Западна Европа и Русија. Познатиот британски поет лорд Бајрон пристигнал во Грција и ја поддржал борбата. Под притисок на јавноста, но и поради свои интереси, Велика Британија, Франција и Русија во 1827 година заедно интервенирале и ја уништиле османлиско-египетската флота кај Наварино.

Оваа интервенција ја принудила Османлиската Империја да прифати преговори, што довело до признавање на независна грчка држава во 1830 година. Две години подоцна, Грција станала кралство со меѓународно признати граници. Тоа била првата целосно независна христијанска држава на Балканот во XIX век.

**Прашања за дискусија:**

Прочита дека во XIX век некои балкански народи стекнале автономија, а некои независност.

– Што значи „автономија“ и како се разликува од „независност“?

– Некои балкански народи барале автономија, а дури подоцна независност. Зошто мислиш дека го избрале тој пристап?

## Националноослободителните движења во Бугарија и Албанија

Во втората половина на XIX век, ослободителните движења на Балканот се развивале побавно поради нови политички околности. Русија, која дотогаш ги поддржувала православните народи, се повлекла од балканските прашања по својот пораз во Кримската војна (1853-1856). Во таа војна, западните сили, особено Велика Британија и Франција, застанале на страната на Османлиската Империја. Нивната цел била да ја сочуваат Империјата и да спречат поголеми промени во рамнотежата на силите во Европа. Поради поразот, Русија изгубила дел од своето влијание и некое време не се вклучувала активно во балканските конфликти.

До средината на 1870-тите, состојбата повторно се заострила. Од 1875 до 1878 година регионот бил зафатен од серија кризи, познати под името **Источна криза**. Тоа бил период на востанија, меѓународни притисоци и воени судири кој силно ја погодил Османлиската Империја и го вратил Балканот во фокусот на европската политика.

Во тој контекст, бугарското национално движење, кое дотогаш се водело преку просвета и црковна борба, почнало да се подготвува и за вооружен отпор. Во 1876 година избувнало **Априлското востание**, кое било жестоко задушено од османлиската војска. Извештаите за

масакри врз цивили, особено жени и деца, ја потресле европската јавност. Се засилиле повиците за странска интервенција.

Русија ја искористила ситуацијата за повторно да се ангажира на Балканот. Повикувајќи се на хуманитарни причини, во април 1877 година ѝ објавила војна на Османлиската Империја. По руската победа во војната, во март 1878 година, Русија и Османлиската Империја го потпишале Санстефанскиот мировен договор. Тој бил прелиминарен, односно привремен договор што содржел предлози за нови граници, но требало да биде потврден од другите Големи сили. Со него се предвидувало создавање голема бугарска држава, што предизвикало загриженост кај Австро-Унгарија и Велика Британија. Затоа во јуни 1878 година започнал Берлинскиот конгрес, каде што некои од одлуките од Сан Стефано биле значително изменети. Србија, Црна Гора и Романија добиле меѓународно признаена независност, а територијата на Бугарија била поделена на трибутарно Кнежевство Бугарија и автономната провинција Источна Румелија, која имала посебна самоуправа, но останала под османлиска власт.

По одлуките на Берлинскиот конгрес во 1878 година, било предвидено дел од териториите населени со Албанци да им бидат отстапени на соседните држави. Ова предизвикало голема загриженост меѓу албанските водачи и ги поттикнало да се организираат политички.

Во јуни истата година била формирана Призренската лига. Таа



Масакрот во Батак за време на Априлското востание – масло на платно

**Помалку познати зборови и термини:**

**Трибутарно (Кнежевство Бугарија)**

Од латинскиот збор *tributum*, што значи „данок“. Трибутарното кнежевство Бугарија имало кнез и широка самоуправа, но формално останало под врховен суверенитет на султанот и имало обврска да му плаќа данок.




Балканот по Берлинскиот конгрес (1878)

претставувала прв обид за пошироко албанско здружување. Нејзините главни цели биле да се спречи поделбата на териториите населени со Албанци и постепено да се бара културна и политичка автономија во рамките на Османлиската Империја.

Првично, Лигата добила поддршка од османлиските власти. Но, кога почнала јавно да бара автономија, била насилно распуштена во 1881 година. И покрај тоа, останала симбол на почетоците на албанското национално движење, кое во 1912 година ќе доведе до прогласување на независна албанска држава.

Заедничка карактеристика на сите овие процеси било и постојаното мешање на Големите сили. Во рамките на т.н. **Источно прашање**, тие не гледале на Балканот како на простор што самостојно треба да ја одреди својата иднина, туку како на стратешка зона важна за нивните интереси. Често го поддржувале ослободувањето на еден народ, додека го спречувале на друг, зависно од тоа што им одговарало во дадениот момент.

Националноослободителните движења на балканските народи го ослабеле влијанието на Османлиската Империја, со што придонеле за нејзиниот подоцнежен распад. Воедно, тие разгореле нови амбиции и оставиле нерешени прашања, кои ќе доведат до Балканските војни (1912-1913) и ќе придонесат за избувнувањето на Првата светска војна.



Абдул Фрашери – една од водечките фигури во албанското националноослободително движење

**Истражувај:**

– Кои балкански народи не успеале да се ослободат и да создадат своја држава во XIX век? Кога успеале тие народи да формираат сопствена држава?

**Помалку познати зборови и термини:**

**Источно прашање**

Термин што се користи за да се опишат проблемите што настанале поради слабеењето на Османлиската Империја во XIX и почетокот на XX век. Главното прашање било: што ќе се случи со балканските територии на Империјата и кој ќе ги контролира?

## Провери го наученото

1. Кои биле причините за Првото српско востание и како завршило?
2. Кои балкански востанија во XIX век биле поддржани од некоја Голема сила?
3. Кои биле целите на Призренската лига?
4. Какви биле последиците од Берлинскиот конгрес за балканските народи?

# Колонијализмот во Америка, Африка и Азија

## Колонијализмот и европскиот империјализам во XIX век

Во текот на новиот век, европските сили го прошириле своето влијание на речиси сите континенти. Колонијализмот, како форма на политичка, економска и културна доминација врз други народи, станал едно од најважните обележја на епохата. Неговите корени се наоѓаат уште во времето на големите географски откритија, кога Шпанија и Португалија први почнале да освојуваат територии во Америка и Азија. Но токму во XIX век, особено по индустриската револуција, европското проширување добило нов облик. Сега не се барале само нови земји, туку и пазари за европските производи и извори на евтини суровини и работна сила. Оваа нова фаза на колонијализам, поттикната од индустрискиот развој, се нарекува империјализам.



Сесил Роудс, британски политичар и бизнисмен, прикажан како симбол на империјализмот во Африка – гравура

Империјализмот означува политика на Големите сили да освојуваат и владеат со други територии и народи преку воена сила, економски притисок или политичка контрола. Овој процес бил поттикнат и од натпреварот меѓу водечките европски држави: која ќе има поголемо колонијално царство, таа ќе се смета за помоќна и поразвиена. Империјализмот бил придружен со силни идеолошки пораки: Европејците често верувале дека нивната култура, религија и начин на живот се супериорни, и дека имаат должност да ги просветлат другите народи. Таквите ставови служеле како оправдување за експлоатацијата на локалното население.

## Колонијализмот во Латинска Америка и Африка

Во Америка, колонијалната власт веќе постоела од порано, но до XIX век почнала да слабее. Повеќето колонии во Јужна и Централна Америка станале независни држави. Сепак, европското влијание не исчезнало. Наместо со директна контрола, европските сили доминирале преку трговија и економски врски. Домородното население значително се намалило поради болести, тешки услови за живот и насилство, или било асимилирано. Новите држави често се соочувале со сиромаштија, нееднаквост и зависност од посилните странски земји.

Во XIX век, Африка станала главна цел на европскиот империјализам. До средината на векот, европското присуство било ограничено главно на крајбрежјето. Постоеле трговски пунктови

и пристаништа во Западна Африка, Алжир бил освоен од Франција во 1830 година, а Британија управувала со најјужниот дел од континентот. Подоцна почнала интензивна трка за освојување на внатрешноста, позната како **„трката за Африка"**.



Робови во Африка – гравура

Клучен момент во овој процес била **Берлинската конференција** (1884-1885), свикана од Германија, со учество на сите големи европски сили. Без да бидат прашани африканските народи, тие ја поделиле речиси цела Африка. Наместо да се формираат природни и стабилни држави, биле повлечени вештачки граници, со што се занемариле етничките, културните и историските особености на локалните заедници. Тоа подоцна довело до многубројни конфликти.

До почетокот на XX век, речиси целиот африкански континент бил под европска контрола. Колонии имале Франција, Британија, Белгија, Германија, Португалија, Италија и Шпанија. Особено сурови биле условите во Конго, кој станал личен имот на белгискиот крал Леополд II. Таму се применувале систематско насилство, присилна работа и брутална експлоатација, при што милиони луѓе биле убиени, осакатени, или присилени да работат во нечовечки услови. До крајот на XIX век, само две африкански држави останале независни: Етиопија, која успешно ѝ се спротивставила на Италија, и Либерија, основана од поранешни робови од САД.

Западните компании ги контролирале главните природни богатства како злато, дијаманти, гума и какао. Локалното население било принудено да работи, но не добивало вистинска корист од сопствениот труд. Сѐ што се произведувало било насочено кон потребите на колонијалната економија, а речиси целата добивка ја присвојувале странците.

Во обид да ја зачуваат својата независност, или како последица на политичката и економската подреденост, во многу делови од Африка избувнале **востанија и различни форми на отпор**. Некои народи се спротивставиле со оружје, а други преку зачувување на традициите и одбивање на европската облека, религија и

### Прашања за дискусија:

На Берлинската конференција, европските сили ја поделиле Африка без да прашаат ниту еден Африканец. Повлекле граници на мапа, со молив и линијар, и така создале држави што никогаш природно не постоеле.

– Зошто мислиш дека Африка станала толку важна за Европејците во XIX век?

– Дали е оправдано да се повлекуваат граници без да се прашаат луѓето што живеат таму? Што мислиш, какви последици може да има тоа?

– Ако си ти на местото на некој Африканец во 1885 година, како би реагирал на веста дека твојата земја е доделена на некоја странска држава?

јазик. Империјата Зулу водела жестока војна против Британците, а Махдистичкото востание во Судан довело до создавање самостојна држава што опстојала повеќе од една деценија. Најтрагичен бил случајот на народите Хереро и Нама во германска Југозападна Африка. Од 1904 до 1908 година тие биле систематски уништени од Германците, што се смета за прв геноцид во XX век. Иако отпорот бил храбар и решителен, африканските народи се соочиле со огромни пречки поради воената и технолошката надмоќ на европските сили.




Политичка карта на колониите во Африка во 1913 година

## Колонијализмот во Азија и последиците од колонијалната власт

Во Азија, Индија станала главен пример за британскиот империјализам. Преку Источноиндиската компанија, Британците презеле власт и контрола врз големи делови од земјата. Селаните не одгледувале храна за себе, туку морале да садат памук и индиго за британскиот пазар. Многу локални занаети пропаднале, а сиромаштијата и гладот се зголемиле. Луѓето плаќале високи даноци и често биле присилени да служат во британската армија.

Со текот на времето, незадоволството кај локалното население постојано растело. Во 1857 година избувнало Сипајското востание – најголемиот индиски отпор против британската власт во XIX век. Причините биле различни: економска експлоатација, културно понижување и религиски навреди кон муслиманите и хиндуистите. Востанието се проширило низ голем дел од северна и централна Индија и траело речиси една година. Биле убиени неколку стотини илјади луѓе, што го вбројува меѓу најкрвавите бунтови против колонијалната власт.

### Дали знаеш дека...

Сипаите (од персискиот збор *sipāhī*, што значи војник) биле индиски војници во служба на Британската источноиндиска компанија. Намерно биле регрутирани од различни верски заедници – хиндуисти и муслимани – со цел да не се обединат. Но во 1857 година, еден куршум го променил сето тоа. Се проширила вест дека куршумите за новите пушки биле премачкани со свинска и говедска маст, што било навредливо и за двете групи. Заедничката навреда ги обединила. Така почнало Сипајското востание.



Зависници од опиум во Кина – гравура

По задушувањето на востанието, властите во Лондон ја укинале Компанијата. Од тој момент, Индија преминала под директна управа на британската круна.

Иако не била колонизирана, Кина претрпела длабоки последици од европскиот империјализам. Британија увезувала огромни количини чај од Кина, но Кинезите не сакале да купуваат британски производи. Наместо тоа, барале плаќање во сребро, кое Британците го немале во доволни количини. За да го надомести тоа, Британската источноиндиска компанија почнала масовно да извезува опиум. Овој опасен наркотик брзо се проширил, а милиони Кинези станале зависни, што предизвикало сериозна криза. Кога кинеските власти се обиделе да ја запрат трговијата со опиум, дошло до судир со Британија, познат како **Опиумски војни**. Првата војна избувнала во 1839 година, а втората во 1856 година. Кина била поразена во двата наврати и била принудена да потпише нерамноправни договори.

Таквиот притисок довел до длабока политичка нестабилност во земјата. Во 1850 година избувнало **Тајпинското востание** – масовен бунт против владеачката династија во Кина. Него го предводел човек што тврдел дека е помлад брат на Исус Христос и повикувал на ново, праведно општество. Многу сиромашни селани, незадоволни од гладта, високите даноци и корупцијата, му се приклучиле. Востанието траело повеќе од десет години и однело над 20 милиони животи, што го прави најсмртоносниот конфликт во XIX век.

Подоцна, во 1900 година, почнало и **Боксерското востание**, насочено директно против странското влијание. И тоа било задушено со заедничка воена

**Изворите зборуваат:**

„Постои една стока – опиумот – што му нанесува штета на народот и е тежок грев пред Небото. Вашата земја тргува со него и остварува добивка... но со тоа ѝ нанесува бескрајна штета на Кина...

Чадот од опиумот се шири низ нашите мориња. Зар навистина сакате да ги повредувате другите, само за да имате корист за себе?

Освен тоа, слушнавме дека во вашата земја употребата на опиум е строго забранета и казнива. Како може, тогаш, она што им го забранувате на вашите граѓани, да им го продавате на други народи, за тие да се трујат наместо вас?"

Писмо од комесарот Лин Зексу до британската кралица Викторија (1839)
Извор: Arthur Waley, The Opium War Through Chinese Eyes, London 1958.

интервенција на големите европски сили, како и на САД и Јапонија.

Освен Индија и Кина, и други подрачја во Азија паднале под колонијална власт. Франција го презела Виетнам и преостанатиот дел од Индокина. Холандија ја зацврстила контролата врз Индонезија, а Филипините преминале од шпанска во американска власт. И во овие региони, империјализмот значел експлоатација, отпор и загуба на самостојност.



Холандија ја „цивилизира" Индонезија – сатирична карикатура за колонијалната реалност

Процесот на европеизација влијаел и врз секојдневниот живот во колониите. Во многу подрачја се воведувале европски јазици, облека, правила, обичаи и религија. Локалната култура често се потценувала и се сметала за помалку вредна.

Иако некои колонизатори изградиле патишта, железници или донеле нови технологии, тие главно служеле за полесна контрола и за извоз на природните богатства. Териториите биле поделени без да се почитуваат локалните заедници, што довело до конфликти, поделби и нееднаквости. Во многу делови од Африка, Латинска Америка и Азија, последиците сè уште се чувствуваат. Најсиромашните држави во светот имаат колонијално минато, а милиони луѓе мигрираат кон поранешните метрополи.

**Провери го наученото**

1. Што е империјализам?
2. Што се случило на Берлинската конференција и зошто е таа важна за историјата на Африка?
3. Кои биле причините за Сипајското востание и што го предизвикало?
4. Како европеизацијата го сменила секојдневниот живот во колониите во Америка, Африка и Азија?

# Првата светска војна

## Причини и повод за избувнување на Првата светска војна

Првата светска војна (1914-1918), наречена и Големата војна, била првиот глобален вооружен судир што го потресол светот. Зад нејзиното избувнување стоеле долготрајни политички тензии, ривалства меѓу Големите сили и забрзан технолошки развој. Тие фактори придонеле војната да прерасне во тотална, долготрајна и уништувачка борба, со масовна мобилизација, современо оружје и индустриска моќ каква што човештвото дотогаш не познавало.

Кон крајот на XIX и почетокот на XX век, европските сили се натпреварувале за економска доминација, колонии, воена моќ и меѓународен престиж. Германија, како нова индустриска сила, барала поголема улога во светската политика и во распределбата на колонии. Франција посакувала реванш за загубените територии од Германија во 1871 година. Велика Британија се стремела да ја задржи рамнотежата во Европа и со загриженост го следела растот на германската флота. Австро-Унгарија се плашела од распад поради сè посилните словенски национални движења, додека Русија се претставувала како заштитничка на православните народи на Балканот. Италија имала свои територијални амбиции на Јадранот и во Северна Африка.

Овие ривалства довеле до оформување на два спротивставени блока. Во 1882 година, Германија, Австро-Унгарија и Италија го формирале Тројниот сојуз, со обврска за меѓусебна помош во случај на напад врз која било од нив. Како одговор, Франција влегла во сојуз со Русија (1894), а потоа и со Велика Британија (1904). Во 1907 година, со склучувањето на британско-рускиот договор, бил заокружен и сојузот меѓу трите сили – Тројната антанта. Наместо да обезбедат стабилност, двата блока го зголемиле ризикот од судир. По нивното оформување, тензиите меѓу нив станале сè поизразени, особено за време на мароканските кризи, при анексијата на Босна и Херцеговина, во Балканските војни и во Италијанско-османлиската војна.

Во таква напната атмосфера, одлуките и амбициите на владетелите и државниците одиграле клучна улога во односите меѓу државите. Германија ја водел царот Вилхелм II, Русија царот Николај II, Франција претседателот Рејмон Поенкаре, Велика Британија кралот Џорџ V, Австро-Унгарија императорот Франц Јосиф, а Италија кралот Виктор Емануел III.

Токму убиството на припадник на едно од тие владеачки семејства стана искра што го запали светскиот конфликт. Повод за војната бил атентатот врз австроунгарскиот престолонаследник Франц



Тројниот сојуз. Германија (лево), Австро-Унгарија (средина), Италија (десно) – Карикатура

Фердинанд, извршен на 28 јуни 1914 година во Сараево. Напаѓачот бил Гаврило Принцип, член на тајната организација „Млада Босна". Австро-Унгарија ја искористила ситуацијата за да ја обвини Србија за атентатот и ѝ упатила ултиматум со исклучително строги барања. Откако Србија одбила дел од нив, на 28 јули 1914 година ѝ била објавена војна.



Убиството на Франц Фердинанд – илустрација

Во наредните денови се активирал системот на сојузи: Русија ја поддржала Србија, а Германија застанала зад Австро-Унгарија. Потоа Германија им објавила војна на Русија и Франција, а по германскиот напад на Белгија, Велика Британија ѝ објавила војна на Германија. Така, дипломатската и воената ескалација што почнала на Балканот брзо прераснала во општ европски и светски конфликт.

## Развој на фронтовите

На европска територија се отвориле неколку фронтови на кои се воделе интензивни и долготрајни борби. Во првата фаза од војната, Германија се обидела да постигне брза победа на Западниот фронт. Според т.н. Шлифенов план, нејзината војска го зазела Луксембург, минала низ Белгија и навлегла длабоко во Франција. Меѓутоа, француската и британската армија ја запреле кај реката Марна. Наместо брза победа, почнала исцрпувачка рововска војна. Фронтот се протегал од Северното Море до швајцарската граница и останал речиси непроменет со години. Овој вид позициона борба бил особено крвав, со огромни човечки загуби и минимално територијално придвижување. Употребата на тешки митралези, артилерија со голем дострел, отровни гасови, фрлачи на пламен, тенкови и авиони ја направиле борбата уште побрутална. Меѓу најпознатите битки на овој фронт биле оние кај Вердун, Сома и Ипр.

**Источниот фронт**, кој се простирал од Балтичкото до Црното Море и Кавказ, бил подинамичен. Русија водела борби против Германија, Австро-Унгарија и Османлиската Империја. Иако имала почетни успеси, руската армија подоцна претрпела сериозни порази, особено поради внатрешната криза во царството.



Британски војници повредени од напад со отровен гас на Западниот фронт

Со влегувањето на Османлиската Империја во војната во 1914 година и на Бугарија во 1915 година, се формирале Централните сили – Германија, Австро-Унгарија, Османлиската Империја и Бугарија. Во 1915 година, Италија преминала на страната на Антантата и отворила нов фронт против Австро-Унгарија. Во 1916 година и Романија ѝ се придружила на



Воените сојузи во Европа во Првата светска војна

## Помалку познати зборови и термини:

**Фронт – воен термин**

Челна линија каде што се судираат завојуваните страни. Место каде што се водат постојани воени дејства и борби.

**Ров – воен термин**

Длабок и тесен ископ во земјата, кој служи како засолниште за војниците и како линија на одбрана.

**Отровен гас**

Хемиско оружје што се користи за да предизвика повреди, задушување или смрт преку вдишување отровни гасови. Често се користел во Првата светска војна за напади врз непријателскиот ров или позиции.

Антантата, но набрзо била поразена од армиите на Централните сили.

Претходно во 1915 година, Антантата се обидела да ја порази Османлиската Империја со инвазија на Галиполе, но офанзивата завршила со неуспех и големи човечки загуби. На југот на Балканот бил отворен Македонскиот фронт, каде што сојузничките трупи (француски, британски, српски и грчки) се судриле со армиите на Централните сили.

На Блискиот Исток, британските трупи, заедно со арапски востаници, војувале против Османлиската Империја. До крајот на војната тие ги зазеле Багдад, Ерусалим и Дамаск, со што бил ставен крај на османлиското владеење во регионот. Во Африка се воделе судири меѓу британските, француските и германските колонијални војски во Камерун, Того и германска Источна Африка. Во Азија, Јапонија, како сојузник на Антантата, ги нападнала германските колонии во Кина и на Пацификот.

### Дали знаеш дека...

Во Првата светска војна учествувале над 30 држави, но не биле сите од Европа. Држави како САД, Јапонија, Кина, Бразил, Сијам (денешен Тајланд), Панама, Куба и Гватемала ѝ објавиле војна на Германија и се приклучиле на страната на Антантата – некои со војска, а други само со политичка поддршка. Истовремено, милиони војници дошле од територии под контрола на Велика Британија и Франција. Такви биле Индија, Египет, Алжир, Сенегал, Австралија, Канада и други. Дури и неколку германски колонии, како Германска Источна Африка, Камерун и Того, станале боишта уште од почетокот на војната.

За дел од светот ова било борба за слобода, а за друг туѓа војна во која морал да учествува.

Воените дејства се воделе и на море и во воздух. Германската и британската флота се судриле во најголемата поморска битка во војната – кај Јитланд (1916), без конечен победник. Германското подморничко војување нанело сериозна штета на сојузничкиот и неутралниот поморски сообраќај, особено со потопувањето на американскиот патнички брод „Лузитанија" во 1915 година, што предизвикало голем гнев во САД.

Воздухот станал ново бојно поле: се користеле извидувачки и борбени авиони, а пилоти како Манфред фон Рихтхофен (Црвениот барон) прераснале во легенди на новата ера во војувањето.


Германски воени авиони на Западниот фронт

Во 1917 година, САД влегле во војната на страната на Антантата. Причините биле германската подморничка закана, економските интереси и обидот на Германија за сојуз со Мексико против САД. Нивниот влез донел свежа воена и економска поддршка за исцрпените сојузници.

Во летото и есента 1918 година, Антантата почнала голема офанзива на Западниот фронт. Под силен притисок, Централните сили почнале да потпишуваат примирја: Бугарија во септември, Османлиската Империја во октомври, Австро-Унгарија во ноември. На 11 ноември 1918 година, Германија потпишала примирје и Првата светска војна завршила.

## Последици од војната

Првата светска војна имала разорни последици. Загинале над 10 милиони војници и околу 7 милиони цивили, а многумина се вратиле со тешки повреди и психички трауми. Цели градови и села биле разурнати, додека економиите на повеќето држави биле исцрпени. Војната го трасирала патот кон модерното, индустриско војување: со нови оружја, масовна мобилизација и пропаганда, што засекогаш го променило начинот на водење војна.

На Париската мировна конференција (1919–1920), победниците се обиделе да воспостават нов меѓународен поредок. Со Германија бил потпишан Версајскиот договор. Таа била прогласена за главен виновник, морала да плати воена оштета, да ја ограничи армијата и да се откаже од колониите и делови од својата територија. Слични договори биле склучени и со Австрија, Унгарија, Бугарија и Османлиската Империја.

По војната, пропаднале четири големи империи: Германската, Австроунгарската, Руската и Османлиската. На нивно место се појавиле нови држави: Полска, Чехословачка, Финска, Кралството на СХС, балтичките држави и



**Прашања за дискусија:**

По Првата светска војна, милиони преживеани се соочиле со длабоки психички последици: страв, траума и чувство на бесмисленост. Многумина изгубиле верба во државата, религијата и вредностите во кои верувале пред војната. Кај младите, кои најмногу страдале, се појавило чувство дека им е украдена иднината. Во литературата, сликарството и музиката почнале да доминираат теми како болка, песимизам и критика на општеството. Оваа генерација што преживеала, но не се чувствувала жива, често се нарекува „изгубена генерација".

**– Што мислиш, зошто им било тешко на младите по Првата светска војна да се вратат на „нормален" живот?**

**– Дали мислиш дека младите по Првата светска војна имале право да бидат лути и разочарани од светот во кој живеат? Зошто?**

други. Незадоволството од договорите било особено силно во Германија, каде што Версајскиот договор се доживувал како понижување. Но, новите граници биле утврдени од победниците, често без да се води сметка за етничката припадност и волјата на локалното население. Многу народи останале надвор од границите на „својата" држава, што предизвикало нови тензии.

**Провери го наученото**

1. Кои фактори довеле до зголемени тензии меѓу европските држави на крајот од XIX и почетокот на XX век?
2. Што бил повод за избувнување на Првата светска војна?
3. Кои држави ѝ припаѓале на Тројната антанта, кои на Тројниот сојуз, а кои биле Централните сили?
4. Какви последици имала Првата светска војна врз политичката карта на Европа?

# Револуциите во Русија и комунизмот

## Февруарска и Октомвриска револуција

Во почетокот на XX век, Руската Империја изгледала моќно на мапа, но се соочувала со сериозни внатрешни и надворешни проблеми. Како апсолутистичка монархија, врховната власт била во рацете на царот Николај II Романов. Иако територијално огромна – од Балтичкото Море до Тихиот Океан – државата била слабо поврзана и недоволно модернизирана. Економијата се темелела на земјоделство, индустријата била неразвиена, а инфраструктурата заостанувала зад европските стандарди. Технолошкиот напредок бил побавен од оној во Западна Европа. Политичката моќ, покрај царот, ја држеле аристократите и крупните земјопоседници, што ги блокирало обидите за реформи.

Руската револуција опфаќа низа настани кои довеле до распад на империјата. Незадоволството од владеењето на царот и аристократијата постојано растело, предизвикувајќи протести, штрајкови и немири што довеле до револуција во 1905 година. Дополнителен фактор бил поразот во Руско-јапонската војна (1904-1905). Револуцијата резултирала со донесување устав и формирање собрание (Државна дума), но царот останал на власт. Овие промени биле само вовед во многу подлабоките превирања од 1917 година.

Конечниот удар дошол за време на Првата светска војна. Русија, како дел од Антантата, претрпела тешки загуби на Источниот фронт. По поразите кај Таненберг и Мазурските Езера, армијата се повлекла кон исток. И покрај одредени успеси на Кавказ, ниту една офанзива не донела решавачка предност. Борбите продолжиле со големи човечки жртви, што дополнително ја дестабилизирало државата.

Како кулминација на наталоженото незадоволство, на 8 март 1917 година (23 февруари според стариот календар што сè уште се користел во Русија), работнички од текстилната



Семејството на рускиот цар Николај II Романов

индустрија во Петроград организирале протест со барања за „леб и мир". Демонстрацијата брзо се проширила и прераснала во масовен штрајк што целосно го парализирал градот. Токму овој настан го означил почетокот на Февруарската револуција, во која жените одиграле значајна улога.



Протест на работничките во Петроград на 8 март 1917 година

Како резултат на револуцијата, царот Николај II се повлекол од власта и формално се откажал од престолот, со што завршило повеќевековното владеење на династијата Романови. Била формирана Привремена влада, прво предводена од Георги Лвов, а подоцна од Александар Керенски. Но многу работници и војници немале доверба во новата власт, па во Петроград основале Совет – народно тело што функционирало како паралелна власт. Настанал период на двовластие, кој довел до дополнителна нестабилност.

**Дали знаеш дека...**

Протестот на работничките од 8 март 1917 година, подоцна станал симбол на борбата за женски права. Затоа, овој ден е избран да се одбележува како Меѓународен ден на жената.

Оваа состојба кулминирала со Октомвриската револуција. Тогаш болшевиците, група социјалисти што се залагале за длабоки промени и власт на работниците и селаните, ја презеле иницијативата. Предводени од Владимир Илич Ленин, организирале вооружено востание против Привремената влада. На нивна страна застанале многубројни работници, селани и делови од царската војска. Тие биле привлечени од ветувањата за: излегување на Русија од војната, земја за селаните, фабрики за работниците и храна за народот.



Владимир Илич Ленин

На 7 ноември (25 октомври стар стил) востаниците го зазеле Зимскиот дворец во Петроград и ја симнале Привремената влада. Била формирана нова власт – Совет на народните комесари предводен од Ленин. Царизмот бил соборен, а царот Николај II и неговото семејство биле затворени и подоцна убиени. Новата влада донела неколку клучни декрети, меѓу кои Декретот за мир и Декретот за земја. Монархијата била укината, а Советска Русија станала првата социјалистичка држава во историјата.

Со воспоставувањето на новата власт, болшевиците почнале репресии против политичките противници. Многу монархисти, умерени социјалисти и други опозициски сили биле затворени или егзекутирани. Била изградена мрежа на затвори и логори

(подоцна познати како ГУЛАГ) и воведена строга цензура. Овие мерки биле прикажувани како неопходни за одбрана на револуцијата, но резултирале со сериозно ограничување на слободите и чувство на страв кај населението.

Влијанието на Октомвриската револуција се почувствувало и во други држави, особено во Германија и Унгарија, каде што биле направени обиди за револуции, но тие биле краткотрајни и брзо задушени.

**Истражувај:**

По укинувањето на монархијата, царот Николај II, царицата Александра, нивните пет деца и неколку блиски слуги биле ставени во домашен притвор од новата власт. На 16 јули 1918 година им било соопштено дека ќе бидат префрлени на побезбедна локација.

Царското семејство почнало да се подготвува за пат...

**– Што точно им се случило потоа на последните Романови? Истражи и обиди се да ја откриеш нивната судбина.**

## Руската граѓанска војна и создавање на СССР

Во декември 1917 година, новата болшевичка власт потпишала примирје со Централните сили. Неколку месеци подоцна, во март 1918 година, со договорот од **Брест-Литовск**, Советска Русија официјално излегла од Првата светска војна. Со тоа Германија добила можност да префрли трупи на Западниот фронт. Како дел од договорот, Русија се откажала од големи територии, дел од населението, индустриските центри и извори на јаглен, и се обврзала да плати воена оштета. Иако договорот никогаш не бил целосно спроведен поради крајот на војната, тој предизвикал жестоки реакции и отпор во земјата.

Октомвриската револуција довела до избувнување на **Граѓанската војна** (1917-1922), која се водела меѓу „црвените" (приврзаници на болшевиците) и „белите" (монархисти, либерали и други противници на револуцијата). За да се одбранат од внатрешните противници и странска интервенција, болшевиците ја создале **Црвената армија**. Антантата ги поддржала Белите, а Франција, Британија, САД и Јапонија пратиле војска на руска територија.

Граѓанската војна се водела на повеќе фронтови. На крајот, Црвената армија победила. Белите биле поразени, а многу од нивните приврзаници емигрирале. Со тоа бил означен дефинитивниот крај на Руската Империја и била воспоставена новата револуционерна власт. Успехот на болшевиците се должел на нивната цврста организација, јасната идеологија и на длабоката

**Помалку познати зборови и термини:**

**Болшевизам**
Идеја според која една мала, организирана група (партија) на чело со Ленин треба да ја преземе власта во име на работниците и селаните, да ја укине старата власт и да воведе нов општествен поредок без приватна сопственост.

**Социјализам**
Идеја според која богатството и фабриките не треба да бидат во рацете на поединци, туку да им припаѓаат на народот или државата, за сите да имаат еднакви шанси и услови за живот.

**Царизам**
Облик на апсолутизмот карактеристичен за Русија, каде што царот владее без устав или парламент и има неограничена власт.

**Монархизам**
Поддршка за монархијата како систем, односно верување дека државата треба да ја води цар или крал.




Територијата на СССР во 1922 година

политичка, економска и општествена криза во која се наоѓала руската држава.

По победата во Граѓанската војна и зацврстувањето на власта, болшевиците почнале со преуредување на поранешната царска империја. Во декември 1922 година било прогласено формирањето на Советскиот Сојуз – Сојуз на Советските Социјалистички Републики (СССР), составен од четири републики: Руска, Белоруска, Украинска и Транскавкаска. Подоцна, нивниот број ќе порасне на 15. Новата држава се соочила со тешки економски последици: глад, сиромаштија и висока смртност. Во меѓувоениот период била воспоставена планска економија насочена кон индустријализација и изградба на големи индустриски капацитети.

По смртта на Ленин во 1924 година, водството го презел Јосиф Сталин. Надворешната политика на СССР била насочена кон враќање и консолидирање на териториите на поранешната Руска Империја. Истовремено, СССР се стремел кон меѓународна афирмација и нормализација на односите со другите држави.

Октомвриската револуција прераснала во симбол на револуционерната борба во текот на XX век. Нејзините пораки и симболи – црвената ѕвезда, српот и чеканот, и паролите за



Јосиф Сталин

еднаквост – инспирирале уметници, филмски автори, музичари и политички движења низ светот. Со тоа, Русија станала првата држава во која комунизмот бил воздигнат до ниво на официјална државна идеологија.

## Комунизмот како идеологија и политички поредок

Комунизмот (од латинскиот збор *communis* – заедничко) претставувал идеологија засновна на општествена или државна сопственост на средствата за производство. Неговата крајна цел била создавање општество без класни разлики, во кое нема експлоатација, а секој придонесува според можностите и добива според потребите.

Главен идеолошки противник на комунизмот бил капитализмот – систем во кој средствата за производство се во приватна сопственост. Во капитализмот постојат две главни класи: капиталистичка, која поседува капитал и остварува профит, и работничка, која живее од својот труд. **Комунистичката идеја** предвидувала дека преку револуција работничката класа треба да ја преземе власта и да воспостави систем заснован на државна и колективна сопственост.

По победата на болшевиците во 1917 година, комунизмот почнал да се шири како политички поредок. Октомвриската револуција станала симбол за револуционерни и работнички движења низ светот. Комунистичките идеи се рашириле во Европа, Азија, Африка и Латинска Америка, и станале светска идеологија.

Истовремено почнал идеолошки судир со капитализмот, кој подоцна ќе прерасне во Студена војна. Таа ќе трае со децении и ќе го одреди обликот на светската политика во втората половина на XX век. Комунизмот го одбележа целиот XX век. А сè почна со револуција во Русија.

**Провери го наученото**

1. Кои биле главните причини за Февруарската и Октомвриската револуција во Русија во 1917 година?
2. Како се одвивала и завршила Граѓанската војна во Русија?
3. Што значи зборот „комунизам" и која била неговата основна цел?

# Светот меѓу двете светски војни

## Меѓународните односи меѓу двете светски војни

По Првата светска војна, политичката карта на светот претрпела значајни промени. Мировните договори воспоставиле нови државни граници, но нивната примена не минала без тензии, вооружени судири и локални кризи. И покрај споровите, новоформираните држави, особено во Европа, настојувале да обезбедат внатрешна стабилност и меѓународно признавање. Во такви околности се развил Версајскиот систем, чие одржување станало главна цел на меѓународната дипломатија.



Заседание на Лигата на народите

Во рамките на овој поредок, по иницијатива на американскиот претседател Вудро Вилсон, на Париската мировна конференција во 1920 година била создадена Лигата на народите – првата светска меѓународна организација за зачувување на мирот. Целта на Лигата била да спречи нови војни преку преговори, посредување и соработка меѓу државите. Имала сопствена структура: Совет (со постојани и непостојани членки), Собрание (со претставници на сите држави членки) и Секретаријат (со генерален секретар). Седиштето ѝ било во Женева, Швајцарија. Иако САД не ѝ се приклучиле, а многу држави немале доволна волја да ги спроведуваат нејзините одлуки, Лигата сепак претставувала важен чекор во развојот на меѓународната соработка. Таа посредувала во решавање меѓудржавни конфликти и се залагала за разоружување. Покрај тоа, работела на подобрување на здравствените и економските услови во светот, заштита на малцинствата, правата на работниците, згрижување на бегалците и спречување на трговијата со дрога. Преку неа бил воспоставен и мандатниот систем, со кој поранешните колонии на поразените држави од Првата светска војна биле ставени под надзор на победничките сили.

Истовремено, се менувала и улогата на државите во новата геополитичка реалност. Германија се обидела повторно да се вклучи во меѓународните односи. Франција, Велика Британија и Италија формално го поддржувале Версајскиот систем, додека САД се издигнале како економска и индустриска светска сила, но се држеле настрана од европската политика. Јапонија планирала да завладее со нови територии на Далечниот Исток и Пацификот. Поранешни територии на Британската Империја, како Австралија, Канада и Јужна Африка, стекнале поголема самостојност. Истовремено, низ Африка, Азија и Блискиот Исток се засилиле антиколонијалните и ослободителни движења.



Јапонскиот император Хирохито со семејството

За да се зачува кревкиот меѓународен баланс, државите од почетокот на 1920-тите почнале со иницијативи за ограничување на вооружувањето и зајакнување на мирот преку договори и дипломатија. На Вашингтонската конференција (1921-1922) Големите сили се договориле за ограничување на поморското вооружување. Во Локарно (1925) биле потпишани договори за гарантирање на европските граници, а со Бријан-Келоговиот пакт (1928), државите се обврзале да не прибегнуваат кон војна при решавање на меѓусебни спорови. Овие иницијативи изразувале надеж дека конфликтите може да се надминат преку дипломатија и правни механизми.

Сепак, таквите напори не спречиле нови политички и воени тензии. Во Европа и пошироко избувнале граѓански војни, локални судири и дипломатски кризи. Повторно се создале сојузи, како Малата Антанта, Балканскиот пакт и билатералните договори на Франција со Полска и Чехословачка. Триесеттите години, понекогаш нарекувани „валкани", биле обележани од последиците на светската економска криза, растот на фашизмот и нацизмот, доаѓањето на Адолф Хитлер на власт и продлабочувањето на меѓународната нестабилност.

Во 1930-тите, Версајскиот систем почнал да се распаѓа. Германија се повлекла од Лигата на народите, повторно се вооружувала, ја милитаризирала Рајнската и ја вратила Сарската Област под своја контрола. Во 1938 година ја анектирала Австрија (аншлус), а истата година, под германски притисок, Франција, Велика Британија и Италија се согласиле на отстапување на Судетската Област од Чехословачка. Таа набргу потоа престанала да постои како независна држава. Германија вовела задолжителна воена служба, анектирала нови територии и во 1939 година склучила договор за ненапаѓање со СССР. Подготовките за војна станале очигледни.

**Изворите зборуваат:**

**Член 1**

„Високите договорни страни свечено изјавуваат, во името на своите народи, дека го осудуваат прибегнувањето кон војна за решавање на меѓународните спорови и се откажуваат од неа како средство на националната политика во нивните меѓусебни односи.

**Член 2**

Високите договорни страни се согласуваат дека сите спорови или конфликти, без разлика на нивната природа или потекло, кои може да настанат меѓу нив, ќе се решаваат исклучиво со мирни средства."

Извор: Бријан-Келогов пакт (1928)

Зошто државите, и покрај потпишувањето на Бријан-Келоговиот пакт, повторно прибегнале кон војни?

Истовремено, се заостриле и конфликтите надвор од Европа. Во 1931 година, Јапонија ја окупирала Манџурија и формирала марионетска држава Манџукуо. По осудата од Лигата на народите, се повлекла од организацијата, а во 1937 година почнала отворена војна со Кина.



Жена-борец во Шпанската граѓанска војна

Во 1935-1936 година, Италија ја нападнала и окупирала Етиопија, без ефективен одговор од Лигата. Во Шпанија, од 1936 до 1939 година, се водела Граѓанска војна. Франциско Франко и националистите, поддржани од Германија и Италија, победиле над републиканците, поддржани од СССР и интернационални бригади, по што во земјата била воспоставена диктатура.

Со ова, границите на Европа биле ревидирани. Лигата на народите, која требаше да биде гарант на светскиот мир, не ја исполнила својата мисија. Версајскиот поредок бил целосно урнат, а светот стоел на раб на нова војна.

## Новите тоталитарни идеологии и светската економска криза

Периодот меѓу двете светски војни бил обележан со појавата на нови тоталитарни идеологии – фашизмот во Италија и нацизмот во Германија.

Фашистичката партија во Италија била основана во 1921 година, под водство на Бенито Мусолини. По Маршот на Рим во октомври 1922 година, тој станал премиер и ја презел контролата врз владата. Фашизмот се темелел на идејата дека државата е поважна од поединецот. Владеела само една партија и еден водач, познат како Дуче. Биле укинати политичките партии, синдикатите и секоја форма на опозиција. Штрајковите биле забранети, а медиумите ставени под строга контрола. Фашизмот се спротивставувал на комунизмот, либерализмот и демократијата. Преку пропаганда во весници, филмови и радио се градел култ на личноста, преку кој водачот се прикажувал како безгрешен и најважен човек во земјата. Истовремено, државата применувала репресија и насилство за одржување на власта.

Во Германија дошол на власт Адолф Хитлер, лидерот на Нацистичката партија. Во јануари 1933 година бил назначен за канцелар, а веќе следната година ја презел и функцијата претседател, со што станал единствен водач – фирер. Нацизмот ја отфрлал демократијата и Версајскиот договор, и се темелел на антисемитизам, антикомунизам и расизам. Се промовирала идеја за создавање нов „животен простор" за Германците, насочен главно кон исток. Целта била создавање општество во кое ќе живее само германскиот народ, без други етнички и расни групи. Нацизмот ја промовирал идејата дека ариевската раса е супериорна над сите други и треба да владее. За да го зацврсти својот авторитет, режимот користел

симболи, слогани и обележја, преку кои се ширела пропагандата.

Во октомври 1929 година, со колапсот на берзата во Њујорк, почнала светската економска криза, позната и како Големата депресија. Како резултат на тоа, американскиот капитал бил повлечен од странство, што предизвикало брзо ширење на кризата низ целиот свет.

Последиците биле сериозни: масовна невработеност, сиромаштија, пад на вредноста на валутите, застој во производството и колапс на меѓународната трговија. Многу држави презеле мерки за економско закрепнување. Во САД, претседателот Френклин Делано Рузвелт, избран во 1932 година, почнал со програмата „Њу дил". Таа вклучувала јавни работи – изградба на патишта, училишта, паркови и други објекти со трајна вредност, со цел да се намали невработеноста и да се обнови економијата.



Бенито Мусолини и Адолф Хитлер

Кризата не ги погодила сите држави еднакво. Во некои завршила побрзо, во други оставила долготрајни последици. Тешката економска состојба го зголемила незадоволството кај граѓаните и создала погодна почва за доаѓање на власт на авторитарни водачи. Во Германија, ваквата состојба била искористена од Хитлер и нацистите за да ја преземат власта и да го зацврстат својот режим.

## Популарната култура и општествениот развој

Во меѓувоениот период се случиле значајни општествени и културни промени. Формите на забава, како киното и радиото доживеале голема експанзија, а почнал и развојот на

**Прашања за дискусија:**

Во тоталитарните режими како фашизмот и нацизмот, луѓето не смееле да зборуваат слободно, да гласаат или да ја критикуваат власта.

– Зошто е важно во едно општество да постои слобода на мислење и различни ставови?

– Дали сметаш дека денес постои ризик од повторно појавување на такви идеологии? Објасни зошто.

**Помалку познати зборови и термини:**

**Антисемитизам**
Нетрпеливост, предрасуди и омраза кон Евреите.

**Ариевска раса**
Според нацистите, тоа била наводно „чиста" и „супериорна" германска раса, која ја сметале за подобра од сите други.

**Животен простор (Лебенсраум)**
Идеја дека Германците имаат право да освојуваат нови територии, за да обезбедат простор за живеење и проширување на својата држава.

телевизијата. Музиката добила нови облици преку џезот, свингот и блузот, кои станале симболи на едно ново урбано време. Во овој период се формирале и првите музички бендови. Филмот се утврдил како една од најзначајните форми на забава. Британскиот комичар Чарли Чаплин станал најпрепознатливото име во светската кинематографија во времето на немиот филм.


Физичарот Алберт Ајнштајн и комичарот Чарли Чаплин

Во секојдневието, спортот добивал сè поголемо значење. Во 1930 година, во Уругвај било одржано првото Светско првенство во фудбал. Олимписките игри станале еден од најпопуларните настани во светот и привлекувале огромно внимание.

Со урбанизацијата и технолошкиот напредок се менувала и околината: се граделе нови патишта, мостови и облакодери, се ширела електричната мрежа и се развивала автомобилската индустрија. Воздушниот и железничкиот сообраќај го поврзувале светот побрзо од кога било.

Науката напредувала во различни области. **Алберт Ајнштајн** дал клучен придонес во развојот на модерната физика. Нови достигнувања се постигнувале и во хемијата, медицината и техниката. Во 1927 година, Чарлс Линдберг станал првиот човек што самостојно го прелетал Атлантикот. Почнале истражувања во ракетната техника, што ќе го отворат патот кон вселенската ера.

## Провери го наученото

1. Која била целта на Лигата на народите?
2. Што промовирал нацизмот како своја главна цел?
3. Што се случило во октомври 1929 година со берзата во Њујорк и какви биле последиците?
4. Кои форми на забава станале особено популарни во меѓувоениот период?

# Втората светска војна

## Почеток и првите фази на Втората светска војна

**На 1 септември 1939 година, без објава на војна, германската армија ја нападнала Полска. Полската војска се обидела да се спротивстави, но брзо била совладана од посилниот противник. Кратко потоа и СССР извршил напад од исток. За неколку недели, Полска била окупирана и поделена. На 3 септември, Франција и Велика Британија ѝ објавиле војна на Германија. Со овие настани почнала Втората светска војна.**

**Причините за избувнувањето на нов светски конфликт биле повеќеслојни. Версајскиот договор, потпишан по Првата светска војна, предизвикал големо незадоволство, особено во Германија и Италија. Двете држави се чувствувале оштетени и понижени од новиот поредок. Нацистичката партија во Германија и фашистичката во Италија воделе агресивна политика за ревидирање на Версајскиот систем и за проширување на своите територии. Кон нив се приклучила и Јапонија, која имала амбиции за територијална доминација на Далечниот Исток. Овие држави имале слични цели и интереси и почнале засилено вооружување и подготовки за нова војна.**

**Отсуството на решителна акција од западните сили на претходните германски територијални проширувања – како аншлусот на Австрија и распарчувањето на Чехословачка – само го охрабрило Хитлер. Тој сметал дека и нападот врз Полска ќе биде пречекан со пасивност. За да избегне војна на два фронта, Германија во август 1939 година склучила договор за ненапаѓање со СССР, познат како пакт Рибентроп-Молотов, со таен анекс за поделба на Источна Европа.**

**По окупацијата на Полска, германската воена машинерија продолжила со офанзива. Во пролетта 1940 година, нападот бил насочен кон Северна и Западна Европа. За кратко време биле заземени Данска, Норвешка, Холандија, Белгија и Луксембург. Главната цел била Франција. Со примена на блицкриг-тактика, германската армија, и покрај отпорот на француските и британските сили, брзо напредувала и влегла во Париз. Франција била принудена да потпише примирје.**

**Откако ја поразила Франција, Германија ги насочила нападите кон Велика Британија. Германската авијација извршила жестоки бомбардирања врз британски градови и воени цели. Но, благодарејќи на отпорот на британските воздухопловни сили, особено во битката за Британија, островот бил одбранет, а планираната инвазија била откажана.**



Германски војници приведуваат цивили во Варшава (Полска)

Истовремено, воените дејства се прошириле и на други простори – Северното Море, Средоземното Море, Африка, Блискиот Исток и Азија.

По неуспехот со Велика Британија, Хитлер ги насочил плановите кон Советскиот Сојуз. И покрај договорот за ненапаѓање, во јуни 1941 година Германија го нападнала СССР. Германската армија брзо напредувала и до крајот на годината се приближила до Ленинград, Москва и до брегот на Црното Море. Но, Црвената армија организирала сериозен отпор и почнала контраофанзива.

Во меѓувреме, Јапонија продолжила со своите планови за проширување во Азија. Главен противник ѝ биле САД. На 7 декември 1941 година, без објава на војна, јапонската флота го нападнала Перл Харбор – американската воена база на Хаваите. Тоа довело до вклучување на САД во војната. Во тој момент, Германија, Италија и Јапонија веќе биле поврзани преку Тројниот сојуз, потпишан во септември 1940 година, кој станал познат како Оската Рим-Берлин-Токио.

Со вклучувањето на САД, конфликтот добил светски размери и се трансформирал во тотална војна. Се оформиле две главни

**Помалку познати зборови и термини:**

**Блицкриг (Молскавична војна)**

Изненадувачки напад врз непријателот со брзо координирано дејствување на оклопни единици, пешадија, артилерија и воздушна поддршка.



Јапонскиот напад на Перл Харбор - сцена од филм, уметнички приказ

**Изворите зборуваат:**

**Ист настан, различни перспективи**

„Вчера, 7 декември 1941 година, датум што ќе остане запаметен по срамот, САД беа ненадејно и намерно нападнати од поморските и воздушните сили на Јапонската Империја... Нема простор за заблуди: нашиот народ, нашата територија и нашите интереси се во сериозна опасност... Со доверба во нашите вооружени сили, со неограничената решителност на нашиот народ, ќе ја постигнеме неминовната победа. Со Божја помош ќе победиме."

Ф. Д. Рузвелт, говор пред американскиот Конгрес по нападот на Перл Харбор

„Каква врева! Императорските сили на Јапонија почнаа брзо, со еден извонреден удар, па уште еден, во историски изненадувачки напади врз Перл Харбор... Гласовите велат дека Рузвелт и Черчил се потресени и побледеле кога ги чуле вестите за поразите... Нашите варварски непријатели веќе се тресат од страв на Пацификот."

Јапонско соопштение за нападот на Перл Харбор

страни: Силите на Оската (Германија, Италија, Јапонија и нивните сојузници) и Сојузниците, односно Антихитлеровската коалиција составена од Велика Британија, СССР, САД и други држави што се приклучиле во борбата против фашизмот.

## Текот на војната 1942-1945

Во 1942 година, тежиштето на борбите во Европа било на Источниот фронт. Германските сили напредувале кон Кавказот со цел да обезбедат пристап до нафтените извори и да го спречат советскиот транспорт по реката Волга. Главна стратешка цел им бил градот Сталинград. Од летото 1942 до почетокот на 1943 година, таму се водела Сталинградската битка – еден од најкрвавите судири во Втората светска војна. По жестоки борби, Црвената армија извојувала победа. Со оваа пресвртница, СССР ја презел воената иницијатива, а германските трупи почнале постепено повлекување.

Во Северна Африка, уште од 1940 година се воделе борби меѓу британските сили и германско-италијанската армија. Во 1942 година на фронтот се приклучиле и САД. Одлучувачки биле




Европа во 1942 година



двете битки кај Ел Аламејн во 1942 година, каде што Сојузниците ја пробиле германската одбрана. Следувале успешни десанти во Алжир, Тунис и Мароко.

Во летото 1943 година, Сојузниците се истовариле на Сицилија и потоа напредувале кон јужниот дел на Апенинскиот Полуостров. **Италија капитулирала** во септември 1943 година, а фашистичкиот режим бил соборен. Бенито Мусолини бил уапсен и убиен при крајот на војната. И покрај капитулацијата на Италија, германските сили продолжиле да ја контролираат северната половина од земјата до нејзиното ослободување во 1945 година.

Истовремено, на Далечниот Исток, Јапонија го достигнала врвот на својата експанзија. До средината на 1942 година, таа контролирала големи делови од Југоисточна Азија и Пацификот. Но по битките кај Коралските Острови, Мидвеј и Гвадалканал, САД ја презеле иницијативата. Почнала долга и тешка офанзива со стратегија „остров по остров", при што американските сили постепено се приближувале до јапонското копно.

Во многу окупирани земји, **отпорот против фашизмот** се засилил токму во овој период. Се формирале организирани движења кои воделе вооружена борба против окупаторите. Посебно се истакнале борците во Франција, герилските единици во Полска и СССР, како и југословенските партизани, кои успеале да ослободат големи делови од територијата уште пред крајот на војната. Овие движења одиграле важна улога во слабеењето на непријателските сили и ја подготвиле почвата за завршните сојузнички офанзиви.

Решавачкиот удар на Западниот фронт почнал на 6 јуни 1944 година со сојузничката инвазија во Нормандија, позната како **Денот Д**. Американски, британски и канадски трупи извршиле масовен десант и, по тешки борби, го пробиле фронтот. До крајот на годината биле ослободени Франција, Белгија и Холандија. Пролетта 1945 година, сојузничките сили од запад навлегле во Германија, додека од исток напредувала Црвената армија, која ги протерала германските трупи од Источна и Централна Европа и го зазела Берлин. Соочен со неизбежен пораз, Хитлер извршил самоубиство. На 8/9 мај **Германија капитулирала** и престанала да функционира како независна држава.

На Пацификот, војната продолжила. Американските сили се приближиле до јапонските острови, но се соочиле со отпор. Со цел да го скратат конфликтот, САД решиле да употребат ново оружје – **атомската бомба**. На 6 и 9 август 1945 година биле фрлени бомби врз Хирошима и

**Прашања за дискусија:**

На 6 и 9 август 1945 година, САД фрлиле атомски бомби врз градовите Хирошима и Нагасаки во Јапонија. Во првите денови загинале десетици илјади луѓе, главно цивили. До крајот на годината, бројот на жртвите надминал 200.000, поради изгореници, радијација и последователни заболувања. Во наредните години, илјадници преживеани страдале од рак, генетски последици и хронични болести.

Американската влада го оправдала нападот со целта да се принуди Јапонија на капитулација и да се спречи копнена инвазија што би предизвикала огромни жртви и од јапонска и од американска страна. Според некои процени, копненото освојување на Јапонија можело да чини десетици илјади животи на американски војници, како и милиони жртви меѓу цивилите.

**– Дали употребата на атомската бомба била оправдана во условите во 1945 година? Образложи го својот став.**

Нагасаки. Јапонија капитулирала на 2 септември 1945 година. Со тоа завршила Втората светска војна.



Сталин, Рузвелт и Черчил (Техеран, 1943)

Паралелно со воените дејства, се одвивала и интензивна дипломатска активност. Во август 1941 година, британскиот премиер Винстон Черчил и американскиот претседател Френклин Д. Рузвелт ја усвоиле Атлантската повелба, со која биле поставени темелите на новиот светски поредок. Во јануари 1942 година била донесена Декларацијата на Обединетите нации, што подоцна ќе стане основа за создавање на Организацијата на Обединетите Нации (ООН). Во ноември 1943 година, во Техеран се одржала првата заедничка средба на „големата тројка" – Рузвелт, Черчил и Сталин. Таму било договорено отворање на Западниот фронт и поддршка за партизаните во Југославија. Подоцнежните конференции во Јалта и Потсдам ја обликувале повоената структура на Европа и на светот.

## Последици од Втората светска војна

Втората светска војна оставила длабоки траги врз целиот свет. Загинале повеќе од 60 милиони луѓе – војници и цивили. Милиони семејства останале без дом, храна и основни услови за живот. Воздушните напади уништиле цели градови, како Дрезден и Варшава. За време на опсадата на Ленинград, жителите со месеци живееле без доволно храна, вода и греење, во услови на екстремен студ и глад. Во окупираните територии биле вршени масовни депортации, колективни казни и масакри над цивилното население.

Најстрашното злосторство во Втората светска војна бил холокаустот – систематското истребување на околу шест милиони Евреи од страна на нацистичка Германија. Покрај нив, цел биле и Ромите, словенските народи, лицата со попреченост, политичките противници и други. Жртвите биле депортирани, затворани и убивани во концентрациони логори како Аушвиц, Треблинка, Мајданек, Собибор и други. Многумина загинале во гасни комори, од глад, болести и тешки услови, во една од најмрачните епизоди во човечката историја.

По завршувањето на војната, светот се соочил со огромна задача: обнова на материјалната, политичката и моралната состојба. Почнало расчистување со фашизмот и нацизмот. Во Нирнберг и Токио биле организирани меѓународни судења, на кои обвинетите биле изведени пред правдата за воени злосторства, злосторства против мирот и злосторства против човештвото.

Паралелно со тоа, биле поставени темелите на нов светски поредок. Почнала обнова на разурнатите држави, била воспоставена меѓународна економска соработка, а биле создадени и механизми за поствоена безбедност. Главната цел била јасна: да не се дозволи нов светски конфликт.



Деца-заробеници во Аушвиц

Искуствата од Втората светска војна претставуваат трајна опомена за човештвото. Тие покажуваат до какви катастрофални последици можат да доведат агресијата, нетолеранцијата и идеологиите засновани на омраза. Воедно, потсетуваат колку се важни мирот и човековите права и колку лесно можат да бидат загрозени. Историјата не може да се смени, но од неа мора да се учи.

## Провери го наученото

1. Кои биле причините за избувнувањето на Втората светска војна?
2. Како почнала војната на Пацификот и кои биле клучните настани до капитулацијата на Јапонија?
3. Опиши ги најважните воени операции во Европа во 1944 година.
4. Што е холокаустот и како бил спроведен од нацистичкиот режим?

# Студената војна

## Причини за Студената војна и поделбата на светот

Студената војна ја обележала втората половина на XX век. Во тоа време, светот се поделил на два блока: западен, предводен од САД, и источен, предводен од СССР. Оваа ера се нарекува и време на биполарен свет, во кој доминирале СССР и САД. За разлика од класичните војни, Студената војна се одвивала без директен вооружен судир меѓу двете суперсили. Наместо тоа, се водела борба за влијание во дипломатијата, воената технологија, освојувањето на вселената, но и во филмот, музиката и спортот.

По завршувањето на Втората светска војна, светот влегол во нова неизвесност. Претходниот меѓународен поредок бил урнат, а клучната задача била повторното уредување на Европа и светот. Уште за време на војната, во февруари 1945 година, на конференцијата во Јалта, Рузвелт, Черчил и Сталин се договориле за основите на новиот поредок. Нивните договори биле прецизирани на Потсдамската конференција (јули-август 1945 година), каде што било решено Германија и Берлин да бидат поделени на четири окупациски зони под контрола на САД, Велика Британија, СССР и Франција. Јапонија била окупирана од американски сили, а иницијативата за создавање на Организацијата на Обединетите нации била потврдена. Дополнително, биле утврдени насоки за мировни договори со поразените држави: Италија, Бугарија, Романија, Унгарија и Финска, како и за судењето на нацистичките лидери и други воени злосторници.




Европа во Студената војна

Но, веќе кон крајот на 1940-тите се појавиле несогласувања меѓу САД и СССР. Сомневањата и обвинувањата за неисполнети договори довеле до постепена поделба на Европа. Во март 1946 година, Винстон Черчил во својот говор во Фултон ја споменал „железната завеса" што се спушта врз Европа – симбол на почнатата Студена војна. Во 1947 година, претседателот на САД, Хари Труман, ја објавил својата доктрина за помош на слободните народи во светот, што СССР го доживеал како закана и одговорил со зацврстена контрола врз Источна Европа.

Поделбата се продлабочила со создавањето на две германски држави: Западна Германија (од западните зони) и Источна Германија (под советска контрола). Воено-политичките поделби се зацврстиле со формирањето на НАТО (1949), како сојуз на западните демократии, и **Варшавскиот пакт** (1955), воспоставен од СССР и источните социјалистички држави, како одговор на НАТО.

Западноевропските држави продолжиле да се развиваат според моделот на капитализам, плурализам и демократија. За нивната економска обнова бил применет **Маршаловиот план** (1948-1952), финансиран од САД. Источноевропските држави, под влијание на СССР, воспоставиле еднопартиски систем, планска економија и централизирана власт, со ограничувања на човековите права и слободи.

Студената војна била и идеолошка борба меѓу **комунизмот и капитализмот**. СССР настојувал да го прошири комунизмот насекаде каде што постоеле услови, што на Западот предизвикувало длабока загриженост. Комунизмот се проширил во Кина, на чие чело стоел водачот на Комунистичката партија, Мао Це Тунг. Исто така, бил прифатен и во Северна Кореја, Виетнам и некои делови од Африка и Латинска Америка, што дополнително ја засилило глобалната поларизација.

## Локални војни и интервенции

Од крајот на 1940-тите, како дел од глобалниот судир меѓу двата блока, започнале многубројни регионални војни и кризи. САД и СССР учествувале посредно, поддржувајќи различни завојувани страни.

**Берлинската криза** (1948/1961) се однесувала на статусот на градот Берлин, кој, иако се наоѓал во Источна Германија, бил поделен на источен дел, под контрола на СССР, и западен дел управуван од САД, Велика Британија и Франција.

Во 1948 година, СССР ја блокирал комуникацијата со Западен Берлин, но западните сојузници одговориле со воздушен мост и го снабдувале градот по воздушен пат речиси една година.

**Истражувај:**

Во времето на Студената војна биле формирани многубројни меѓународни организации и асоцијации со различни цели: зачувување на мирот, унапредување на соработката или заштита на интересите на одредени групи држави.

Некои од нив се: ООН (1945), Арапската лига (1945), Советот на Европа (1949), Европската заедница/унија (1957/1993), Движењето на неврзаните (1961), Организацијата за африканско единство – Африканска унија (1963/2002) и КЕБС/ОБСЕ (1975/1994).

**– Избери една од овие организации и истражи кои ѝ биле основните цели и дали според тебе ги исполнила. Образложи накратко.**



Мао Це Тунг

Во 1961 година, Источна Германија, со поддршка од СССР, го изградила Берлинскиот ѕид, со кој бил физички одделен Западен од Источен Берлин. Берлинскиот ѕид станал симбол на поделбата меѓу Истокот и Западот во времето на Студената војна.



Деца за време на Корејската војна

Корејската војна (1950-1953) почнала кога Северна Кореја ја нападнала Јужна, преминувајќи ја 38-та паралела – линија која го делела Корејскиот Полуостров по Втората светска војна. Војната претставувала судир меѓу две држави со спротивставени политички системи: комунистичкиот Север, поддржан од СССР и Кина, и Југот, поддржан од ООН, кои формирале воена коалиција предводена од САД.

По тригодишни борби било постигнато примирје, но не и формален мировен договор. Како последица на тоа, Полуостровот останал поделен, а меѓу двете држави била воспоставена демилитаризирана зона.

Виетнамската војна (1955-1975) била поврзана со обидот да се спречи ширењето на комунизмот во југоисточна Азија. По повлекувањето на Франција, Виетнам бил поделен на комунистички Север, поддржан од СССР и Кина, и антикомунистички Југ, поддржан од САД. Судирот почнал во 1955 година со вооружени пресметки, заседи и саботажи, пред сè од комунистичките герилци од Југот, познати како Виетконг.

Во 1965 година, САД се вклучиле со масовна воена интервенција, со надеж дека ќе го спречат падот на Југот. Ова завршило со неуспех, а по повлекувањето на американските трупи, Северен Виетнам извојувал победа и ја обединил земјата под комунистичка власт.

Кубанската ракетна криза (1962) претставувала еден од најопасните моменти на Студената војна. По доаѓањето на власт на Фидел Кастро, Куба се приближила до СССР, кој почнал да поставува нуклеарни ракети на островот. САД, предводени од претседателот Џон Кенеди, реагирале со поморска блокада.
По напнати дипломатски преговори, СССР, под водство на Никита Хрушчов, се согласил да ги повлече ракетите, а САД се обврзале дека нема да ја нападнат Куба и неофицијално се согласиле да ги повлечат своите ракети од Турција.



Претседателите на СССР и САД – Никита Хрушчов и Џон Кенеди

Советската интервенција во Авганистан (1979) била обид на СССР да го задржи комунистичкиот режим во Кабул. Војната се претворила во долг и скап конфликт, во кој муџахедините биле

поддржани од САД, Пакистан и други сојузници. Конфликтот завршил со повлекување на советските трупи во 1989 година и се смета за „советски Виетнам".

Слични посредни судири и интервенции се случувале и во други делови од светот – во Африка, Латинска Америка и Блискиот Исток – каде што двете суперсили се натпреварувале за влијание.

**Прашања за дискусија:**

**Современите конфликти и потрагата по мир**

Човекот низ историјата не престанал да води војни. Од антиката до денес, конфликтите се појавуваат речиси постојано, во различен обем и облик, почнувајќи од мали племенски судири до светски војни.

Иако денес живееме во време на глобализација и напредна технологија, насилните судири и натаму се присутни низ светот. Современите конфликти се разновидни и сложени. Тие може да бидат конвенционални (меѓу регуларни армии), асиметрични (каде што една страна е значително посилна), хибридни (со примена на класични и неконвенционални методи), или сајбер-конфликти, каде што борбата се води преку интернет и дигитални платформи. Во некои случаи, тие се надополнети или поттикнати од појави како тероризмот, кој станува средство за политички, идеолошки или верски пресметки.

Но, суштината останува иста. Различните интереси и идентитети продолжуваат да се судруваат. Војните на Балканот, Блискиот Исток, Африка и Украина се само дел од сложената мапа на новото глобално војување. Овие конфликти, покрај воените разурнувања, честопати предизвикуваат сериозни хуманитарни последици, меѓу кои и зголемен број на бегалци и мигранти, нарушување на основните услови за живот и долготрајна несигурност за цивилното население.

Во обид да се спречат или решат ваквите конфликти, постојат меѓународни договори, меѓународни судови и систем на меѓународно право. Иако нивната ефикасност е променлива, тие претставуваат алатки за правда, одговорност и дијалог.

Историјата не нè учи само за причините на конфликтите, туку и за потребата од разбирање, сочувство и соработка. Мирот е процес, а не состојба. Прашањето е – дали навистина го сакаме?

**– Дали современите конфликти личат на оние од времето на Студената војна? Во што се слични, а во што се разликуваат?**

**– Во времето на Студената војна немало директна војна меѓу САД и СССР, но имало многу други војни во различни делови на светот. Дали и денес Големите сили влијаат врз конфликтите што се случуваат во други држави? Објасни.**

## Трката за вооружување и вселената

Судирот меѓу Истокот и Западот се одразувал и преку трката во нуклеарно вооружување и трката во вселената.

По Втората светска војна, светот влегол во атомската ера. САД и СССР станале **нуклеарни сили** и почнале со интензивен развој и производство на оружја со огромна уништувачка моќ. Се произведувале атомски бомби, нуклеарни ракети со долг дострел, стратешки бомбардери, подморници и бродови со нуклеарен погон. Бил создаден голем арсенал што претставувал постојана закана за светскиот мир.



Валентина Терешкова – првата жена што полетала во вселената

Истовремено, трката се проширила и во вселената. Во 1957 година, СССР го лансирал првиот вештачки сателит Спутник 1. Во 1961 година, Јуриј Гагарин станал првиот човек што полетал во вселената, а во 1963 година тоа го направила и првата жена – Валентина Терешкова. САД одговориле со слетување на Месечината во 1969 година, со мисијата Аполо 11. Во текот на 1970-тите, натпреварот преминал во соработка и биле реализирани заеднички мисии.

Иако судирот се водел главно на политичко и воено ниво, Студената војна силно влијаела и врз секојдневниот живот. Во Источниот блок, граѓаните живееле под строг надзор, цензура и ограничувања на патувањата. Во Западот, стравот од нуклеарна војна и комунизам довел до изградба на засолништа, вежби за евакуација и ширење на анти-комунистичка пропаганда.

Студената војна се водела и преку културата, спортот и медиумите. САД ја ширеле својата идеологија преку филмови, радио програми и спорт. СССР промовирал балет, класична музика и образовни проекти. Двете страни се натпреварувале и во Третиот свет: нудејќи стипендии, медицинска помош и изградба на училишта и болници. Наместо оружје, тука се користеле идеи и вредности.

Студената војна поминала низ повеќе фази: почеток, ескалација, затоплување на односите (детант), повторно влошување и конечно нејзино завршување. Падот на Берлинскиот ѕид во 1989 година и распадот на СССР во 1991 година го означиле нејзиниот крај.

**Провери го наученото**

1. Што значи терминот Студена војна и по што се разликува од класичните војни?
2. Кои два воено-политички сојузи биле формирани од двата блока?
3. Зошто Берлинскиот ѕид станал симбол на Студената војна?

# Деколонизацијата и борбите за независност во XX век

## Распаѓање на колонијалниот систем и деколонизација на Азија



Махатма Ганди

Во XX век почнал глобален процес на распаѓање на колонијалниот систем и ослободување на колониите, познат како деколонизација. Народите под странска власт сè појасно ги изразувале своите стремежи за слобода и право на самоопределување. Колонијалните сили, ослабени од војни и од меѓународен притисок, веќе не можеле да ја задржат контролата.

Борбата за ослободување се водела на различни начини – преку војни, револуции и востанија, но и преку мирни средства како преговори, референдуми и ненасилен отпор. Процесот се забрзал по Втората светска војна, кога се сменил односот на силите во светот, се засилиле ослободителните движења, а меѓународните организации, особено ООН, дале поддршка за деколонизацијата.

Антиколонијалните движења во Азија почнале уште во меѓувоениот период и добиле замав по Втората светска војна. Во Британска Индија, движењето за независност предводено од Махатма Ганди се засновало на мирен отпор и граѓанска непослушност. Во 1947 година, Индија добила независност, а истовремено бил создаден Пакистан како држава за муслиманското население од делови на поранешната британска Индија.

Во Индокина, Хо Ши Мин ја прогласил Демократска Република Виетнам во 1945 година. Франција не ја признала новата држава. Војната што следувала траела осум години и завршила со пораз на Французите во 1954 година. Виетнам бил привремено поделен, додека Лаос и Камбоџа биле меѓународно признати како самостојни држави.

Слична борба се водела и во Индонезија, која по војната со Холандија (1945-1949) станала независна држава. Во наредните години, истиот пат го следеле и други држави од регионот, како Шри Ланка и Малезија.

Антиколонијалното движење се засилило и кај народите од арапскиот свет. До Втората светска војна, Јемен, Египет, Ирак и Саудиска Арабија веќе прогласиле самостојност. Во 1946 година, Франција и Велика Британија се повлекле од Јордан, Либан и Сирија, кои станале независни држави.

По неуспешниот план на ООН за поделба на Палестина, во 1948 година била прогласена државата Израел. Тоа предизвикало вооружен конфликт со арапското население и соседните држави. Избувнала првата израелско-арапска војна во 1948 година, која завршила со примирје, без конечно решение за Палестина. Во 1964 година била основана Палестинската ослободителна

**Дали знаеш дека...**

Махатма Ганди верувал дека човекот може да се бори против неправдата без насилство. Неговото движење за независност на Индија користело мирни протести, бојкоти и одбивање да се почитуваат неправедни закони.

Во 1930 година го предводел Солениот марш, кога пеш изминал над 380 километри за да протестира против британскиот монопол врз солта. Илјадници луѓе му се придружиле, а маршот станал симбол на отпорот.

организација (ПЛО), која подоцна била предводена од Јасер Арафат. Со текот на времето, ПЛО и Арафат станале симбол на палестинската борба за создавање сопствена држава.

## Деколонизацијата во Африка и неоколонијализмот

Во Африка, антиколонијалното движење се засилило со поддршка од панафриканската идеја, симболизирана со слоганот „Африка на Африканците". До 1960-тите, голем број земји се ослободиле од колонијалната власт. Мароко, Тунис и Алжир стекнале независност од Франција, дел по мирен пат, дел по долга вооружена борба. Од британска власт се ослободиле Гана, Нигерија, Кенија и други. Демократска Република Конго добила независност од Белгија, а Ангола и Мозамбик од Португалија.



Патрис Лумумба – првиот премиер на независна Демократска Република Конго

Сличен процес се одвивал и во Карибите. Колонии како Јамајка, Тринидад и Тобаго и Барбадос станале самостојни држави, но ги задржале културните и политичките врски со поранешните колонијални власти.

ООН одиграле важна улога во поддршката на деколонизацијата. Бил формиран Старателски совет за управување со територии под меѓународен надзор, а во 1960 година била усвоена Декларацијата за давање независност на колонијалните земји и народи. Со текот на времето, териториите под старателство стекнале државност, а последна била островската држава Палау во Пацификот, која станала независна во 1994 година.

По добивањето самостојност, многу нови држави се соочиле со големи предизвици. Често биле принудени да го преземат начинот на владеење и организација што го користеле поранешните колонијални управители. Иако формално слободни, останале под политичко, економско и културно влијание, што се нарекува **неоколонијализам**.

Во меѓународната политика, повеќето од овие држави не припаѓале на ниту еден од двата големи блока. Наместо тоа, се приклучиле на Движењето на неврзаните, основано во 1961 година во Белград, кое се залагало за почитување на суверенитетот, еднаквост меѓу државите, мирно решавање спорови и отпор кон сите облици на колонијално влијание.




Деколонизација на светот

Во некои случаи, процесот на ослободување бил проследен со нестабилност. Избувнувале бунтови, граѓански војни и воени удари, а во одредени држави се воспоставиле диктаторски режими. Разликите меѓу етничките и верските групи, заедно со слабите институции и странското мешање, го отежнувале градењето стабилни држави.



Нехру (Индија), Нкрумах (Гана), Насер (Египет), Сукарно (Индонезија), Тито (Југославија) – лидери на Движењето на неврзаните

## Граѓански права и мирни форми на отпор

По Втората светска војна се појавиле иницијативи за заштита на човековите и граѓанските права како темел на демократијата. Во 1948 година, Генералното собрание на ООН ја усвоило **Универзалната декларација за човекови права**, која станала најважен меѓународен документ во оваа област. Таа служи како основа за национални, регионални и глобални напори за заштита на правата на поединците.

Во Европа, заштитата на човековите права е заснована врз Европската конвенција за човекови права (1950) и работата на Европскиот суд за човекови права (1959). На национално ниво, важна улога има народниот правобранител (омбудсман), како институција што ги штити правата на граѓаните.

Човековите и граѓанските права се делат на индивидуални и колективни, во зависност од тоа дали се однесуваат на поединци или заедници. Тие опфаќаат граѓански и политички, социјални, економски, културни права и права на солидарност. Индивидуалните права вклучуваат, меѓу другото, право на глас, слобода на говор, вероисповед и правична судска постапка, додека

**Прашања за дискусија:**

На 28 август 1963 година, за време на големиот „Марш за работа и слобода" во Вашингтон, Мартин Лутер Кинг го одржал својот најпознат говор „Имам сон"

„...Имам сон дека еден ден, на црвените ридови на Џорџија, синовите на поранешните робови и синовите на поранешните сопственици на робови ќе можат да седнат заедно, братски, на иста маса.

Имам сон дека еден ден дури и државата Мисисипи – држава која се гуши во жештината на неправдата и се задушува во жештината на угнетувањето – ќе се претвори во оаза на слобода и правда.

Имам сон дека еден ден моите четири мали деца ќе живеат во земја каде што нема да бидат оценувани според бојата на нивната кожа, туку според содржината на нивниот карактер.

Денес имам сон!"

– Што мислиш, дали сонот на Мартин Лутер Кинг се остварил? Дали расизмот и денес сè уште постои?

колективните права се однесуваат на зачувување на културниот идентитет, употребата на мајчиниот јазик и заштита на животната средина.

По Втората светска војна се зајакнале движењата за граѓански права и **пацифизмот** како отпор против војните и насилството. Во САД, борбата за еднаквост се насочила против расната сегрегација и дискриминацијата врз Афроамериканците. Движењето предводено од **Мартин Лутер Кинг** користело ненасилни методи, како маршеви, штрајкови и протести. Под притисок на јавноста, биле донесени закони за укинување на дискриминацијата врз основа на раса, пол и потекло.



Нелсон Мандела

Значајна улога одиграле и жени-активистки. **Роза Паркс** одбила да го отстапи седиштето во автобус резервирано за белци, со што го поттикнала масовниот отпор против сегрегацијата. Жените биле носители на протестите и во други делови од светот.

Слично движење постоело и во Јужна Африка, каде што **апартхејдот** значел политичка и општествена доминација на белото малцинство врз црнечкото мнозинство. Симбол на отпорот бил **Нелсон Мандела**, лидер на Африканскиот национален конгрес. Апартхејдот бил укинат на почетокот на 1990-тите, а Мандела станал првиот црн претседател на Јужна Африка.

За време на Студената војна се појавиле пацифистички движења, особено во САД, кои протестирале против Виетнамската војна и нуклеарното вооружување. Кампањите за разоружување станале важен дел од јавниот отпор.

Во поново време, како продолжение на глобалните иницијативи за човекови права и мир, сè повеќе се поставувале прашања поврзани со заштитата на животната средина, климатските промени и загадувањето. Овие предизвици довеле до развој на еколошки движења низ светот.

## Помалку познати зборови и термини:

**Сегрегација**

Принудно раздвојување на луѓе по раса, вера или потекло, со што една група се става во полоша состојба и ѝ се ускратуваат еднакви права. На пример, во САД некогаш постоеле закони што забранувале белците и Афроамериканците да учат во исто училиште или да седат заедно во автобус.

**Пацифизам**

Став или движење што се залага за мир и се спротивставува на војни и насилства.

## Провери го наученото

1. Што значи поимот деколонизација?
2. Која улога ја имал Махатма Ганди во ослободувањето на Индија?
3. Што значи слоганот „Африка на Африканците“?
4. Кој бил симбол на отпорот против апартхејдот во Јужна Африка?

# Падот на комунизмот и новите демократии во Европа

## Кризата во Источниот блок и распадот на СССР

По Втората светска војна, државите од Источниот блок (Полска, Чехословачка, Унгарија, Романија и Бугарија) потпаднале под политичка, економска и воена доминација на СССР. Почнал процес на „советизација": бил воспоставен социјалистички систем со еднопартиска власт, во кој главната улога ја имала Комунистичката партија. Биле воведени државна сопственост, планска економија, колективизација и индустријализација. На чело на државите биле поставени просоветски водачи лојални на Москва.



Уривање на споменикот на Сталин за време на Унгарската револуција (1956)

Незадоволството од наметнатиот социјалистички модел, политичката репресија и економските тешкотии почнало да се манифестира уште во 1950-тите, по смртта на Сталин. Во Источна Германија (1953) и Полска (1956) избувнале немири, демонстрации и штрајкови. Во Унгарија, во 1956 година, дошло до вистинска револуција, која била насилно задушена со интервенција на советската армија.

Кон крајот на 1960-тите, во Чехословачка имало обид за политички промени, познат како **Прашка пролет**, предводен од Александар Дубчек. Биле побарани реформи што ќе овозможат повеќе слободи, плурализам и независни медиуми. Овие идеи биле наречени „социјализам со човечко лице" – обид да се зачува социјализмот, но без репресија и со повеќе права за граѓаните.

СССР ги сметал реформите за опасни и антисоцијалистички. Во август 1968 година, армиите на СССР и Варшавскиот пакт извршиле инвазија врз Чехословачка и ги сопреле обидите за промени.

По оваа интервенција, советската контрола врз Источна Европа останала стабилна сè до крајот на 1980-тите години, кога СССР и државите од Источниот блок западнале во тешка економска криза. Производството опаѓало, продавниците биле празни, а

**Помалку познати зборови и термини:**

**Планска економија**
Економски систем во кој државата одредува што, колку и по која цена ќе се произведува.

**Колективизација**
Процес при кој приватната земја и добитокот на селаните биле одземани и здружувани во заеднички (колективни) земјоделски задруги, управувани од државата.

**Плурализам**
Принцип на општествено уредување во кое постојат и слободно дејствуваат повеќе политички партии.

луѓето често чекале во редици за основни продукти. Целата економија била строго контролирана од државата, која одлучувала што ќе се произведува, во кои количини и по која цена. Овој начин на управување станал сè помалку ефикасен и не можел да се мери со економиите на САД и Западна Европа.



Михаил Горбачов и Роналд Реган

Во 1985 година, на чело на СССР дошол **Михаил Горбачов**, релативно млад лидер со идеи за промени. За да ја надмине кризата, почнал реформи наречени гласност (отвореност) и перестројка (преуредување). Преку гласност се овозможувала слобода на говор и поголема транспарентност во општеството, додека со перестројка се барало намалување на државната контрола и повеќе самостојност за граѓаните и претпријатијата во економијата.

Сепак, реформите не дале резултати. Економијата била слаба и неподготвена за промени, комунистичките идеи биле длабоко вкоренети, а во повеќе републики се појавиле барања за независност. Покрај тоа, многу граѓани не верувале дека промените навистина ќе донесат подобар живот.

Реформите на Горбачов, наместо да го зајакнат системот, го забрзале распаѓањето на СССР. Први што побарале и стекнале независност биле балтичките републики: Литванија, Летонија и Естонија. Набргу потоа, и другите 12 советски републики го напуштиле Сојузот. Во декември 1991 година, СССР престанал да постои, а на негово место се појавиле 15 нови независни држави. Обидот за државен удар против Горбачов во август 1991 година не го спречил распадот.



Симболичен крај на СССР – замена на советското со руско знаме, 25 декември 1991 година

Овој настан го означил крајот на комунизмот во СССР и распадот на државата. Истовремено, тоа бил почеток на период на нестабилност. Во наредните години на просторот на поранешниот СССР избувнале граѓански, етнички, територијални и меѓудржавни конфликти. Распадот значел и крај на Варшавскиот пакт.

По периодот на детант, односите меѓу САД и СССР повторно се влошиле во 1980-тите, особено поради советската интервенција во Авганистан. Тензиите биле високи, но со доаѓањето на Михаил Горбачов почнале серија разговори со американските

претседатели Роналд Реган и Џорџ Буш. Биле склучени договори за намалување на нуклеарното вооружување, што придонело за смирување на тензиите меѓу Истокот и Западот кон крајот на деценијата.

Во судирот на два идеолошки света, западната култура имала неочекувано силно влијание врз Источниот блок. Музиката, филмовите, модата и начинот на живот од Западот биле привлечни за народите зад „железната завеса". Западот вешто го користел тоа како тивко, но ефикасно средство на влијание, кое постепено ја разнишувало самодовербата на комунистичкиот систем.

## Падот на комунизмот во Источна Европа

Развојот на настаните во СССР и промените во односите со Западот се одразиле и врз Источна Европа, каде што почнале да зајакнуваат антикомунистичките движења. Советското влијание постепено се намалувало, особено откако Горбачов јавно изјавил дека СССР нема веќе да се меша во внатрешните работи на државите од Источниот блок.

Клучен симболичен и политички момент бил падот на Берлинскиот ѕид во ноември 1989 година. Тој ѕид, кој повеќе од две децении ја делел Германија и Европа, станал симбол на поделбата меѓу Истокот и Западот. Неговото уривање означило пад на комунизмот во Источна Европа и почеток на крајот на „железната завеса". Настанот ги охрабрил и другите земји од регионот да се ослободат од комунистичките власти и од советското влијание.



Падот на Берлинскиот ѕид

Во периодот 1989-1990 година, во повеќето држави од Источна Европа биле организирани демократски, повеќепартиски избори, а комунистичките власти биле симнати од власт. Во некои земји овој процес се одвивал мирно, додека во други преку протести, конфликти или насилство.



Лех Валенса и првиот папа од земја од Источниот блок, Јован Павле II

Во Полска, во 1980 година било формирано движењето „Солидарност", предводено од **Лех Валенса**. Тоа било првата независна организација во Источниот блок што не била под контрола на Комунистичката партија. Во 1990 година, Валенса станал првиот демократски избран претседател на Полска.

Во Чехословачка, во 1989 година била спроведена т.н. Кадифена револуција, со која без насилство била сменета власта, а **Вацлав Хавел** станал нов претседател. Во Унгарија и Бугарија исто така се случиле мирни политички промени.

Во Романија, пак, промените дошле по насилна револуција, при што од власт бил симнат диктаторот **Николае Чаушеску**, кој бил стрелан по кратко судење.

Во Источна Германија, комунистичкото раководство било соборено, што го отвори патот кон германското обединување.

СССР и советската армија се повлекле од државите на Источниот блок. Ова означило крај на советската доминација во регионот.

Еден од најзначајните настани бил токму **обединувањето на Германија**. Со согласност на четирите победнички сили од Втората светска војна – СССР, САД, Велика Британија и Франција, како и на двете германски држави, во 1990 година било спроведено обединување. Така била создадена единствена држава – Сојузна Република Германија.

Во 1993 година, Чехословачка престанала да постои, а на нејзино место биле создадени две нови држави: Чешка и Словачка. Истовремено, се распаднала и Социјалистичка Федеративна Република Југославија, што довело до низа крвави конфликти и појава на нови држави на Балканот.

Падот на комунизмот и распаѓањето на СССР донеле длабоки промени во Европа. Неколку држави исчезнале, а на нивно место се создале нови. Во некои случаи промените биле мирни, во други придружени со насилства и немири.

**Прашања за дискусија:**

По повеќедецениски политички и идеолошки натпревар меѓу Истокот и Западот, падот на комунизмот и распадот на СССР го обележале и крајот на Студената војна.

– Зошто СССР победил во Втората светска војна, а ја изгубил Студената војна?

– Дали падот на комунизмот и распадот на СССР навистина значат крај на Студената војна?



Во дел од земјите, државниот систем целосно се распаднал и голем број луѓе останале без работа, пари и сигурност. По распадот на СССР, неговото место како голема сила го зазела Русија, која го презела и членството во меѓународните организации, како Обединетите нации.

Додека Истокот се соочувал со поделби и политички пресврти, Западот се движел кон поголема соработка, што довело до создавање на Европската Унија во 1993 година. Во следните години, голем број поранешни комунистички земји станале членки на Европската Унија и на НАТО, во потрага по поголема сигурност, економски развој и подобар живот за своите граѓани.

**Истражувај:**

Распадот на СФР Југославија довел до создавање на повеќе нови држави.

**– Кои држави настанале по распадот на Југославија?**

**– Избери една од тие држави и опиши како се одвивало нејзиното осамостојување. Дали било мирно или проследено со конфликт?**

**Изворите зборуваат:**

„И до ден-денес, тоа беше најтрогателната, најемоционалната и најубавата ноќ во мојот живот: луѓе кои постојано минуваа низ преминот, паѓаа еден на друг во прегратки, врескаа од радост, се смееја, плачеа. Колку извонредна и полна со емоции беше ситуацијата...“

Жител на Источен Берлин за падот на Берлинскиот ѕид
Извор: www.fr.de/politik/ganze-welt-berlin-11541682.html

„Како да умира Сараево. Како полека да исчезнува. Животот исчезнува. Како тогаш да ја почувствувам пролетта, ако пролетта е нешто што го буди животот, кога тука нема живот? Тука сè изгледа како да е мртво.“

Дневникот на 12-годишната Злата Филиповиќ,
пишуван за време на опсадата на Сараево и распадот на Југославија.

Извор: Zlata Filipović, Zlata's Diary: A Child's Life in Sarajevo

## Провери го наученото

1. Која партија имала главна улога во државите од Источниот блок по Втората светска војна?
2. Која била целта на реформите „гласност“ и „перестројка“ во СССР?
3. Кој настан во 1989 година го означил симболичниот почеток на крајот на комунизмот во Источна Европа?

АКТИВНОСТ:

## Холокаустот

Холокаустот е едно од најстрашните злосторства во историјата на човештвото. За време на Втората светска војна, нацистичка Германија спровела организирана кампања за уништување на околу шест милиони Евреи, како и стотици илјади Роми, Словени, лица со попреченост, политички противници и други. Тоа било политика водена од омраза и целосно негирање на човековото право на постоење.

**Задача:**

Работете во групи. Изберете една од следните теми и подгответе кратка презентација или постер насловени „Да не се повтори".

**Теми по избор:**

- Сведоштва на жртви. Изберете едно вистинско сведоштво (без вознемирувачки детали) и објаснете што нѐ учи за холокаустот.
- Симболи на сеќавање. Што претставуваат местата како Аушвиц или меморијалните центри? Зошто се важни?
- Невини сведоци. Што значи молчењето во време на злосторства? Каква е одговорноста на оние што набљудувале и дозволиле да се случи холокаустот?
- Моја порака до светот. Што би им порачале на идните генерации за значењето на сеќавањето на холокаустот?

**Презентација (2-3 минути):**

- Кратко претставување на темата
- Главната порака на групата (што треба да се запамети)
- Визуелен или текстуален израз (постер, слајд или читање краток текст)

**Дискусија по разговорот:**

- Зошто е важно да се зборува за холокаустот и денес?
- Како можеме да препознаеме рани знаци на нетолеранција?

ТЕМА 5

# ИСТОРИЈАТА И СОВРЕМЕНИОТ СВЕТ

## Вовед во темата:

Историјата денес се проучува и претставува на различни начини. Во оваа тема ќе разгледаме како медиумите, филмовите, музиката и дигиталните технологии влијаат врз разбирањето и прикажувањето на историските настани. Ќе ја објасниме положбата и улогата на жените во историјата и во современото општество, како и поврзаноста на историјата со идентитетот. Ќе се анализираат придобивките и ризиците од користењето на дигиталните технологии и вештачката интелигенција во изучувањето на минатото. Темата ќе отвори и прашања за влијанието на историското знаење врз сегашноста и размислувањата за иднината.

### Содржини:

- Историјата, медиумите и јавните дебати
- Историјата во популарната култура
- Жените во историјата и во современиот свет
- Историјата и идентитетот
- Историското паметење во дигитална ера
- Активност: Младите и историјата

## На крајот од темата ќе можеш:

- Да го разбереш влијанието на медиумите, уметноста и дигитализацијата врз начинот на перцепирање и проучување на минатото.
- Да ги опишеш главните карактеристики на поп-културата во современите општества.
- Да ја објасниш општествената улога на филмот, музиката и поп-културата во современиот свет.
- Да ја објасниш важноста на историските јавни дебати за современите општества.
- Да ја споредиш општествената улога на жените во минатото и денес.
- Да ги анализираш разликите меѓу младите и возрасните во однос на општествените вредности во минатото и денес.
- Да го разбереш начинот на историско паметење во современата дигитална ера.
- Да го анализираш значењето на историското знаење за разбирање на современите глобални предизвици и за визија за иднината.
- Да го вреднуваш значењето на историјата за општествениот развој и изградбата на идентитетот во минатото и денес.
- Да пројавиш критички пристап кон историските информации во традиционалните и дигиталните медиуми.
- Да го вреднуваш значењето на историското паметење за градењето на колективен идентитет во современото општество.
- Да ја процениш улогата на историјата во разбирањето и решавањето на современи општествени предизвици.



# Историјата, медиумите и јавните дебати

## Медиумите и историјата

Историјата не се наоѓа само во учебниците, архивите и музеите. Во современиот свет, таа се среќава и во различни медиуми, како што се весниците, документарните емисии и социјалните мрежи. Токму **медиумите** имаат важна улога во споделувањето информации за минатото, но и во обликувањето на тоа како луѓето го разбираат тоа минато.

Традиционалните медиуми, меѓу кои спаѓаат весниците, радиото и телевизијата, со децении биле значаен извор на историски информации за пошироката јавност. Во вестите често се прават споредби помеѓу некој актуелен настан и некоја слична ситуација од минатото. Во **телевизиските документарни емисии**, историјата се раскажува преку приказни што се приспособени за поширока публика. Еден познат пример е серијалот „Светот во војна“, во кој се користат интервјуа, стари снимки и раскажување од страна на наратор за да се пренесат информации за Втората светска војна. Друг пример е документарецот „Апокалипса: Првата светска војна“, во кој преку колоризирани снимки и современ начин на раскажување, настаните се доближуваат до младата публика.




Историски документарни емисии – историјата приспособена за поширока публика

Сепак, поновите медиуми, особено **интернет-платформите и социјалните мрежи**, донесоа голема промена. Таму секој може да создава и споделува историски содржини, што ја зголемува достапноста на историјата за пошироката јавност. Но со тоа се зголемува и ризикот од пристрасни и неточни толкувања. На интернет може да се сретнат видеа што негираат геноциди, како холокаустот, или што шират непоткрепени теории, како тврдењето дека Француската револуција била заговор на тајни организации. Таквите содржини често се технички добро изработени, со впечатливи слики и убедливо раскажување, но не се засноваат на научни факти и не користат веродостојни извори.

Медиумите го обликуваат историското знаење и преку начинот на кој претставуваат херои, жртви и непријатели. Преку симболи, фотографии, песни и слогани се создаваат колективни чувства на гордост, тага или омраза. Во американските медиуми, на пример, често се нагласува херојството на војниците кои учествувале во Втората светска војна или во борбата против ропството. Филмовите и телевизиските серии

**Прашања за дискусија:**

Денес, секој може да објавува видеа, текстови или поткасти за историјата. Некои содржини се многу популарни, но не се секогаш точни. Историчарите велат дека податоците треба да се проверуваат и да се користат веродостојни извори. Од друга страна, некои луѓе сметаат дека секој има право на свое мислење.

**– Дали секој треба да има еднакво право да зборува за историјата, без разлика на стручноста? Објасни!**

**– Кој треба да има поголемо влијание врз тоа како ја учиме историјата – историчарите или јавноста? Зошто?**

како „Браќа по оружје" (*Band of Brothers*) и „Корени" (*Roots*) имаат големо влијание врз тоа како младите генерации ја доживуваат историјата. Но истовремено, некои аспекти како страдањата на цивилите, колонијалното минато или улогата на обичните луѓе често се прикажани поедноставено или остануваат во заднина.



Телевизиската серија „Браќа по оружје"

Пропагандата е еден од најстарите и најмоќни начини за користење на историјата во медиумите. Таа често се појавува во услови на воени конфликти, политички промени или за време на избори. Во периодот на Студената војна, и САД и СССР користеле историски симболи и раскажувања за да го оправдаат своето глобално влијание. Советската пропаганда ги претставувала комунистичките револуции и ширењето на социјализмот како дел од борбата против капитализмот и империјализмот. Подоцна, таа борба се поврзувала и со отпорот против фашизмот. Американските медиуми, пак, го прикажувале капитализмот како наследник на античките демократии. Ваквите историски споредби биле користени за поттикнување патриотизам или за создавање страв од спротивниот општествен систем.



Антикомунистички пропаганден стрип

Лажните вести, пак, се друга форма на медиумско искривување на историјата. Тие изгледаат како веродостојни информации, но свесно шират неточности. Често циркулираат преку интернет видеа, статии или социјални мрежи. На пример, и денес постојат содржини што тврдат дека Адолф Хитлер не се самоубил во 1945 година, туку дека побегнал во Аргентина и живеел до длабока старост. Иако овие тврдења се научно побиени, тие и натаму добиваат милиони прегледи. Ваквите лажни вести ја поткопуваат историската вистина, создаваат недоверба кон науката и ги наведуваат луѓето да прифаќаат сензационализам наместо проверени факти.

Историјата не се појавува во медиумите само преку вести и документарни емисии. Таа е дел од јавниот живот и преку дебати, учебници,



## Дали знаеш дека...

На интернет често се повторува тврдењето дека Наполеон Бонапарта бил висок само 150 сантиметри. Всушност, оваа бројка настанала поради разлика меѓу француските и британските мерни единици, а во XIX век била искористена од британските медиуми за да создадат слика за Наполеон како ниска и смешна фигура. Во реалноста, Наполеон бил висок околу 169 сантиметри, што било сосема просечно за неговото време. Ваквата приказна е и лажна вест (бидејќи не е точна), и пропаганда (бидејќи била наменета да го прикаже Наполеон како смешен и безвреден).



Британскиот крал Џорџ III го набљудува минијатурниот Наполеон низ телескоп – пример за политичка пропаганда (карикатура, 1803 година)

симболи и државни обележја. Некои знамиња, грбови или споменици можат да предизвикаат расправи, бидејќи потсетуваат на личности или настани што различни групи ги доживуваат на различен начин. Во САД, на пример, подолго време се води јавна расправа за тоа дали треба да останат споменициите на генерали од Граѓанската војна кои се бореле за Конфедерацијата. Некои ги бранат како дел од културното наследство, а други ги сметаат за симболи на ропство и расна нееднаквост. Ваквите полемики покажуваат дека различни групи имаат различни сеќавања и емоционални врски со историјата.

## Историјата во учебниците и јавните дебати

Училишните учебници се исто така форма на медиум. Начинот на кој се прикажани историските настани, термините што се користат и изборот на личности влијаат врз тоа како младите ќе го разберат минатото. Во германските учебници, Втората светска војна се обработува со нагласок на одговорноста на нацистичкиот режим, страдањата што ги предизвикал и важноста на помирувањето. Целта е младите Германци да разберат што се случило, зошто се случило и какви последици имало тоа, со намера таквите злосторства никогаш да не се повторат.

Во Велика Британија, подолг период учебниците ја претставувале Британската Империја главно преку позитивни аспекти, како технолошкиот напредок и ширење на англискиот јазик и култура. Дури во поново време почнале да се обработуваат теми како ропството, експлоатацијата и насилството врз локалното население во колониите.

Овие примери покажуваат дека освен што се извор на факти, учебниците се и огледало на тоа како едно општество сака да го разбере и пренесе своето минато.

Историјата често предизвикува јавни контроверзии кога се отвораат чувствителни теми. Во Франција се водат дебати за тоа како треба да се прикаже колонијалното минато во Африка.



Антивоен протест како симбол на мирот



Антивоен протест како закана за редот и мирот

Ист настан, две вистини

Едни бараат извинување и признание на злосторствата, додека други се залагаат за задржување на позитивниот наратив за наводната цивилизациска мисија. Слични расправи постојат и во Белгија, особено во врска со насилствата и експлоатацијата за време на владеењето во Конго. Ваквите дебати се присутни во медиумите, но и во учебниците, филмовите и уметноста, каде што се води расправа за тоа како општеството ќе го памети и разбере своето минато.

Во медиумите, јавните говори и дигиталниот простор, истите настани можат да бидат претставени на повеќе различни начини – во зависност од тоа кој ги пренесува и со каква цел. Затоа е важно учениците да развијат способност да анализираат и да размислуваат критички. Кога ќе научат да препознаваат различни верзии, да забележуваат пристрасност и да поставуваат прашања, стануваат поотпорни на манипулација и способни самостојно да носат заклучоци.

**Провери го наученото**

1. Кои медиуми се спомнуваат како традиционални извори на историски информации?
2. Зошто можат некои содржини на интернет да бидат опасни за историското знаење?
3. Што е пропаганда и како била користена за време на Студената војна?
4. Зошто е важно учениците да развијат критичко размислување при читање историски содржини во медиумите?

# Историјата во популарната култура

Популарната култура е еден од начините преку кои луѓето се среќаваат со историјата во секојдневниот живот. Филмовите, музиката, стриповите и видеоигрите често прикажуваат ликови и настани од минатото. Преку нив се среќаваме со познати личности како Клеопатра, Марко Поло или Наполеон, и со настани како падот на Римското Царство, Француската револуција или светските војни. Но приказните што ги гледаме или слушаме не се секогаш точни. Некои се измислени, други се поедноставени, а трети се прикажани само од еден агол.



Актерката Елизабет Тејлор во улогата на Клеопатра (1963 година)

## Историјата во филмот и телевизиските серии

Многу познати филмови се инспирирани од историски настани и личности. *Храбро срце* ја прикажува борбата за независност на Шкотска, додека *Гладијатор* го претставува судирот меѓу римски генерал и корумпиран император. *Ганди* го прикажува животот на индискиот лидер Махатма Ганди и неговата ненасилна борба за независност, додека *1917* ги следи доживувањата на двајца британски војници за време на Првата светска војна. Иако се засноваат на вистински настани, во овие филмови често се вметнуваат измислени детали со цел да се постигне поголем драмски ефект. На пример, во *Храбро срце* главниот лик носи шкотско карирано здолниште (килт) кое тогаш не постоело, а битките се прикажани како лични одмазди, иако зад нив стоеле сложени политички околности. Филмот остава силен впечаток, но не го доловува целосно минатото.

Слично е и со телевизиските серии. *Круната* ја обработува историјата на британското кралско семејство, додека *Чернобил* се фокусира на нуклеарната катастрофа во СССР во 1986 година. И двете серии се засновани на вистински настани, но содржат измислени дијалози и сцени што служат за нагласување на одредени пораки. Тие можат да поттикнат интерес кај младите за минатото, но и да создадат погрешни претстави ако не се споредат со веродостојни извори.



Вестерн филмовите – романтизирана верзија на историјата на американскиот Див Запад

## Историјата во музиката, стрипот и видеоигрите

Историјата се среќава и во музиката. Во 60-тите и 70-тите години на XX век, многу песни биле поврзани со антивоени протести и со движењата за граѓански права. Песната Среќниот син (*Fortunate Son*) го критикува тоа што сиромашни млади биле праќани во Виетнам, додека богатите ја избегнувале воената обврска. Во хип-хоп музиката често се обработуваат теми за расна дискриминација и историски неправди врз Афроамериканците. Преку таквите песни, историјата станува дел од секојдневното искуство и средство за критика на општеството. Од друга страна, државни химни и маршеви го слават минатото, победите и водачите, и служат за градење национална гордост.

Историските теми често се обработуваат и во стриповите. *Maus* од Арт Шпигелман ја прикажува приказната за Евреин што го преживеал холокаустот, претставен како глушец, додека нацистите се прикажани како мачки. Овој стрип е користен и во наставата, затоа што со едноставни цртежи и силна симболика пренесува силна порака. Друг пример е *Persepolis* – автобиографски стрип за девојка што расте во Иран за време на Исламската револуција. Историјата тука се прикажува од перспектива на обичните луѓе, со што се добива поинаков, личен поглед врз минатото.

Историјата ја има и во видеоигрите. Во *Assassin's Creed*, играчот се движи низ реконструирани историски градови, се среќава со личности како Леонардо да Винчи, Клеопатра или Џорџ Вашингтон, и учествува во настани како Француската револуција. Градовите и зградите се прикажани со голема прецизност, врз основа на историски податоци, но главната приказна е измислена. Некои игри, како *Valiant Hearts*, емотивно го претставуваат страдањето на обичните луѓе во Првата светска војна, додека други, како *Call of Duty*, се фокусираат на акцијата и динамиката на борбите. Овие игри можат да поттикнат интерес за историјата, но истовремено постои ризик таа да се сведе на забава, при што се губи претставата за сериозноста и последиците на вооружените конфликти.

**Дали знаеш дека...**

Во филмовите и телевизиските серии, Викинзите често се претставени како носат шлемови со рогови. Тоа е измислица. Овој приказ потекнува од уметници и сценографи од XIX век, особено од костимографијата за операта Прстенот на Нибелунзите од Рихард Вагнер. Целта била Викинзите да се прикажат како диви и страшни. Но не постои ниту еден археолошки пронајден викиншки шлем со рогови. Оваа слика е создадена за визуелен ефект, а не за историска веродостојност.




Maus – холокаустот во стрип



Сцена од видеоиграта Assassin's Creed

## Алтернативната историја и историјата во уличната уметност

Популарната култура понекогаш ја користи историјата за да замисли алтернативни текови на настаните. Овој пристап е познат под името **алтернативна историја** – жанр што претставува измислена верзија на минатото заснована на претпоставки. Во серијата *Човекот во високата тврдина* се прикажува замислен свет во кој нацистичка Германија и Јапонија победиле во Втората светска војна. Ваквите измислени сценарија не претставуваат вистинска историја, но поттикнуваат размислување за тоа како можеле поинакви одлуки да доведат до сосема различен развој на настаните.

Историските симболи често се користат и во **уличната уметност**. Мурали со претстави на револуционери, како Че Гевара, или графити што потсетуваат на воени злосторства, се дел од политичките пораки што можат да се забележат во многу градови. **Уметнички инсталации**, како *Чевлите на Дунав* во Будимпешта,




Ернесто Че Гевара – една од најраспространетите историски фигури во уличната уметност низ светот

**Прашања за дискусија:**

Филмовите, музиката, стриповите и видеоигрите често ја претставуваат историјата на возбудлив и лесно достапен начин. Но дали тоа што изгледа интересно е и точно? Размисли и дискутирај:

**– Дали е во ред уметниците да менуваат историски факти за да раскажат подобра приказна?**

**– Кога гледаш историски лик во филм или игра, како знаеш дали приказот е точен? Што треба да направиш ако не си сигурен? Кој извор би го проверил?**

служат како форма на колективно сеќавање. Покрај кејот на реката се поставени железни чевли што го обележуваат местото каде што, за време на Втората светска војна, унгарски Евреи биле стрелани и фрлани во водата. Пред егзекуцијата, биле принудени да ги соблечат чевлите. Историјата преку уметноста се пренесува со бои и симболи, а не со зборови. Таа предизвикува размислување, сочувство или протест.

Во некои филмови, одредени групи се претставени на **стереотипен начин**. Римјаните често се прикажани како исклучително сурови, луѓето од средниот век како неписмени, а женските ликови поретко имаат значајна улога. Дел од приказните ја претставуваат европската колонизација како цивилизациска мисија, без да се спомнат насилството, ропството или експлоатацијата. Ваквите поедноставувања водат до погрешни претстави за минатото, особено кога публиката ги прифаќа како факти.

Според многу историчари, не е проблем тоа што популарната култура не ја прикажува секогаш вистината. Проблемот настанува кога луѓето не прават разлика меѓу историски факт и уметничка слобода. Затоа е важно младите да развијат критички пристап и да умеат да препознаат кога некој настан е прикажан заради драматичен ефект, кога има симболично значење и кога е заснован на проверени извори. Филмовите, игрите и музиката можат да бидат добра почетна точка, но не треба да останат единствениот начин за учење историја.

**Истражувај:**

**Одбери филм, песна, видеоигра или стрип што прикажува некој историски настан или личност. Истражи колку од прикажаната е вистинита, а колку измислена.**

**Провери го наученото**

1. Наведи три медиуми преку кои се среќаваме со историјата во популарната култура.
2. На кој начин историските теми се разработуваат во некои стрипови?
3. Што претставува алтернативна историја? Наведи пример.

# Жените во историјата и во современиот свет

## Положбата на жените во минатото

Во текот на историјата, жените често биле исклучени од политичките, економските и образовните процеси кои го обликувале општеството. Тие имале значајна улога во семејството, културата и секојдневието, но нивниот придонес бил занемарен во колективната меморија. Раказите за минатото најчесто се фокусирале на големи владетели и херои, кои речиси секогаш биле мажи. Сепак, преку борбата за права, образование и еднаквост, жените постепено почнале да го менуваат својот статус и да го освојуваат просторот што долго време им бил ускратуван.


Императорката Ву Цетјен – илустрација

Во античките цивилизации, положбата на жените се разликувала во зависност од времето и општествениот поредок. Во Египет, некои жени имале сопствен имот и пристап до политичка моќ. Клеопатра VII била последниот владетел на Птоломејската династија. Позната по својата дипломатија и влијание, таа играла важна улога во односите со Рим. Во Кина, царицата Ву Цетјен е единствената жена што формално владеела како император. Во Рим, жените немале право на власт, но влијателни личности како Ливија Друзила, сопруга на Октавијан Август, учествувале во политиката зад сцената. Во повеќето антички општества, жените биле ограничени на семејни и домашни улоги, без можност за учество во јавниот или политичкиот живот.

Во средниот век, положбата на жените била значително ограничена поради влијанието на Црквата и феудалниот општествен поредок. И покрај тоа, некои жени успеале да се издигнат и да остават трага во историјата. Изабела I од Кастилја одиграла клучна улога во обединувањето на Шпанија и го поддржала патувањето на Кристофер Колумбо. Во Византија, царицата Теодора, сопруга на Јустинијан I, влијаела врз носењето закони што ги подобрувале правата на жените, особено оние од пониските слоеви. Јованка Орлеанка, која за време на Стогодишната војна учествувала во клучни воени акции, сведочи дека жените можеле да имаат важна улога и во војните, иако тоа не добивало секогаш соодветно место во историјата.


Јованка Орлеанка – масло на платно

Во новиот век, жените сè уште се соочувале со ограничувања, но некои успеале да стекнат значајна политичка моќ. Катерина II Велика, царицата на Русија, самостојно управувала со државата и се вбројува меѓу најистакнатите претставници на просветниот апсолутизам.

**Дали знаеш дека...**

Флоренс Најтингел била британска болничарка која во XIX век направила вистинска револуција во грижата за болните. За време на Кримската војна таа ги подобрила условите во воените болници и значително го намалила бројот на смртни случаи. Подоцна основала училиште за болничарки и се залагала за подобра хигиена и здравствена едукација. Се смета за пионерка на современата нега на болни.

## Движења за права и еманципација на жените

Со текот на времето, борбата за признавање на жените како рамноправни членови на општеството добила нова димензија. Во текот на XVIII и XIX век, под влијание на просветителството и револуциите во Европа и Америка, сè повеќе жени почнале да бараат пристап до образование, учество во јавниот живот и политичко право. На почетокот биле исклучени од политичките процеси, на пример од гласачкото право, но не останале пасивни. Во Франција, за време на Француската револуција, Олимпија де Гуж ја објавила „Декларацијата за правата на жената и граѓанката", со која јавно ги поставила прашањата за женската еднаквост. Таа била погубена на гилотина, но нејзината идеја продолжила да живее и да ги инспирира следните генерации.

Во XIX и XX век, борбата за право на глас станала еден од клучните аспекти на женското движење. Оваа борба, позната како суфражетство, била насочена кон остварување на избирачкото право за жените. Активистките што се залагале за оваа цел се нарекувале суфражетки и воделе долга и енергична кампања во многу земји. Освен говори, петиции и јавни собири, дел од нив прибегнувале и кон порадикални методи – штрајкови со глад, прекинување политички настани и симболични напади врз имот. Многу од нив биле уапсени, тепани и јавно исмевани, но не се откажале.



Жена во светот на науката: Марија Кири меѓу највлијателните физичари на XX век



Првиот значаен успех бил постигнат во Нов Зеланд, каде што жените добиле **право на глас** во 1893 година. Во Русија тоа било воведено во 1917 година. Во Велика Британија, жените добиле ограничено избирачко право во 1918, а целосна еднаквост со мажите во 1928 година. Во САД, правото било обезбедено во 1920 година. Во најголем дел од земјите во светот, ова право било признаено дури по Втората светска војна. Во одредени држави, како Саудиска Арабија, тоа се случило во XXI век.

Образованието имало клучно значење во процесот на еманципација на жените. Пристапот до знаење и училишта им овозможил да развијат нови вештини, да се вклучат во науката, културата и јавниот живот и да ја оспорат претставата за жената како помалку способна. **Марија Кири** е еден од највпечатливите примери. Таа добила две Нобелови награди за физика и хемија, а нејзината работа во областа на радијацијата имала големо влијание врз науката. Тој успех отворил можности за многу жени што подоцна се истакнале во научниот свет.

**Истражувај:**

Жената зад откритието

– Истражи една жена научничка, уметница, новинарка или писателка од XX или XXI век која направила нешто значајно, но ретко се спомнува во учебници.

– Напиши краток текст за нејзиниот живот и придонес и претстави го на час.

Паралелно со развојот на образованието, економската независност станала важен дел од борбата за еднаквост. Жените што почнале да работат и да заработуваат свој приход стекнале поголема самостојност и излегле од традиционалната семејна зависност. Индустриската револуција отворила нови можности за вработување, особено во фабриките, но жените продолжиле да добиваат пониски плати и да работат во неповолни услови. Барањата за правична плата и подобри работни услови станале дел од пошироките работнички движења, во кои жените активно учествувале. Истакнатата мислителка Роза Луксембург била активна и во борбата за работнички и за женски права. Нејзиниот ангажман ја поврзал класната борба со прашањето за родова еднаквост.

## Жените во современото општество

Во XX век, улогата на жените во општеството се проширила и на политичко поле. Во многу држави тие добиле право да гласаат и да се кандидираат на избори. Сè повеќе жени станувале пратеници, министри или претседатели на држави. Учествувале во носењето закони и одлуки за прашања кои особено ги засегаат жените, како пристапот до образование, здравствената заштита за мајки и деца, условите за работа и правната заштита од дискриминација.

Некои жени оставиле длабока трага во општествениот развој преку своите идеи и активизам. **Симон де Бовоар**, француска писателка и философка, во делото „Вториот пол" покажала како со текот на времето општеството ја оформувало положбата на жените. Таа тврдела дека „жена не



Симон де Бовоар

се раѓа, *(туку) се* станува", односно дека подредената положба на жената е последица на тоа како општеството ги воспитува и третира девојчињата и жените.



Мајка Тереза

Во текот на XX век, некои жени дале значаен придонес и преку хуманитарна работа. **Мајка Тереза** била католичка мисионерка од Скопје, која голем дел од својот живот го посветила на помош на најсиромашните и најзапоставените. Иако не била дел од политичко движење, нејзиниот труд претставува пример за грижа, посветеност и човечност.

Во различни времиња и општества, жените биле гледани и третирани на различни начини. Во некои средини, традиционалните улоги и верските правила им го ограничувале учеството во јавниот живот. Во други, под влијание на револуции, промени и социјални движења, жените добивале повеќе права и можности. Овие разлики покажуваат дека историјата на жените не е иста насекаде. Таа е сложена, разновидна и зависна од контекстот во кој се одвивала.

Денес, положбата на жените во општеството е резултат на долга историја исполнета со борби, напори и достигнувања. Иако се постигнати значајни промени, сè уште постојат предизвици поврзани со еднаквоста, застапеноста и признавањето на женскиот придонес. Историјата на жените не е додаток на општата историја – таа е нејзин нераздел дел. Без учеството на жените, минатото би било прикажано само делумно.

**Прашања за дискусија:**

Жените што го менуваат светот денес

– Кои жени денес се активни во политиката, науката, уметноста или борбата за човекови права?

– Според тебе, со кои предизвици се соочуваат жените денес? Дали се слични со оние од минатото?

**Провери го наученото**

1. Која била улогата на жените во античките општества, и со кој пример од тоа време се потврдува нивното политичко или општествено влијание?
2. Што претставувало движењето на суфражетките и кои методи ги користеле за да се изборат за право на глас?
3. Што мислела Симон де Бовоар кога рекла „жена не се раѓа, туку се станува"?

# Историјата и идентитетот

## Историјата и градењето на идентитетот

Луѓето развиваат чувство на припадност преку различни животни искуства. Тоа може да биде врзано за семејството во кое растеле, за местото каде што поминале дел од детството, или за заедницата со која подоцна се поврзале. Ова чувство не настанува одеднаш, туку постепено се гради преку секојдневните навики, обичаи, јазикот што го зборуваме, празниците што ги славиме и приказните што ги слушаме.



Запаметени и раскажани настани – основа за личниот и колективниот идентитет

Во таа лична мрежа на искуства, историјата има важна улога. Таа ни помага да разбереме од каде доаѓаме, што преживеале луѓето пред нас, во што верувале и за што се залагале. Преку овие раскажани или запаметени настани се создаваат и личниот и колективниот идентитет, односно претставата за тоа кои сме, со кого се поврзуваме и по што се разликуваме. Еден дел од тој идентитет е и културниот идентитет, односно чувството на припадност кон одредена традиција, јазик, уметност или начин на живот што се негува во заедницата.

## Историјата и заедничките вредности

Историјата не се сведува на збир од датуми и настани. Таа опфаќа и сеќавања што се пренесуваат низ генерации. Колективната меморија, односно заедничкото сеќавање на минатото, има значајна улога во развивањето на чувството на заедништво. Кога државите организираат прослави по повод важни битки, востанија или денови на независност, тие ја истакнуваат важноста на минатото, но во исто време го зацврстуваат заедничкиот идентитет. На пример, Французите го одбележуваат 14 јули, денот на падот



Национален празник – историјата како дел од колективното сеќавање

на Бастилја, како симбол на борбата за слобода, еднаквост и братство. Слична улога имаат и називите на улици, училишта и споменици што го носат името на некоја историска личност. Дури и кога луѓето не се запознаени со нивните биографии, самото споменување создава асоцијации за вредностите што тие личности ги претставуваат во колективната свест.

Историјата има значајна улога и во развивањето **патриотски чувства**. Кога учиме за храброста на борците, за заедничките страдања во војните и за историските победи, се буди чувство на гордост, припадност и почит кон сопствената земја. Токму преку таквите искуства се гради и **националниот идентитет**, односно чувството дека припаѓаме на одреден народ со заедничка историја, јазик и култура. Симболите, како знамето, химната и државните празници исто така придонесуваат за поврзување со заедничката историја. Но, патриотизмот не значи отфрлање на другите. Разбирањето на туѓите страдања и борби отвора простор за емпатија, прифаќање и толеранција. Историјата може да нè научи да гледаме и надвор од сопствениот круг.

**Истражувај:**

Избери една историска личност по која е именувана улица или училиште во твојата околина.

Истражи и одговори на следните прашања:

– Која бил/а и зошто е важен/важна за историјата?

– Што мислиш, кои вредности ги претставува таа личност денес?

– Со каков идентитет се поврзува – културен, верски, национален или друг?

– Дали мислиш дека тоа име влијае на чувството на идентитет кај луѓето што живеат тука? Објасни.

## Историјата и претставата за другите

Идентитетот се формира преку тоа што го сметаме за свое, но и преку начинот на кој ги доживуваме луѓето што се разликуваат од нас. Историјата игра важна улога во обликувањето на тие слики, особено кога станува збор за групи со поинаква вера, јазик, потекло, култура или начин на живот. Во такви случаи, значајна улога има и **верскиот идентитет** – чувството на припадност што произлегува од религијата, верувањата и обичаите поврзани со неа. Во средниот век, на пример, христијанските и муслиманските држави често се гледале меѓусебно како закани. Со текот на времето, ваквите претстави преминале и во образованието, каде што една страна често



„Заклетвата на Хорациите", приказ на патриотизмот како должност кон татковината – масло на платно

била прикажувана како варварска, нецивилизирана или опасна.

Таквиот пристап создал и ширел предрасуди. Постепено, овие предрасуди се претвориле во стереотипи – поедноставени и често неточни претстави за „другите" што лесно се пренесуваат и прифаќаат.

Гледишта со сличен карактер продолжиле да се јавуваат и во поновата историја. Во првата половина на XX век, нацистичката пропаганда ги прикажувала Словените како „ниска раса" и како културно неразвиени. Овие идеи се шиереле преку медиумите, јавните говори и училиштата, а подоцна биле искористени за оправдување на дискриминација, насилство и територијално проширување. Сличен епилог имале и претставите за други групи, како што се Евреите и Ромите, кои биле изложени на системска омраза, прогон и геноцид.



„Потчовек" – нацистички постер што ги претставува жителите на Источна Европа како инфериорни

Минатото нуди можност за зближување дури и кога раскажува за конфликти. Современите општества сѐ повеќе се насочуваат кон начини на учење што поттикнуваат разбирање на различните култури и историски искуства. Ако, на пример, еден ученик во Белгија научи како се формирале фламанскиот и валонскиот идентитет, ќе сфати дека и покрај разликите во јазик и традиции, овие две заедници имаат споделена историја – од борбите за независност до учеството во светските војни. Таквото знаење покажува дека идентитетот се менува со текот на времето и дека заедничкиот живот не само што е можен, туку и пожелен.

Историјата има моќ да гради мостови, но и да создава ѕидови. Исходот зависи од начинот на кој се раскажува. Кога се претставува еднострано, може да доведе до недоверба и поделби. Но кога се прикажуваат различни перспективи, историското учење станува средство за меѓусебно почитување и соживот.

## Прашања за дискусија:

Во германските учебници по историја се учи дека по Втората светска војна, Германија била поделена на Источна и Западна. Во нив се објаснува како луѓето живееле во различни услови, со различни правила, искуства и вредности. Во Источна Германија владеел комунистички систем, додека Западна Германија била дел од капиталистичкиот свет. Овие спротивставени идеологии влијаеле врз секојдневниот живот, слободите и начинот на размислување на луѓето. Сето тоа оставило траги врз нивниот идентитет – на тоа како се чувствувале, што мислеле и со кого се поврзувале.

Во 1990 година, Германија повторно се обединила. Денес, учениците учат дека различните искуства од минатото сè уште имаат влијание, но дека обединета Германија се гради врз вредности што треба да ги споделуваат сите нејзини граѓани.

**– Како влијаеле различните политички системи во Источна и Западна Германија врз идентитетот на луѓето?**

**– Што ни покажува германскиот пример за тоа како може историјата да влијае врз изградбата на заеднички идентитет?**

**– Мислиш ли дека заеднички идентитет може да се изгради и покрај различни искуства од минатото? Објасни.**

## Провери го наученото

1. Кои фактори придонесуваат за градење на личниот и колективниот идентитет?
2. Каква улога има историјата во градење на идентитетот?
3. Што значи патриотизам и зошто тој не треба да значи отфрлање на другите?

# Историското паметење во дигитална ера

## Дигитализација на историјата

Историското знаење најпрво се пренесувало усно, преку митови, легенди и преданија, а подоцна почнало да се бележи преку пишани извори. Со текот на времето, неговото чување и проучување било поврзано со архиви, книги, енциклопедии, учебници и музеи. Денес, начинот на кој ја чуваме, учиме и доживуваме историјата се менува со голема брзина. Благодарејќи на дигитализацијата, историските податоци стануваат достапни преку интернет. Ракописи, книги, документи, фотографии и видеозаписи што порано биле сместени во библиотеки и архиви, сега можат да се прегледуваат онлајн од кој било дел на светот. Овој пристап го олеснува користењето на изворите и придонесува за зачувување на историското паметење.

Скенирањето и дигиталната обработка на стари книги, списанија и весници го прават културното наследство подостапно од кога било досега. Учениците може да прочитаат весник објавен за време на Француската револуција или да споредуваат реклами и карикатури од различни времиња. Овој пристап ја збогатува наставата и овозможува директен допир со историјата.

Онлајн-архивите и виртуелните музеи играат важна улога во овој процес. Корисниците можат да разгледуваат експонати, да читаат информации и да се движат низ дигитални галерии без потреба од физичко присуство. На тој начин се овозможува поширок пристап до светското културно наследство, особено за оние што немаат можност да патуваат. Меѓутоа, со тоа се губи дел од автентичноста што ја носи непосредната средба со предметите. Контактот со оригиналите



Виртуелна прошетка низ Ватиканските музеи

предизвикува чувство што тешко може да се замени со дигитален приказ.

Новите алатки отвораат можности за поинаков начин на прикажување на минатото. Со 3D-реконструкции може да се визуализираат антички градови и историски настани. Денес може виртуелно да се прошета низ Мачу Пикчу, да се разгледаат пирамидите во Гиза или да се доживее римскиот Колосеум во времето кога таму се одржувале борби. Аугментираната реалност прикажува текстови и слики што се поврзани со споменици или објекти, при што на екранот се појавуваат дополнителни информации. Виртуелната реалност создава чувство на присуство, како да се наоѓаме на уличките на античкиот град Помпеја или во некој средновековен замок. Овие технологии го прават учењето повозбудливо и поблиско до младите генерации.



Аугментирана реалност

Иако дигиталното искуство носи значајни придобивки, постојат суштински разлики во однос на традиционалното учење. При читање книги или посета на музеј, потребни се трпеливост, концентрација и подлабоко размислување. Дигиталните медиуми, напротив, се темелат на брзина, кратки информации и визуелни ефекти. Ова може да го направи учењето попривлечно, но понекогаш доведува до погрешно или површно разбирање на историските теми. Доколку учениците се потпираат само на видеа или содржини од социјалните мрежи, лесно може да се соочат со дезинформации. Затоа е клучно да се развива критичко мислење, способност за проверка на факти и препознавање сигурни извори, како што се учебниците, историската литература и музејските поставки.

## Историјата во време на вештачка интелигенција

Вештачката интелигенција веќе се применува во работата со историски податоци. Таа може да распознае ракописи, да пребарува низ обемни бази и да открие поврзаности меѓу настани. Се користи и за преведување, обновување оштетени текстови и изработка на интерактивни музејски водичи. Иако е многу корисна, понекогаш произведува погрешни резултати или создава искривена слика, особено ако работи со нецелосни податоци. Алгоритмите не можат да ја заменат улогата на историчарите, но можат да им помогнат ако се користат внимателно.



## Соживување со иднината

### Вештачката интелигенција и иднината

Вештачката интелигенција (ВИ) се користи за читање ракописи, преведување стари текстови, дигитализирање архиви и создавање визуелни реконструкции на минатото. Благодарејќи на тоа, историјата станува подостапна и поразбудлива. Но со тие можности доаѓаат и ризици: ВИ може да направи грешки, да измисли „факти" или да создаде лажни слики и видеа што изгледаат уверливо. Во иднина историјата би можела да биде обликувана од алгоритми, исто како и од историчари.

Замислувањето на иднината често се поврзува со научна фантастика, која претставува светови во кои ВИ и другите технологии ги менуваат луѓето и општеството. Некои од тие визии се утопии т.е. иднина во која технологијата ни овозможува подобар и поправеден живот. Други се дистопии – општества во кои технологијата води кон манипулација, контрола и губење на вистината.

Замисли ја иднината:

– Опиши како би изгледал еден историски музеј во 2060 година што користи вештачка интелигенција.

– Може ли ВИ да ја направи историјата подобро разбирлива, или постои опасност да создаде историска фантастика, наместо вистина?

– Замисли дека си историчар/ка во иднината. Како би се уверил/а дека она што го истражуваш е вистинито, а не измислица од ВИ?

Дигиталните податоци бараат постојана грижа. Хартиените документи можат да опстојат со векови, но дигиталните записи се многу поранливи. Ако не се одржуваат внимателно, постои ризик софтверите да застарат, уредите да откажат, а вредните информации засекогаш да исчезнат. Зачувувањето на дигиталното минато бара одговорен однос кон дигиталната




Вештачката интелигенција е корисна алатка во работата со историски податоци

култура и свест дека податоците не се трајни ако не се чуваат внимателно.

Историјата во дигиталната ера добива нови форми. Таа е побрза, поразновидна и поблиска до секој што има интернет. Токму затоа е важно учениците да научат да ја користат внимателно и со разбирање. Традиционалните и дигиталните начини на учење не се спротивставени. Кога се комбинираат, овозможуваат подлабоко разбирање на минатото и поцврста основа за иднината.

## Историјата и иднината

Историјата не служи само за да го објасни она што се случило во минатото. Таа ни помага подобро да го разбереме светот во кој живееме и да предвидиме што може да се случи во иднина. Кога гледаме на сегашноста низ **историска перспектива**, можеме да препознаеме сличности со минати настани и да замислиме можни последици од денешните одлуки.

На пример, Втората светска војна покажа што може да произлезе кога раните знаци на опасност се занемаруваат, а агресивните идеи, нетрпеливоста и екстремизмот добиваат простор. Резултатот беше глобален судир со милиони човечки жртви и огромно уништување. Токму затоа, денес постојат меѓународни организации кои се обидуваат навреме да реагираат при кризи и да го зачуваат мирот. Слично, пандемиите од минатото, како чумата или шпанскиот грип, дале поука за тоа колку е важна брзата реакција и соработката меѓу државите. Тие искуства се покажаа корисни и при справувањето со пандемијата на ковид-19, кога земјите повторно се соочија со глобален здравствен предизвик.

Историјата покажува дека општествените промени не се случуваат одеднаш. Тие се резултат на идеи, борби и донесени одлуки. Некои избори довеле до развој и слобода, а други предизвикале војни, поделби и страдања. Разбирањето на овие процеси

### Дали знаеш дека...

По катастрофата во Чернобил во 1986 година, светот сфати колку е важно навремено и јавно да се информира за нуклеарни несреќи. Советските власти тогаш доцнеле со предупредувањата, што довело до поголема штета и човечки жртви.

Ова искуство довело до нови меѓународни правила за транспарентност и безбедност. Кога во 2011 година се случила нуклеарната несреќа во Фукушима, јапонските власти реагирале брзо и поотворено, токму затоа што историјата им покажала што може да се случи ако јавноста не биде навреме информирана.

### Прашања за дискусија:

„Оние што не ја учат историјата се осудени да ја повторат, а оние што ја учат се осудени немо да гледаат како сите други ја повторуваат."

Оваа иронична изрека често се поврзува со улогата на историчарите во општеството. Таа предупредува дека непознавањето на минатото води до повторување на грешките, но истовремено изразува разочараност: дури и кога некој знае што може да се случи, тоа не значи дека ќе биде слушнат.

– Што мислиш, зошто луѓето понекогаш ги игнорираат поуките од историјата, иако последиците се добро познати?

– Дали сметаш дека историјата има моќ да ја обликува иднината, или само да нѐ предупредува за тоа што може да се случи?

– Ако можеш да ги научиш другите една лекција од историјата, која би била таа, и зошто?



Виртуелна реалност

нè поттикнува да размислуваме критички, да ги согледуваме различните гледишта и да препознаваме што води кон напредок, а што кон криза. Токму тука доаѓа до израз потребата од **мултиперспективност** — способноста да ги гледаме настаните од повеќе агли.

Историјата е алатка што ни помага да ја разбереме сегашноста и појасно да размислиме за иднината. Таа нè учи да не носиме брзи заклучоци, туку внимателно да се прашаме како се прикажуваат одредени настани, зошто се претставуваат на тој начин, и какви поуки можеме да извлечеме. Таквиот начин на размислување ни овозможува да замислиме поодржлива и поправедна иднина, заснована на искуството од минатото.

Историјата не може да ни открие што точно ќе се случи, но ни покажува дека иднината зависи од изборите што ги правиме.

**Провери го наученото**

1. Како придонесува дигитализацијата за зачувување и користење на историското паметење?
2. Зошто е важно да се развива критичко мислење кога се користат дигитални извори за историја?
3. Наведи еден пример во кој искуството од минатото помогнало да се избегне повторување на истите грешки.

АКТИВНОСТ:

## Младите и историјата

Во различни времиња и општества, младите играле важна улога во историјата. Понекогаш биле жртви, кога биле присилени да работат, да учествуваат во војни или да прифаќаат туѓи идеи без можност за критичко размислување. Таков пример е младината на Хитлер, каде што младите биле користени за поддршка на нацистичката идеологија. Во други случаи, младите се појавувале како предводници на промени, организирани во младински движења. Протестирале за мир, еднаквост и слобода, како хипи-движењето или учениците вклучени во борбата за граѓански права. Преку музика, забава, графити и културни изрази, младите често го искажувале својот став и го менувале општеството околу себе. Историјата покажува дека младите луѓе можат да бидат и инструмент за контрола, но и симбол на отпор и промена.

**Подготовка:**

Работете во групи. Секоја група добива една од следните улоги:

- Млади фабрички работници во Велика Британија за време на Индустриската револуција (детски труд, борба за подобри услови)
- Ученици во 1960-тите кои бараат подобро образование (младинска иницијатива)
- Млади кои организираат музички фестивал како симбол на слобода (на пр. Вудсток)
- Млади денес кои преку графити, музика или видеа изразуваат став за неправди

**Задача:**

Претставете го ставот на вашата група преку краток текст, сцена, дигитална презентација или постер.

**Одговорете:**

- За што се залагаме?
- Како го изразуваме нашиот став?
- Каква е реакцијата на општеството?

**Презентација:**

- Секоја група претставува во 2-3 минути.

**Дискусија:**

Што покажуваат овие примери за улогата на младите низ историјата? Дали младите денес имаат поголемо влијание од порано? Дали и вие би се приклучиле на младинско движење и зошто?

# Библиографија


Андерсон, Бенедикт. *Замислени заедници: размислувања за потеклото и ширењето на национализмот.* Скопје: Култура, 1998.

Бурк, Питер. *Ренесанса.* Скопје: Еин-Соф, 2001.

Еванс, Ричард Ј. *Во одбрана на историјата.* Скопје: Арс Ламина, 2012.

Елијаде, Мирча. *Историја на верувањата и на религиските идеи, Том 1-3.* Скопје: Табернакул, 2005.

Јелавич, Барбара. *Историја на Балканот, том. 1: осумнаесетти и деветнаесетти век.* Скопје: Лист, 1999.

Кар, Едвард Халет. *Што е историјата?* Скопје: Слово, 2001.

Острогорски, Георги. *Историја на Византија.* Скопје: Наша книга, 1992.

Саракински, Војислав. *Историја на Стариот Исток.* Скопје: Универзитет „Св. Кирил и Методиј" - Филозофски факултет, 2017.

Хобсбаум, Ерик. *Нациите и национализмот по 1780: програма, мит, стварност.* Скопје: Култура, 1993.

Bailyn, Bernard. *The Ideological Origins of the American Revolution.* Harvard University Press, 1967.

Bloh, Mark. *Feudalno društvo.* Zagreb: Naprijed, 1958.

Boardman, John et al. (eds). *The Oxford History of Greece and the Hellenistic World.* Oxford: Oxford University Press, 1991.

Burbank, Jane – Cooper, Frederick. *Empires in World History: Power and the Politics of Difference.* Princeton: Princeton University Press, 2021.

Calvocoressi, Peter. *World Politics Since 1945.* Harlow: Pearson Longman, 2009.

Chandler, David. G. *The Campaigns of Napoleon, vol. 1.* New York: Scribner, 1966.

de Groot, Jerome. *Consuming History: Historians and Heritage in Contemporary Popular Culture.* London and New York: Routledge, 2016.

Dear, Peter. *Revolutionizing the Sciences: European Knowledge and its Ambitions, 1500-1700.* Princeton: Princeton University Press, 2001.

Doyle, William. *The Oxford History of the French Revolution.* Oxford: Oxford University Press, 1989.

Durant, Will and Ariel. *The Story of Civilization, vol. 7. The Age of Reason Begins: A History of European Civilization in the Period of Shakespeare, Bacon, Montaigne, Rembrandt, Galileo, and Descartes: 1558-1648.* New York: Simon and Schuster, 1961.

Durant, Will and Ariel. *The Story of Civilization, vol. 8. The Age of Louis XIV: A History of European Civilization in the Period of Pascal, Molière, Cromwell, Milton, Peter the Great, Newton, and Spinoza: 1648-1715.* New York: Simon and Schuster, 1963.

Durant, Will. *The Story of Civilization, vol. 6. The Reformation: A History of European Civilization from Wycliffe to Calvin, 1300-1564.* New York: Simon and Schuster, 1957.

Gaddis, John Lewis. *The Cold War: A New History.* New York: The Penguin Press, 2005.

Goldie, Mark – Wokler, Robert (eds). *The Cambridge History of Eighteenth-Century Political Thought.* Cambridge: Cambridge University Press, 2006.

Hansen, Valerie. *The Silk Road: A New History.* Oxford: Oxford University Press, 2012.

Heather, Peter. *Empires and Barbarians: The Fall of Rome and the Birth of Europe.* Oxford: Oxford University Press, 2010.

Hobsbawm, Eric. *The Age of Capital: 1848-1875.* London: Weidenfeld & Nicholson, 1975.

Hobsbawm, Eric. *The Age of Extremes: The Short Twentieth Century 1914-1991.* London: Abacus, 1994.

Hobsbawm, Eric. *The Age of Revolution: 1789-1848.* London: Weidenfeld & Nicholson, 1962.

Hodgson, Marshall G. S. *The Venture of Islam, Vols. 1-3.* Chicago: The University of Chicago Press, 1974-1977.

Hoskins, Andrew. *Digital Memory Studies: Media Pasts in Transition.* London and New York: Routledge, 2017.

Israel, Jonathan I. *Radical Enlightenment: Philosophy and the Making of Modernity: 1650-1750.* Oxford: Oxford University Press, 2001.

Landes, David S. *The Unbound Prometheus: Technological Change and Industrial Development in Western Europe from 1750 to the Present.* Second Edition. Cambridge: Cambridge University Press, 2003.

Lefebvre, Georges. *The French Revolution: From its Origins to 1793.* London and New York: Routledge, 2001.

Lowenthal, David. *The Past is a Foreign Country: Revisited.* Cambridge: Cambridge University Press, 2015.

Macmillan, Margaret, *Paris 1919: Six Months That Changed the World.* New York: Random House Publishing Group, 2002.

Mallory, J. P. *In Search of the Indo-Europeans: Language, Archaeology and Myth.* London: Thames and Hudson, 1989.

Manning, Patrick – Trimmer, Tiffany. *Migration in World History. Second Edition.* London and New York: Routledge, 2013.

Nauert, Charles G. *Humanism and the Culture of Renaissance Europe.* University of Missouri Press, 2006.

Osterhammel, Jürgen. *The Transformation of the World: A Global History of the Nineteenth Century.* Princeton: Princeton University Press, 2015.

Parry, J. H. *The Age of Reconnaissance: Discovery, Exploration and Settlement: 1450-1650.* London: Cardinal, 1973.

Potter, David S. (ed.). *A Companion to the Roman Empire.* Wiley-Blackwell, 2006.

Riley-Smith, Jonathan. *The Crusades: A History.* Yale University Press, 2005.

Roberts, J. M. *A History of Europe.* New York: Allen Lane, 1997.

Roisman, Joseph – Worthington, Ian. *A Companion to Ancient Macedonia*. Wiley-Blackwell, 2010.

Rosenstein, Nathan – Morstein Marx, Robert (eds). *A Companion to the Roman Republic*. Wiley-Blackwell, 2010.

Scott, H. M. *Enlightened Absolutism: Reform and Reformers in Later Eighteenth-Century Europe*. London: Macmillan Education Ltd, 1990.

Smith, Bonnie G. *Women's History in Global Perspective, vols. 1-3*. Urbana and Chicago: University of Illinois Press, 2004.

Southern, R. W. *Western Society and the Church in the Middle Ages*. Harmondsworth: Penguin Books, 1970.

Taylor, A. J. P. *The Origins of the Second World War*. New York: Simon and Schuster, 1996.

Taylor, A. J. P. *The Struggle for Mastery in Europe 1848-1918*. Oxford: Clarendon Press, 1954.

*The New Cambridge Medieval History, Vols. 1-7*. Cambridge: Cambridge University Press, 1995-2005.